Институт
за
европска
политика.
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ЗА ПОГЛАВЈЕ 23

ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ 2024 – СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ЗА ПОГЛАВЈЕ 23

## ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ 2024 – СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА

Издавач:
Институт за европска политика – Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Рецезентка:
Ивана Петковска

Уреднички:
д-р Ардита Абази-Имери
Ангела Делевска-Радевска

Авторки:
Беба Жагар
Ардита Вејсели

Графички дизајн и печатење:
Релатив

Скопје„ декември 2025 година

Овој извештај е подготвен во рамките на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската унија. Содржината на овој извештај е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската унија.

# Содржина


Список на кратенки....4

Вовед....5

Методологија....6

1. Правосудство....7
   - Стратешки документи....8
   - Управувачки тела....10
   - Независност и непристрасност....14
   - Одговорност....18
   - Професионалност и надлежност....20
   - Квалитет на правда....25
   - Ефикасност....29
     - ТАБЕЛА: Преглед на избори, унапредувања и кадровски процеси во правосудството за перидодот октомври 2024 – септември 2025....31

2. Борба против корупцијата....33
   - Институционална рамка....36
     - Државна комисија за спречување на корупцијата....36
     - Јавно обвинителство....40
   - Правна рамка....46
     - ТАБЕЛА: Клучни индикатори за борба против корупцијата (2024-2025)....48

3. Темелни права....49
   - Судска практика на Европскиот суд за човекови права....50
   - Народен правобранител....53
   - Тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување....55
   - Затвори и притвори....56
   - Заштита на лични податоци....58
   - Слобода на изразување....61
   - Јавен радиодифузен сервис....64
   - Притисок врз новинари....65
   - Правата на детото....67
   - Ранливи групи и начелото на недискриминација....68
   - Комисија за спречување и заштита од дискриминација....69
   - Правата на лицата со попреченост....71
   - Род....73
   - Говор на омраза....76
     - Дела од омраза....77
   - ЛГБТИ+....77
   - Роми....79
     - ТАБЕЛА: Клучни институционални индикатори (темелни права)....82
     - ТАБЕЛА: Тематски индикатори (тортура, медиуми, деца, ЛГБТИ, Роми, говор на омраза)....84

Библиографија....87

# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ААВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| АЗЛП | Агенција за заштита на лични податоци |
| АКМИС | Автоматизиран компјутерски менаџмент информатички систем |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| БДП | Бруто домашен производ |
| ВЈО | Вишо јавно обвинителство |
| ВСРСМ | Врховен суд на Република Северна Македонија |
| ГРЕКО | Група држави против корупцијата |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕНЕР | Единствен национален електронски регистар на прописи |
| ЕПИ | Институт за европска политика |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕУ | Европска унија |
| ЈОРСМ | Јавно обвинителство на Република Северна Македонија |
| ИКТ | Информатичко-комуникациска технологија |
| КЗ | Кривичен законик |
| КСЗД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| ЛГБТИ | Лезбиска, геј, бисексуална, транс и интерсексуална заедница |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЗД | Мрежа за заштита од дискриминација |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МРТ | Македонска радио-телевизија |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ОДИХР | Канцеларија за демократски институции и човекови права |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОЈО-ГОКК | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| САД | Соединети Американски Држави |
| УНИЦЕФ | Фонд за деца на Обединети нации |
| ХКЧП | Хелсиншки комитет за човекови права |

# Вовед

Овој извештај во сенка ги обединува во единствена кохерентна целина сите наоди, заклучоци и препораки што произлегоа од следењето на областите содржани во Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права. Ова е јубилеен, десетти ваков извештај што го објавува Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, земајќи ги предвид коментарите и мислењата на државните институции и невладините организации. Претходните девет извештаи ги покриваа следните периоди: октомври 2014 година – јули 2015 година,[1] јули 2015 година – април 2016 година,[2] мај 2016 година – јануари 2018 година,[3] јуни 2018 година – март 2019 година,[4] април 2019 – март 2020 година,[5] април 2020 – септември 2021 година,[6] октомври 2021 – септември 2022 година,[7] октомври 2022 – септември 2023 година[8] и октомври 2023 – септември 2024 година.[9]

Извештајот го опфаќа периодот од почетокот на октомври 2024 година, заклучно со крајот на септември 2025 година. Во извештајот се прикажани податоци што се релевантни и пред октомври 2024 година, доколку тие биле потребни за контекстуализација или за појаснување на новостите од тековниот извештаен период, а се релевантни за него. Периодот на опфат на извештајот соодветствува на извештајниот период на Европската комисија (ЕК) за Република Северна Македонија (РСМ). Овој нацрт-извештај ја следи структурата на Поглавјето 23, согласно извештајот на ЕК. На крајот на секоја област во рамка се издвоени препораки.

Извештајниот период беше одбележан во знак на спроведувањето на Реформската агенда на Република Северна Македонија на Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан,[10] која претставува сеопфатен пакет мерки за постигнување на предвидените цели во приоритетните области договорени со ЕК, меѓу кои е и владеењето на правото.

Овој извештај во сенка е изготвен во рамките на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“. Проектот е финансиран од Европската унија и има цел да помогне во креирањето на одржливи реформи за владеење на правото во насока на пристапувањето во Европската унија.

1 Неда Чаловска и др., „Правосудството и темелните права во Република Македонија“, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2015, https://epi.org.mk/docs/Analiza_Mreza.pdf.

2 Неда Чаловска, Воислав Стојановски и Александар Јовановски, „Извештај во сенка за Поглавје 23 за периодот од јули 2015 до април 2016 година“, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2016, https://epi.org.mk/docs/Izvestaj_mk.pdf.

3 Велимир Деловски и др., „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот од мај 2016 до јануари 2018 година“, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 2018, https://epi.org.mk/docs/Mreza23_izvestaj%20vo%20senka_2018.pdf.

4 Ива Цоневска и др., „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот јуни 2018 – март 2019 година“, 2019.

5 Ива Цоневска и Исмаил Камбери, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот јуни 2019 – март 2020“, Институт за европска политика – Скопје, 2020, https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/Izvestaj_vo_senka_2020.pdf.

6 Ива Цоневска Вангелова и Исмаил Камбери, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот април 2020 – септември 2021“, Институт за европска политика – Скопје, 16 декември 2021, https://epi.org.mk/post/20027.

7 Ангела Делевска и Беба Жагар, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022“, 29 декември 2022, https://epi.org.mk/post/23011.

8 Ангела Делевска и Беба Жагар, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2022 – септември 2023“, 29 декември 2023, https://epi.org.mk/post/25518.

9 Ангела Делевска и Беба Жагар, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2023 – септември 2024“, 29 декември 2024, https://epi.org.mk/post/30562.

10 „Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027“, Министерство за европски прашања, 6 ноември 2024, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/reformska-agenda-na-severna-makedonija-2024-2027-godina-file-Nhp6.pdf.

# Методологија

При подготвувањето на овој извештај беше применета методологијата за следење на областите што се фокус на работа на „Мрежа 23“ – Правосудство, борба против корупција и темелни права,[11] изработена во 2015 година и веќе применета на претходните извештаи. Таа вклучи истражување на официјалните извори на државните и правосудните институции, анализа на медиумското известување за одредени случувања во овие области во предметниот период, како и преглед на многубројни анализи и извештаи подготвени од граѓански организации. Дополнително, беа користени податоци добиени преку барања за пристап до информации од јавен карактер, за дел од кои сѐ уште се очекуваат одговори.

За подготовка на овој извештај во сенка беа направени и консултации со граѓански организации, државни институции и експерти. Најнапред беа направени консултации за доставување на релевантни анализи, извештаи и истражувања поврзани со Поглавјето 23. Потоа, на 22 декември 2025 година се одржа дискусија за нацрт-верзијата на извештајот, што овозможи да се добие значителен, суштински придонес на претставниците на релевантните државни, правосудни институции и граѓански организации во финализацијата на овој документ, со што нивните забелешки, видувања и коментари се вградени во овој извештај во сенка.

Дел од податоците и случувањата опфатени во овој извештај се подетално прикажани и анализирани во кварталните извештаи за владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ, кои, редовно, во текот на целата година, ги објавуваме на нашата интернет-страница, достапни на следниот линк: https://epi.org.mk/cat/mesecni-izvestai.

11 Наталија Шикова (уред.), „Методологија за мониторинг и евалуација на јавните политики од Поглавјето 23 – правосудство и фундаментални права од законодавството на Европската унија“, Центар за управување со промени, https://epi.org.mk/docs/Metodologija_mk.pdf.

# 1. Правосудство

Во областа на правосудството, и во овој извештаен период, вниманието беше насочено кон спроведувањето на судските реформи и спроведувањето на препораките од Оценската мисија на Европската унија (ЕУ) за работата на Судскиот совет. Овие препораки претставуваат важен ориентир за унапредување на функционирањето на Советот и се делумно интегрирани во Развојната секторска стратегија за правосудството (2024-2028)[12] со Акциски план,[13] како и во Реформската агенда на Република Северна Македонија во рамките на Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан.[14]

Развојната секторска стратегија за правосудството претставува еден од клучните стратешки документи што треба да служи како водилка за спроведување на реформите насочени кон зајакнување на независноста, ефикасноста и отчетноста на судството. Во тој контекст, извештајот го анализира придонесот на правосудните институции во изминатиот период кон зајакнување на судската независност и почитувањето на начелото на владеење на правото, како и степенот на усогласеност на реформските процеси со европските стандарди и acquis communautaire. Истовремено, извештајниот период беше анализиран и од аспект на спроведувањето на Реформската агенда на ЕУ, односно на опфатените приоритетни мерки во областа на владеењето на правото.

12 „Развојна секторска стратегија за правосудство (2024-2028)", Министерство за правда, декември 2023, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/strategiii-file-luvL.pdf.

13 „Акциски план за спроведување на Развојна секторска стратегија за правосудство (2024-2028)", Министерство за правда, 2023, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/strategiii-file-u1gU.pdf.

14 „Реформска агенда на Република Северна Македонија 2024-2027".

## Стратешки документи

Развојната секторска стратегија за правосудство (2024-2028) со Акцискиот план беше официјално претставена на јавноста на 28 декември 2023 година, од страна на министерот за правда и претседателот на работната група која ја подготви стратегијата.[15] На средината на 2025 година, Министерството за правда јавно објави годишен извештај за 2024 година за спроведувањето на Стратегијата. Минатата година беше планирано почнување на спроведување на вкупно 152 активности, од кои 24 се целосно спроведени, во тек е спроведувањето на 69 активности, а не се спроведени 57 активности. Најголем напредок се забележува во првата (Судство и јавно обвинителство во согласност со стандардите на ЕУ) и втората приоритетна област (Институции на правосудниот систем), каде што стапката на реализација надминува 60%.[16] Стратегијата се базира на искуствата и оценките од спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудниот сектор (2017-2022),[17] продолжувајќи го реформскиот процес. Дополнително, таа ги адресира клучните прашања идентификувани од Европската комисија во скрининг-извештајот за Кластер 1, „Темелни вредности", поврзани со судството.[18] Во стратегијата се интегрирани и препораките од Оценската мисија на Европската унија за работата на Судскиот совет, заедно со препораките од обуката за судии и јавни обвинители и управната правда и извршувањето. Стратегијата, изработена со вклученост на академската заедница и релевантни граѓански организации, со поддршка од Проектот на ЕУ за владеење на правото, идентификува пет приоритетни области што се меѓусебно поврзани: 1) судство и јавно обвинителство во согласност со стандардите на ЕУ; 2) институции на правосудниот систем; 3) самостојни професии и јавни служби; 4) реформа на Уставниот суд на Република Северна Македонија; 5) реформи во посебни правни области – кривична и граѓанска. Во Акцискиот план на Стратегијата се поставени реални временски рокови со логично поставен редослед на спроведување на активностите. Планот вклучува и мерки за носење закони во области надвор од правосудството што се во надлежност на Министерството за правда, како што се: реформа на Изборниот законик за усогласување со препораките на ОБСЕ/ОДИХР; реформа на Законот за финансирање на политички партии и негово усогласување со реформите во Изборниот законик; носење закон за регулирање на правична и соодветна застапеност. Сепак, Акцискиот план не предвидува конкретно буџетирање за планираните активности, што претставува значаен недостаток.[19] Владата на Република Северна Македонија во мај 2024 година донесе одлука за формирање на

15 „Стратегијата за развој на правосудниот систем е патоказ за враќање на довербата на граѓаните во судството", Макфакс, 2023, https://bit.ly/3NE4NZx.

16 „Годишен извештај за спроведувањето на развојната секторска стратегија за правосудство 2024-2028 во 2024 година", Министерство за правда, април 2025, https://portal.mdt.gov.mk/p

17 Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година со Акциски план (2017), http://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Strategija%20i%20akciski%20plan_MK-web.pdf.

18 „Скрининг извештај за Република Северна Македонија Кластер 1 – Темели" (Screening Report North Macedonia Cluster 1 – Fundamentals), Европска комисија, 20 јули 2023, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-07/MK%20Cluster_1%20Draft%20screening%20report_external%20version.pdf.

19 Ангела Делевска и Беба Жагар, „Извештај во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2023 – септември 2024", Институт за европска политика, 2024, https://epi.org.mk/post/30562.

Советот за следење на реформите во правосудството[20] и беше одржана конститутивна седница.[21] Сепак, по промената на власта, во јуни 2024 година беше избран нов министер за правда[22] и на десетти септември 2025 година,[23] нов Совет за следење на реформите во правосудството, кој има мандат да го следи спроведувањето на Развојната секторска стратегија за правосудството (2024-2028) со Акциски план и Реформската агенда 2024-2027 во делот 5: Темелни вредности/Владеење на правото, одржа конститутивна седница во делумно променет состав. Членови на Советот се високи претставници на Владата, правосудни институции, граѓански сектор и експерти.[24] Со формирањето на овој совет што го обединува следењето на двата погоренаведени документи, тој ќе овозможи координиран пристап до преземените мерки и активности во насока на напредокот на државата, ќе обезбеди усогласеност и континуитет на реформите во правосудството и ќе претставува тело кое ќе обезбеди транспарентност, континуитет и отчетност во процесот на спроведување на реформите. Советот има задача да го следи спроведувањето на реформите, да алармира кога институциите не ги постигнуваат очекуваните резултати и да дава стручни мислења преку своите членови – експерти од правосудството, академијата и граѓанскиот сектор. Стратешката рамка е формално усогласена со реформските документи на Владата и со европските приоритети, но спроведувањето останува ограничено поради недостиг на јасни индикатори и недоволна координација меѓу институциите. Советот за следење на спроведувањето на Стратегијата е воспоставен, но останува да се видат резултатите од неговата работа во следниот период.

Во овој извештаен период, сè уште не се забележани значителни активности за подобрување на состојбата со човечките ресурси преку спроведувањето на Стратегијата на човечки ресурси за судската мрежа[25] и Стратегијата на човечки ресурси за јавнообвинителската мрежа.[26] Неопходни се прецизни проекции за човечките ресурси што недостигаат во судовите и јавните обвинителства низ државата, како и алокација на соодветни финансиски средства за пополнување на тие празнини.[27]

**Министерството за правда треба да ја унапреди и да ја обезбеди редовната работа на Советот за следење на спроведувањето на Развојната секторска стратегија за правосудство (2024-2028) и Реформската агенда на Република Северна Македонија во рамките на Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан;**

20 „Конститутивна седница на Советот за следење на реформите во правосудството", ТВ 24, 10 септември 2025, https://24.mk/details/konstitutivna-sednica-na-sovetot-za-sledenje-na-reformite-vo-pravosudstvoto.

21 Исто.

22 „Собранието го избра новиот владин кабинет", официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 23 јуни 2024 година, https://www.sobranie.mk/ns-newsarticle-sobranieto-go--izbra-noviot-vladin-kabinet.nspx.

23 „Конститутивна седница на Советот за следење на реформите во правосудството", 24.mk, 10 септември 2025, https://24.mk/details/konstitutivna-sednica-na-sovetot-za-sledenje-na-reformite-vo-pravosudstvoto.

24 „Конститутивна седница на Советот за следење на реформите во правосудството", Македонска радио-телевизија, 10 септември 2025, https://www.mrt.com.mk/node/132783.

25 „Стратегија на човечки ресурси за судската мрежа", септември 2020, https://bit.ly/3trhzNE.

26 „Стратегија на човечки ресурси за јавнообвинителската мрежа", октомври 2020, https://bit.ly/3GcekBs.

27 „Придонес во рамки на дискусијата за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2024 – септември 2025 година", официјална интернет-страница на Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, 22 декември 2025, https://www.facebook.com/share/p/17WPZc72Mj/.

**Неопходно е да се спроведува редовна евалуација на активностите и мерките предвидени со Стратегијата, со цел да се утврди нивото на нивно спроведување и потребата од ревидирање на Акцискиот план, како и да се продолжи јавното известување за спроведувањето на Стратегијата и Акцискиот план;**

**Неопходни се прецизни проекции за човечките ресурси што недостигаат во судовите и јавните обвинителства низ државата, како и алокација на соодветни финансиски средства за пополнување на тие празнини.**

## Управувачки тела

Судскиот совет остана во фокусот на јавноста поради настаните што се случија во текот на извештајниот период. На втори декември 2024 година, претседателката на Судскиот совет поднесе неотповиклива оставка од функцијата, наведувајќи недостиг на поддршка за унапредување на состојбите во судството, како и континуирани притисоци и опструкции од страна на извршната власт.[28] Во тој контекст беа посочени јавни изјави на високи владини претставници, како и негативни ставови кон Судскиот совет, неговите членови и судиите генерално.[29] По оставката, на 510. седница одржана на трети јануари 2025 година, Судскиот совет едногласно, со 13 гласа „за", избра нов претседател на Советот, кој беше единствен кандидат предложен од редот на членовите избрани од судиите.[30] Дополнително, по истекот на мандатот на заменик-претседателот во јуни 2025 година, на 524. седница одржана на четврти јуни 2025 година беше избран нов заменик-претседател, избран на непосредни избори од редот на судиите припадници на заедниците кои сочинуваат повеќе од 20% од населението.[31]

Во однос на другите промени во составот, на 11 декември 2024 година беа одржани избори за двајца членови на Судскиот совет од апелациското подрачје Штип и за член од редот на судиите припадници на заедниците над 20%. Притоа беа избрани двајца судии – еден од Апелациониот суд Скопје и еден од Апелациониот суд Штип, со мандат од шест години. Во рамките на изборниот процес, Судскиот совет ја примени препораката на Оценската мисија, јавно објавувајќи ги биографиите на сите кандидати, при што беа евидентирани пет кандидати за апелациското подрачје Штип и еден кандидат од редот на судиите припадници на заедниците над 20%.[32]

28 „Соопштение за јавност", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4aizVXS.

29 Исто.

30 „Записник од 510. седница на Судскиот совет на РСМ", Судски совет на Република Северна Македонија, 3 јануари 2025, https://bit.ly/4qeUrNO.

31 „Записник од 524. седница на Судскиот совет на РСМ", Судски совет на Република Северна Македонија, 4 јуни 2025, https://bit.ly/44tc04j.

32 „Записник од 524. седница на Судскиот совет на РСМ", Судски совет на Република Северна Македонија, 4 јуни 2025, https://bit.ly/49c5ph8.

Дополнително, во јули 2025 година истече мандатот на еден член на Судскиот совет предложен од претседателката на државата.[33] Претседателката го одложи предлагањето на нов член, образложувајќи дека ќе се почека донесувањето на новиот Закон за Судскиот совет,[34] поради што Советот во извештајниот период функционира со намален состав од 12 члена.

Беше актуелна и интерпелацијата поднесена од група пратеници во Собранието за петте члена на Судскиот совет кои не се судии – тројца избрани од Собранието и двајца предложени од Претседателот на државата. Интерпелацијата беше поднесена во февруари 2025 година поради наводна негрижа, нарушување на угледот на судиите и загрозување на довербата на јавноста во судството. На 11 март 2025 година, Собранието, на 40. пленарна седница, ги изгласа интерпелациите за сите пет члена, со заклучок дека тие не уживаат доверба за вршење на функцијата. И покрај тоа, ниту еден од засегнатите членови не поднесе оставка.[35]

Од друга страна, во ноември 2024 година, Министерството за правда формираше работна група за измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет, составена од судии, универзитетски професори, членови на Судскиот совет, претставници на граѓанскиот сектор и Министерството за правда.[36] Мандатот на работната група беше да ги вметне препораките на Оценската мисија на ЕУ во нов законски текст, како и да ги исполни реформските чекори предвидени во Реформската агенда со рок до јуни 2025 година. По изготвувањето на нацрт-законот, беа организирани јавни расправи во сите четири апелациски подрачја, по што предлог-законот беше објавен на ЕНЕР[37] и доставен до Венецијанската комисија за мислење.[38] Со предлог-законот се предвидуваат зајакнати критериуми за избор на членови на Судскиот совет, особено за оние што се избираат од Собранието и по предлог на претседателот на државата. Прецизирани се критериумите за „истакнат правник", во насока на зајакнување на транспарентноста, интегритетот и професионалниот кредибилитет на кандидатите. Дополнително, законот воведува јасна постапка за разрешување на претседателот на Судскиот совет и подетално ја уредува одговорноста на членовите на Советот, како реакција на случајот од 2023 година, кога одлуката за разрешување беше поништена од Управниот суд. Согласно препораките на Оценската мисија, се намалува прагот за подигнување на дисциплинска постапка од 20 на најмалку 10 судии и се воведува можност за поведување на управен спор пред Управниот суд за судиите на кои им е изречена дисциплинска мерка или разрешување.

33 „Сиљановска-Давкова ќе го чека новиот закон за Судски совет, па потоа ќе предложи нов член", Радио Слободна Европа, 8 јули 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33467246.html.

34 Исто.

35 40. седница на Собранието, Собрание на Република Северна Македонија, 11 март 2025, https://www.sobranie.mk/detali-na-sednica.nspx?sittingId=a12327be-4550-4161-9bd9-fa6b3b48ee07.

36 „Формирани работни групи за измени на законот за Судскиот совет и Кривичниот законик", ТВ 24, 23 јануари 2025 година, https://24.mk/details/formirani-rabotni-grupi-za-izmeni-na-zakonot-za-sudskiot-sovet-i-krivichniot-zakonik.

37 „Предлог на Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија", Единствен национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија, https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=84282.

38 "North Macedonia – Opinion on the draft law on the Judicial Council," Official website of Venice Commssion of the Council of Europe, https://www.coe.int/en/web/venice-commission/-/cdl-ad-2025-026-e.

Иако Реформската агенда предвидуваше донесување на новиот Закон за Судскиот совет до јуни 2025 година, до моментот на известување тој сè уште не е донесен.

Во однос на преостанатите препораки на Оценската мисија на ЕУ од 2023 година, кои не бараат уставни или законски измени и директно зависат од работата на Судскиот совет, нотирано е дека нивното спроведување и понатаму се соочува со предизвици. Иако овие препораки претставуваат значаен дел од вкупните препораки, нивната реализација е во голем дел делумна и главно ограничена на измени на подзаконски акти. Дел од препораките останаа неспроведени и поради отсуство на согласност за нови вработувања од страна на Министерството за финансии, што, меѓу другото, го одложи спроведувањето на препораката за вработување портпарол за односи со јавноста во Судскиот совет. Дополнително, иако беше препорачано јавно објавување на биографиите на кандидатите и ранг-листите при избор на судии во повисок суд, во текот на извештајниот период Судскиот совет не ги објави овие информации, и покрај спроведените изборни постапки. Исто така, иако беа направени измени на Деловникот за работа на Судскиот совет со кои се предвидува учество на претставници на Здружението на судии и граѓанските организации при разгледување на Годишниот извештај за работата на Судскиот совет,[39] оваа одредба не беше доследно применета. Имено, на 521. седница, одржана на 30 април 2025 година, на која се разгледуваше Годишниот извештај за работата на Судскиот совет за 2024 година, не беа поканети претставници на Здружението на судии и граѓанските организации.[40]

За време на извештајниот период, по истекот на мандатот на претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија (ВСРСМ), на десетти март 2025 година, на 517. седница, Судскиот совет со 13 гласа „ЗА“ назначи судија од ВСРСМ за вршител на должност претседател на ВСРСМ.[41] По спроведената постапка за избор, Судскиот совет, на 523. Седница, одржана на 26 мај 2025 година, го избра новиот претседател на ВСРСМ со 8 гласа „ЗА“.[42] Иако одлуката беше донесена во мај и не беа поднесени приговори од другиот кандидат, свечената изјава и официјалното преземање на функцијата се одржаа подоцна, на трети јули 2025 година.[43]

Во однос на Советот на јавните обвинители, во текот на извештајниот период беа избрани двајца нови членови од страна на Собранието, од редот на универзитетски професори по право, адвокати и други истакнати правници. Првиот член беше избран на пленарна седница на десетти декември 2024 година, а вториот на 24 јуни 2025 година.[44]

39 Деловник за изменување и дополнување на деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 117/2024.

40 Ивана Петковска и Лејла Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2025 година“, „Коалиција 'Сите за правично судење'“ (необјавен).

41 „Записник од 517. седница на Судскиот совет на РСМ“, Судски совет на Република Северна Македонија, 10 март 2025, https://bit.ly/44sLIPz.

42 „Записник од 523. седница на Судскиот совет“, Судски совет на Република Северна Македонија, 26 мај 2025, https://bit.ly/3L4gyaH.

43 Свечена изјава на претседателот на Врховен суд на Република Северна Македонија и претседателот на Основен суд Крушево, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 4 јули 2025 година, https://bit.ly/3XX1FK7.

44 Материјали од Собрание, https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=efd6f74b-8ee8-45b7-aa4d-61ea8cd78ba1.

Дополнително, мандатот на претседателката на Советот на јавните обвинители истекува на први октомври 2025 година, при што, согласно Законот за јавното обвинителство, мандатот трае две години без право на повторен избор.[45] Во овој контекст, Советот закажа седница на 30 септември 2025 година, на која како точка на дневен ред беше предвиден избор на нов претседател. По предлог на член на Советот, изборот беше одложен поради локалните избори, со цел да се избегне перцепција на политичко влијание, по што Советот едногласно одлучи заменик-претседателот да продолжи да раководи со Советот до изборот на нов претседател.[46]

Дополнително, во јавноста беше забележана и постапката иницирана од Владата за разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија. Имено, на седница одржана на 11 февруари 2025 година, Владата го задолжи Министерството за правда да почне активности за поведување постапка за разрешување.[47] Согласно Законот за јавното обвинителство, Советот на јавните обвинители е надлежен да даде позитивно или негативно мислење по ваков предлог. Па, така, на седницата одржана на втори април 2025 година, Советот, повикувајќи се на член 10-а став 2 од Законот за Советот на јавните обвинители, донесе одлука јавноста да биде исклучена од расправата по предлогот. На истата седница, со шест гласа „ЗА“ и три гласа „ПРОТИВ“, Советот донесе негативно мислење по однос на предлогот за разрешување. По трагичниот настан во Кочани, Владата одлучи постапката да ја прекине поради чувствителноста на ситуацијата и да ја продолжи по завршувањето на локалните избори во ноември 2025 година.[48]

**Потребно е доследно спроведување на препораките на Оценската мисија од страна на Судскиот совет, како и спроведување на Акцискиот план за Развојната стратегија за реформи во правосудството;**

**Потребно е воспоставување на стандарден формат за детални образложенија на одлуките на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители;**

**Потребно е донесување и спроведување на измените на Законот за Судски совет и Законот за Советот на јавни обвинители во согласност со препораките на Оценската мисија на ЕУ и Венецијанската комисија;**

**Неопходно е завршување на почнатата постапка за разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и почнување постапка за избор на нов Јавен обвинител.**

45 Закон за Советот на јавните обвинители, Службен весник на РСМ, бр. 150/2007 од 12.12.2007, 100/2011, 42/2020.

46 „Соопштение од 28. седница на Советот на јавните обвинители“, 30 септември 2025, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-od-odrzhana-28-ma-sednica/.

47 „Владата почна постапка за разрешување на државниот обвинител Љупчо Коцевски“, ТВ Телма, 11 февруари 2025, https://telma.com.mk/2025/02/11/vladata-pochna-postapka-za-razreshuvane-na-drzhavniot-obvinitel-lupcho-koczevski/.

48 „Владата ќе ја прекине постапката за разрешување на Коцевски независно од мислењето од Советот на јавни обвинители“, 360 степени, 26 март 2025, https://360stepeni.mk/vladata-ke-ja-prekine-postapkata-za-razreshuvane-na-kotsevski-nezavisno-od-misleneto-od-sovetot-na-javni-obviniteli/.

## Независност и непристрасност

Покрај одредени позитивни поместувања, транспарентноста во работењето на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители и понатаму не достигнува задоволително ниво.

Во текот на извештајниот период беше забележан умерен напредок кај Судскиот совет, особено во однос на редовното објавување на известувања за одржување на седниците и донесените одлуки, како и преку континуираното емитување на седниците во живо преку интернет, што овозможува јавен увид во работата на Советот.[49] Дополнително, поставувањето екран во салата за седници, на кој јавно се прикажува начинот на гласање на членовите (ЗА или ПРОТИВ), претставува значаен чекор кон унапредување на транспарентноста и отчетноста.[50] Сепак, Судскиот совет и понатаму нема вработено лице за односи со јавноста поради недостаток на финансиски средства за таа позиција.[51] Иако редовно се објавуваат соопштенија и информации за тековното работење, отсуството на професионален портпарол значително ја ограничува комуникацијата со медиумите и граѓанските организации, особено во чувствителни ситуации што предизвикуваат значаен јавен интерес. Во таа насока, препораката на Оценската мисија за воспоставување на функционална комуникациска структура останува неисполнета. Дополнително, иако во јуни 2024 година беше донесена Комуникациска стратегија на Судскиот совет и судовите на Република Северна Македонија (2024-2028),[52] таа не се применува во практиката.[53]

Во однос на образложеноста на одлуките на Судскиот совет, и понатаму е евидентно дека препораката на Оценската мисија за детално, аргументирано и индивидуализирано образложување не е целосно спроведена. Образложенијата најчесто се кратки, генерички и повторливи, особено при изборот на судии во повисок суд. Наместо анализа заснована на конкретни професионални резултати, мерливи индикатори и релевантни податоци, дискусиите се сведуваат на формални констатации и субјективни процени, што ја ограничува транспарентноста и проверливоста на донесените одлуки.[54]

Во однос на транспарентноста во работењето на Советот на јавните обвинители, во извештајниот период на интернет-страницата редовно се објавуваат кратки соопштенија со информации за донесените одлуки и другите активности на Советот. Сепак, и понатаму останува релевантно прашањето за доследно почитување на законската обврска за навремено информирање на јавноста преку објавување соопштение најдоцна три дена пред одржување на седниците. Во оваа насока, забележано е делумно подобрување

49 Ивана Петковска и Лејла Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2025 година".

50 Исто.

51 „Придонес во рамки на дискусијата за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2024 – септември 2025 година".

52 „Комуникациска стратегија на Судскиот совет и судовите на Република Северна Македонија (2024-2028)", Судски совет на Република Северна Македонија, 10 јуни 2024, https://bit.ly/3NEgpf1.

53 Исто.

54 Исто.

во споредба со претходната година, кога овој рок не беше испочитуван кај приближно три четвртини од мониторираните седници, иако не станувало збор за итни случаи. Во тековниот извештаен период, соопштенијата биле објавени навремено за 12 седници, додека за 13 седници законскиот рок повторно не бил испочитуван.[55]

Во овој извештаен период беше нотирано назначувањето на член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ (АСЈО) од страна на Управниот одбор на Академијата. Согласно член 19 од Законот за АСЈО, член на Програмскиот совет може да биде раководен државен службеник од Министерството за правда со најмалку осум години работно искуство во областа на правосудството и положен правосуден испит.[56] Сепак, назначеното лице било ангажирано како посебен советник на министерот за правда, позиција што не се квалификува како раководна државна служба согласно Законот за административни службеници, туку претставува ангажман на определено време согласно Законот за вработените во јавниот сектор.[57] Дополнително, претходната политичка ангажираност и неодамнешната кандидатура за пратеник отворија сериозни прашања во однос на перцепцијата на независност и непристрасност на АСЈО, имајќи ја предвид нејзината клучна улога во изборот и обуката на идните судии и јавни обвинители.[58] По реакциите од граѓанскиот сектор, назначениот член поднесе оставка од позицијата член на Програмскиот совет.[59]

Независноста на судството е нераскинливо поврзана со неговата финансиска независност, која и понатаму претставува сериозен предизвик. Како и во претходните години, и во овој извештаен период не беа обезбедени финансиски средства за судската власт во согласност со законските одредби.[60] Според податоците на Судскиот совет, за 2025 година судскиот буџет изнесува 0,29% од БДП, што директно влијае врз капацитетите на судството и одржливоста на реформите.[61] Дополнително, Министерството за финансии не даде согласност за продолжување на вработувањата на определено време во 2025 година,[62] што директно влијае врз кадровската состојба и оперативната способност на судовите. Воедно, АСЈО сè уште нема добиено согласност од страна на истото министерство за почнување на IX генерација слушатели (кандидати) за судии и јавни обвинители.[63] Доколку продолжи ваквиот пристап, постои реален ризик од сериозно нарушување на функционирањето на судовите и јавните обвинителства, особено имајќи ги предвид

55 Придонес кон извештајот од страна на Коалицијата „Сите за правично судење“.

56 Закон за Академија за судии и јавни обвинители, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 129/23 и 53/24.

57 „Филков ќе го разгледува именувањето на неговиот посебен советник за член на програмскиот совет на АСЈО“, ТВ Телма, 7 јули 2025, https://telma.com.mk/2025/07/07/filkov-go-pravda-izborot-na-negoviot-poseben-sovetnik-za-chlen-na-programskiot-sovet-na-asjo/.

58 „Загрозување на независноста и законитоста на Академијата за судии и јавни обвинители“, официјална интернет-страница на Блупринт групата за реформи во правосудството, 4 јули 2025, https://bit.ly/3Yw4m5y.

59 Исто.

60 Судски совет на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“.

61 Исто.

62 „Соопштение од 254. седница на Судски буџетски совет – 27.08.2025 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 27 август 2025 година, https://bit.ly/3MLNq8x.

63 „Известување“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 2025, https://bit.ly/4r56JJ0.

алармантните податоци според кои во последните пет години бројот на судии е намален за приближно четвртина.[64]

Дополнителен аспект што ја поткопува независноста на судската власт се јавните изјави на претставници на извршната власт во однос на работата на судиите и јавните обвинители, вклучително и за тековни („живи“) судски предмети. Во тој контекст, претседателот на Владата изјави дека по локалните избори ќе се најдат правни механизми со цел да се обезбеди обвинителите и судиите да постапуваат согласно Уставот и законите, независно од изнесените критики.[65] Ваквите изјави директно се косат со начелото на судска независност и создаваат политички притисок врз правосудството. Во таа насока, Судскиот совет објави соопштение за јавноста во кое се спротивстави на користењето на судството за дневнополитички цели.[66]

Во однос на присуството на членовите на седниците, во овој извештаен период е нотирано дека Судскиот совет одлучувал во полн состав, односно со присуство на членовите со право на глас (со исклучок на министерот за правда и претседателот на ВСРСМ), на вкупно 13 седници. На дополнителни 14 седници беше евидентирано отсуство на поединечни членови, главно поради здравствени причини или користење на годишен одмор.[67]

Советот на јавните обвинители, пак, постапувал во полн состав на 12 седници, додека на 13 седници било забележано отсуство на еден или на повеќе членови. Анализирано вкупно, 52% од мониторираните седници биле одржани во услови на отсуство на најмалку еден член. Притоа, на пет од овие седници отсутен бил исклучиво Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, како член по функција, додека на преостанатите осум седници отсуствувале други членови на Советот.[68]

### Дигитализација на правосудството и АКМИС

Стратегијата за информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи (ИКТ-стратегија) истече во 2024 година,[69] по што Министерството за правда најави подготовка на нова ИКТ-стратегија во соработка со проектот на ЕУ за „Владеење на правото“. Во однос на работата на Советот за ИКТ, во текот на 2024 година беа одржани две седници. Во ноември 2024 година, министерот за правда донесе нов Правилник за составот и начинот на работа на Советот за координирање на информатичко-комуникациската

64 Лејла Тутиќ, „Анализа на состојбата со човечките ресурси во судовите и јавните обвинителства во РСМ“, Коалиција „Сите за правично судење“, (необјавена).

65 „По локалните избори ќе најдеме правни механизми, мора да имаме судии и обвинители кои работат според закон, кажа Мицкоски“, Сакам да кажам, 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/po-lokalnite-izbori-mora-da-imame-sudii-i-obviniteli-koi-rabotat-spored-zakon-kazha-mitskoski/.

66 „Соопштение“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 25 септември 2025 година, https://bit.ly/4qb0QJB.

67 Ивана Петковска и Лејла Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2025 година“.

68 Исто.

69 „Стратегија за информатичко-комуникациска технологија во правосудството за 2019-2024 година“, Министерство за правда, февруари 2019, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/strategiii-file-bikP.pdf.

технологија во правосудните органи,[70] а на 26 декември 2024 година и Одлука за негово основање.[71] Конститутивната седница на новоформираниот Совет за ИКТ се одржа на 27 јануари 2025 година, па во овој извештаен период Советот одржа вкупно десет седници.[72]

Во однос на распределбата на предметите во јавните обвинителства, систем за електронска, автоматизирана распределба сè уште не е воспоставен. Согласно Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства, предметите се распределуваат по редослед на пристигнување во писарницата, по што, по нивното заведување во соодветниот записник, електронски се доделуваат на надлежниот јавен обвинител. Според податоците на ЈОРСМ, во тек се активности насочени кон унапредување и подобрување на постојниот систем за управување со предмети (Case Management System), со цел зголемување на ефикасноста и функционалноста на системот.[73]

Комисијата за надзор над работата на АКМИС во судовите постапуваше согласно претходно донесениот План за надзор над судовите, донесен согласно Законот за управување и движење на предметите во судовите. Во текот на 2025 година беше извршен надзор во сите судови во Република Северна Македонија, додека во 2024 година надзор беше спроведен во 19 судови.[74]

**Потребно е зајакнување на институционалните и човечките капацитети на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, со цел обезбедување на јасни, аргументирани и индивидуализирани образложенија на донесените одлуки;**

**Неопходно е намалување на политичкото влијание врз работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, и врз судството воопшто;**

**Неопходно е доследно спроведување на Комуникациската стратегија на Судскиот совет и судовите на Република Северна Македонија (2024-2028), назначување портпарол на Судскиот совет за односи со јавноста и редовно информирање на јавноста од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители;**

**Потребно е доследно спроведување на законската рамка за финансиска независност на судството, преку целосна примена на Законот за судски буџет и релевантните одредби од Законот за јавното обвинителство;**

**Потребно е Министерството за финансии да обезбеди согласност за почнување на нова генерација слушатели во Академијата за судии и јавни обвинители.**

70 Правилник за составот и начинот на работа на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 242/2024.

71 „Одлука за основање на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи", Министерство за правда, 26 декември 2024, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/sovet-za-ikt-vo-pravosudnite-organi-file-DOGn.pdf.

72 Министерство за правда на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер".

73 Исто.

74 Исто.

## Одговорност

Законот за Судскиот совет и Законот за судовите ја уредуваат постапката за утврдување на одговорност на судиите и претседателите на судови. Во текот на извештајниот период биле поднесени вкупно 159 барања за утврдување на судиска одговорност.[75] Од нив, Судскиот совет донел одлука за запирање на постапката во 22 предмети, додека во три случаи биле изречени дисциплински мерки. Во однос на дисциплинска санкција – разрешување од судиската функција, Судскиот совет во овој период разрешил двајца судии.[76]

Во текот на извештајниот период особено внимание привлече одлуката на Судскиот совет од мај 2025 година, со која беше разрешен судија на Апелациониот суд Скопје поради сторена потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен за вршење на судиската функција.[77] Во барањето за утврдување одговорност беше наведено дека Стејт департментот на Соединетите Американски Држави јавно го посочил конкретниот судија како лице инволвирано во значителна корупција, поврзана со примање поткуп во предмети од висок јавен интерес, поради што тој беше ставен на т.н. „црна листа“.[78] Дополнително, беше забележано и разрешувањето судија од Основниот суд Кавадарци поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Според наодите на Судскиот совет, судијата остварил вкупно 95 телефонски повици со обвинет во предмет што го постапувал, по што донел пресуда, што претставува сериозно нарушување на професионалните стандарди и судиската етика.[79] Во овој контекст, Основното јавно обвинителство (ОЈО) Велес на 27 јуни 2025 година поднесе обвинителен предлог против судијата за кривично дело „Несовесно работење во службата“ од член 353-в став 4 од Кривичниот законик (КЗ).[80]

Во однос на дисциплинската одговорност на јавните обвинители, во извештајниот период биле почнати шест постапки за утврдување на дисциплинска одговорност, додека еден јавен обвинител бил разрешен.[81] Имено, Советот на јавните обвинители донесе одлука со која ја потврди одлуката на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија за оддалечување од функцијата на Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство (ВЈО) Скопје, сметано од 11 ноември 2024 година, за времетраењето на кривичната постапка против него. Во таа насока, на деветти септември 2025 година, ОЈО Штип поднесе обвинение против наведениот Виш јавен обвинител за сторени кривични

75 Судски совет на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“.

76 Исто.

77 „Соопштение за јавност“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 2025, https://bit.ly/4pJ0Voi.

78 „Одлука за разрешување на судија Е.Б.“, Судски совет на Република Северна Македонија, 2025, https://bit.ly/4oWeFuE.

79 „Одлука за разрешување на судија Л.Н.“, Судски совет на Република Северна Македонија, 2025, https://bit.ly/4s0DW9C.

80 „На 23 септември почнува судењето на разрешениот судија Лазар Нанев во Велешкиот Суд, обвинет е за несовесно работење во службата“, Сакам да кажам, 2025, https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/na-23-septemvri-pochnuva-sudeneto-na-razresheniot-sudija-lazar-nanev-vo-veleshkiot-sud-obvinet-e-za-nesovesno-rabotene-vo-sluzhbata/.

81 Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“.

дела „Малтретирање во вршење на службата“ по член 143 и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ по член 353 став 1 од КЗ.[82] Според обвинението, во периодот од септември 2023 година до 24 октомври 2024 година, обвинетиот, за време на работното време, упатувал закани и вршел континуирано психичко насилство врз пет вработени во ВЈО Скопје. Дополнително, заедно со друг јавен обвинител, во периодот од јануари 2023 до август 2024 година, како соизвршители, при постапување по одредени предмети ја злоупотребиле службената положба и овластувањето, со преземање дејства со кои ги пречекориле границите на своите надлежности.[83]

Постапувајќи на овој начин, обвинетите не ја извршувале службената должност согласно член 7 од Законот за јавното обвинителство, односно функцијата јавен обвинител ја вршеле незаконито, пристрасно и субјективно, без соодветна заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот и на правата на другите правни субјекти, со намера да овозможат стекнување имотна корист за трети лица, со што потешко ги повредиле правата на странките во повеќе постапки. Со оглед на утврдените тешки дисциплински повреди, Комисијата достави предлог до Советот на јавните обвинители за негово разрешување. Во однос на другиот јавен обвинител од ВЈО Скопје, Комисијата утврди дека тој нестручно и несовесно постапил во четири предмети во кои се откажал од жалба или обвинение, поради што му беше изречена дисциплинска мерка – намалување на платата во висина од 30% во времетраење од шест месеци, сметано од правосилноста на решението.[84]

**Судскиот совет треба да обезбеди конзистентност, пропорционалност и предвидливост при водењето на постапките за утврдување одговорност на судија и претседател на суд, со цел зајакнување на правната сигурност и довербата во дисциплинските механизми;**

**Во постапките за утврдување одговорност неопходно е доследно почитување на стандардите за фер и правично постапување, вклучително и јасни, аргументирани и индивидуализирани образложенија на донесените одлуки;**

**Потребно е понатамошно зајакнување на институционалните и професионалните капацитети на Судскиот совет, особено во делот на подготовка и образложување на одлуките за дисциплинска одговорност на судиите.**

82 „ОЈО Штип однесе обвинение за малтретирање во вршење на службата и злоупотреби“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 2025, https://jorm.gov.mk/ojo-shtip-podnese-obvinenie-za-maltretirane-vo-vrshene-na-sluzhbata-i-zloupotrebi/.

83 Исто.

84 „Предлог за разрешување на вишиот обвинител Мустафа Хајрулахи, а за обвинителот Јове Цветаноски 30 отсто помала плата 6 месеци, одлучи дисциплинската комисија на обвинителството“, Сакам да кажам, 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/predlog-za-razreshuvane-na-vishiot-obvinitel-mustafa-hajrulahi-a-za-obvinitelot-jove-tsvetanoski-30-otsto-pomala-plata-6-mesetsi-odluchi-distsiplinskata-komisija-na-obvinitelstvoto/.

## Професионалност и надлежност

Во овој извештаен период, централно место зазема функционирањето на системот за регрутација, избор и унапредување судии и јавни обвинители, со посебен акцент на VIII генерација слушатели на АСЈО, која во февруари 2025 година ги доби уверенијата за успешно положен завршен испит.[85] Генерацијата брои вкупно 97 кандидати, од кои 50 кандидати за судии и 47 за јавни обвинители, што ја прави најбројната генерација од основањето на Академијата.[86]

По завршувањето на обуката, Судскиот совет и Советот на јавните обвинители објавија огласи за пополнување на слободните места во основните судови и основните јавни обвинителства низ државата. Судскиот совет, на 514. седница, одржана на шести февруари 2025 година, донесе одлука за објавување оглас за избор на судии во основните судови,[87] со кој беа опфатени вкупно 50 судиски места во повеќето судови низ земјата,[88] согласно проекцијата што Судскиот совет претходно ја доставил до АСЈО при почнувањето на обуката на VIII генерација. Првиот избор на судии по овој оглас беше извршен на 517. седница одржана на десетти март 2025 година.[89] Меѓутоа, на 11 март 2025 година, Судскиот совет повторно објави оглас за избор на дополнителни судии во основните судови,[90] со кој беа опфатени нови судиски места, надвор од првично утврдената бројка.[91] По спроведената постапка, на 521. седница, одржана на 30 април 2025 година,[92] Судскиот совет изврши избор на дополнителни судии: двајца судии во Основен суд Велес, еден судија во Основен суд Струга, седум судии во Основен граѓански суд и девет судии во Основен кривичен суд, со што вкупниот број на избрани судии од редот на кандидатите на VIII генерација достигна 68, иако првично утврдената потреба изнесуваше 50 судиски места.

85 „Академијата за судии и јавни обвинители со гордост ги претстави 97 кандидати за судии и јавни обвинители", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 2025, https://bit.ly/48Yvzme.

86 Исто.

87 Огласот се однесуваше на пополнување на следните испразнети места за судии: четири судии на Основен суд Прилеп; еден судија на Основен суд Велес; еден судија на Основен суд Кавадарци; еден судија на Основен суд Струга; четири судии на Основен суд Битола; тројца судии на Основен суд Штип; еден судија на Основен суд Струмица; тројца судии на Основен суд Куманово, еден судија на Основен суд Делчево; еден судија на Основен суд Струмица, еден судија на Основен суд Крива Паланка; двајца судии на Основен суд Гевгелија; еден судија на Основен суд Свети Николе; еден судија на Основен суд Кочани; пет судии на Основен суд Гостивар: еден судија на Основен суд Кичево; двајца судии на Основен суд Охрид; четири судии на Основен суд Тетово; шест судии на Основен кривичен суд Скопје и шест судии на Основен граѓански суд Скопје.

88 „Записник од 514. седница на Судскиот совет на РСМ", Судски совет на Република Северна Македонија, 2025, https://bit.ly/4oU2a2z.

89 „Записник од 517. седница на Судскиот совет на РСМ", Судски совет на Република Северна Македонија, 2025, https://bit.ly/3YBdWnG.

90 „Записник од 518. седница на Судскиот совет на РСМ", Судски совет на Република Северна Македонија, 2025, https://bit.ly/4oXuOju.

91 Огласот се однесуваше на пополнување на следните испразнети места за судии: еден судија на Основен суд Берово, двајца судии на Основен суд Велес, еден судија на Основен суд Виница, шест судии на Основен граѓански суд Скопје, девет судии на Основен кривичен суд Скопје, еден судија на Основен суд Делчево, еден судија на Основен суд Кавадарци, двајца судии на Основен суд Кичево, двајца судии на Основен суд Кочани, еден судија на Основен суд Кратово, еден судија на Основен суд Крива Паланка, еден судија на Основен суд Неготино, еден судија на Основен суд Радовиш, еден судија на Основен суд Струмица, двајца судии на Основен суд Струга и двајца судии на Основен суд Штип.

92 „Записник од 521. седница на Судскиот совет на РСМ", Судски совет на Република Северна Македонија, 2025, https://bit.ly/3XVobmL.

За разлика од ваквиот пристап, Советот на јавните обвинители постапуваше порестриктивно и во рамките на утврдените проекции. На шести февруари 2025 година, Советот објави оглас за избор на 47 јавни обвинители во основните јавни обвинителства,[93] при што слободните места беа распределени во повеќе обвинителства низ државата.[94] На седницата одржана на седми март 2025 година на која се вршеше изборот на јавните обвинители, иако огласот предвидуваше избор на 47 јавни обвинители, пријавени беа 39 кандидати, од кои дел со некомплетна документација или со повлечени пријави, поради што Советот донесе одлука за избор на 28 јавни обвинители во 10 основни јавни обвинителства.[95] Поради непополнетите места, Советот на јавните обвинители на 12 март 2025 година повторно објави оглас за избор на јавни обвинители.[96] Во соопштението по овој повод, Советот укажа дека, согласно Законот за АСЈО, Судскиот совет и Советот на јавните обвинители самостојно го утврдуваат бројот на потребни кадри, а Управниот одбор на АСЈО ја определува големината на генерацијата врз основа на тие проекции. Во конкретниот случај, проекциите за VIII генерација предвидувале 50 судии и 47 јавни обвинители, што резултирало со генерација од вкупно 97 кандидати. Сепак, дополнителните огласи и избори за судии спроведени од страна на Судскиот совет, надвор од првично утврдената бројка, отворија сериозни прашања во однос на усогласеноста со одлуките на Управниот одбор на АСЈО и влијанието врз функционирањето на јавното обвинителство, АСЈО и пошироката институционална соработка. Во таа насока беше најавено дека за овие состојби ќе бидат информирани Министерството за правда, АСЈО и ЈОРСМ.[97] На седницата одржана на осми мај 2025 година, Советот на јавните обвинители изврши нов избор по вториот објавен оглас, при што беше избран само еден јавен обвинител во ОЈО Скопје.

Во однос на унапредувањето на судиите и јавните обвинители во повисоките судови и јавни обвинителства, и во овој извештаен период беа спроведени повеќе постапки, кои повторно отворија прашања поврзани со доследноста во примената на критериумите, почитувањето на ранг-листите, транспарентноста и квалитетот на образложувањето на донесените одлуки.

Судскиот совет изврши избор на судии во повеќе повисоки судови: двајца судии во Апелациониот суд Гостивар, тројца судии во Апелациониот суд Штип, четири судии во Апелациониот суд Битола, десет судии во Апелациониот суд Скопје и тројца судии во ВСРСМ.

93 „Оглас за избор на јавни обвинители", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 2025, https://sjorm.gov.mk/oglas-za-izbor-na-javni-obviniteli/.

94 Огласот се однесуваше на пополнување на следните испразнети места за јавни обвинители: 14 јавни обвинители во ОЈО Скопје, двајца јавни обвинители во ОЈО Гевгелија, еден јавен обвинител во ОЈО Крива Паланка, тројца јавни обвинители во ОЈО Куманово, еден јавен обвинител во ОЈО Велес, двајца јавни обвинители во ОЈО Битола, тројца јавни обвинители во ОЈО Охрид, тројца јавни обвинители во ОЈО Прилеп, еден јавен обвинител во ОЈО Ресен, еден јавен обвинител во ОЈО Струга, двајца јавни обвинители во ОЈО Гостивар, двајца јавни обвинители во ОЈО Кичево, четири јавни обвинители во ОЈО Тетово, тројца јавни обвинители во ОЈО Штип, еден јавен обвинител во ОЈО Радовиш, еден јавен обвинител во ОЈО Делчево, еден јавен обвинител во ОЈО Кочани и двајца јавни обвинители во ОЈО Струмица.

95 „Одлука за избор СОИ, бр. 3/25", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 2025, https://sjorm.gov.mk/odluka-za-izbor-soi-br-3-25/.

96 „Оглас за избор на јавни обвинители", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 2025, https://sjorm.gov.mk/oglas-za-izbor-na-javni-obviniteli-2/.

97 Исто.

При изборот во Апелациониот суд Гостивар, на огласот се пријавиле шест кандидати, од кои еден ја повлекол пријавата, по што на конечната ранг-листа останаа пет кандидати. Судскиот совет ги избра првите двајца најдобро рангирани кандидати, без отстапување од ранг-листата. Сличен пристап беше применет и при изборот во Апелациониот суд Штип, каде што од првично пријавените шест кандидати, еден бил одбиен поради некомплетна документација, а еден бил избран по друг оглас, по што беа избрани тројца од четворицата кандидати на конечната ранг-листа. За разлика од овие случаи, при изборот во Апелациониот суд Битола, иако на огласот се пријавиле пет кандидати, Судскиот совет избра само тројца судии, и тоа прво-, второ- и четврто-рангираниот кандидат, без јасно образложение за прескокнувањето на треторангираниот кандидат.[98]

Најмногу дилеми и критики предизвика изборот на судии во Апелациониот суд Скопје. За кривичната област беа избрани првите четворица рангирани кандидати, меѓутоа беше забележан индикативен момент при гласањето, кога еден член на Судскиот совет гласал „ЗА" кандидатот при редовното гласање, но при гласањето со Бадентерово мнозинство гласал „ПРОТИВ" истиот кандидат. Во граѓанската област, пак, не беше почитувана ранг-листата, при што трето- и четврто-рангираните кандидати не беа избрани со образложение дека веќе извршувале други функции, па Советот заклучил дека „самите си го направиле изборот". Дополнително, дел од кандидатите не добија мнозинство гласови поради инсистирање на еден член на Советот да се почитува начелото на правична застапеност на заедниците. Иако беше укажано дека ова начело треба да се применува во случаи кога кандидатите имаат еднаков број бодови, а не преку прескокнување на подоброрангирани кандидати, во практиката беа прескокнати четворица кандидати по редослед на ранг-листата, а беше избран кандидат со помал број бодови, но од друга етничка припадност.[99]

При изборот на судии во ВСРСМ, огласот предвидуваше избор на по тројца судии во кривична и во граѓанска област. За кривичната област се пријавиле само двајца кандидати, судии од Апелациониот суд Скопје, и двајцата беа избрани. За граѓанската област, пак, за три слободни места се пријавиле четири кандидати, при што во Судскиот совет се отвори дилема дали постојат услови за избор, со оглед на тоа што против второ- и трето-рангираните кандидати се воделе постапки за утврдување одговорност што сѐ уште не биле правосилно завршени. Иако постоеја аргументи дека огласот е отворен речиси две години и дека е неопходно да се донесе одлука, како и аргументи дека во такви околности не може објективно да се одлучува, на крајот Судскиот совет одлучи да продолжи со изборот и ја избра само прворангираната кандидатка, додека преостанатите кандидати не беа избрани. Во овој контекст, вреди да се нотира дека за дел од овие избори, како што е изборот на судии во Апелациониот суд Скопје, огласите беа објавени уште во 2023 година, а постапките траеја речиси две години. Дополнително, и понатаму останува неисполнета препораката од Оценската мисија за јавно објавување

98 Ивана Петковска и Лејла Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2025 година".

99 Исто.

на ранг-листите со бодови на кандидатите. И по истекот на две години од давањето на оваа препорака, Судскиот совет не ја има спроведено во својата практика. Воедно, не е забележено суштинско подобрување во квалитетот на образложувањето на гласовите на членовите на Судскиот совет. Аргументацијата и понатаму е претежно генеричка, повторувачка, со користење на општи формулации, без повикување на конкретни показатели или објективни критериуми. Овој пристап остава впечаток дека дискусиите при изборите се формални, а не суштински. Особено загрижува отсуството на јасни и содржајни образложенија при гласањето „против", каде што во повеќе случаи се наведуваат само општи и нејасни причини.[100]

Што се однесува до Советот на јавните обвинители, на седницата одржана на 22 октомври 2024 година беа избрани јавни обвинители: еден јавен обвинител во ВЈО Битола, еден во ВЈО Скопје, двајца во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и двајца во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО-ГОКК).[101] Дополнително, на седницата одржана на 16 јули 2025 година, Советот изврши избор на уште двајца јавни обвинители во ВЈО Скопје и двајца во ОЈО-ГОКК.[102]

Покрај изборот и унапредувањето судии и јавни обвинители, Судскиот совет во овој извештаен период донесе одлуки и за избор на претседатели на судови, како и за определување вршители на должност. Донесени беа одлуки за избор на претседатели на Вишиот управен суд, ВСРСМ, како и на повеќе основни и апелациски судови низ државата. Истовремено, во повеќе наврати беа определувани вршители на должноста претседател на суд, при што во вкупно десет суда функцијата се извршувала во в.д. статус. Ова укажува на недоволна навременост во спроведувањето на постапките за избор на претседатели на судови и на продолжено траење на постапките, што негативно влијае врз стабилноста и ефикасноста на судското управување.[103]

Во рамките на пошироката слика за функционирањето на системот за регрутација и кариерен напредок во правосудството, во октомври 2024 година беше избрана и нова директорка на АСЈО – јавен обвинител од ВЈО Битола.[104] Начинот на кој беше спроведен изборот предизвика значајни реакции во јавноста, имајќи предвид дека Управниот одбор на АСЈО одлучи постапката да се реализира преку тајно гласање, со можност за избор меѓу повеќе кандидати, без да понуди јасно и аргументирано образложение за неопходноста од ваквиот пристап. Со оглед на тоа што АСЈО претставува единствен институционален влез во судиската и јавнообвинителската професија, ваквиот начин на избор отвори сериозни прашања за транспарентноста и кредибилитетот на

100 Исто.

101 „Соопштение", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 2024, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-5/.

102 „Соопштение од одржана 27. седница", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 2025, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-od-odrzhana-27-ma-sednica/.

103 Ивана Петковска и Лејла Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2025 година".

104 „Известување од одржано продолжение на 221. седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 14 октомври 2024, https://bit.ly/4hsyaYm.

постапката, како и за ризикот од можни надворешни влијанија.[105] Во тој контекст, еден од кандидатите, судија во Основниот кривичен суд Скопје, поведе управен спор пред Управниот суд, тврдејќи дека изборната постапка е спротивна на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, Статутот на АСЈО и Законот за општата управна постапка, кои предвидуваат јавен и транспарентен карактер на постапката.[106] Сепак, Управниот суд ја одби тужбата како неоснована.[107]

**Судскиот совет треба да ја напушти воспоставената практика на унапредување судии без суштинско и индивидуализирано образложение на одлуките. Секоја одлука за избор или унапредување мора да биде јасно аргументирана, заснована на објективни критериуми и проверливи податоци;**

**Потребно е Судскиот совет јавно и навремено да ги објавува ранг-листите на кандидатите за избор и унапредување во повисок суд, вклучително и бодовите по поединечни критериуми, како и јасни и детални образложенија за донесените одлуки или за секое отстапување од ранг-листата;**

**Судскиот совет треба јавно да ги објавува сите одлуки и записници поврзани со постапките за избор и унапредување судии во повисоките судови, со цел да се зајакне транспарентноста и јавната отчетност на процесот;**

**Потребно е ревидирање на Правилникот за оценување на судиите при избор и унапредување во повисок суд, со цел воспоставување на јасни, мерливи и недвосмислени критериуми што ќе ја ограничат дискрецијата и ќе обезбедат еднаков третман на кандидатите;**

**Неопходно е да се воспостави систематски механизам за редовно следење и јавно објавување на податоците за бројот, распределбата и оптовареноста на стручните соработници во судовите, како клучен елемент за ефикасно функционирање на судскиот систем;**

**Потребно е транспарентно објавување податоци за сите реализирани обуки во правосудството, вклучително и информации за темите, целните групи, учесниците и институциите што ги спроведуваат, со цел подобро следење на континуираниот професионален развој;**

**Неопходно е да се воспостават јасни и мерливи критериуми за напредување, ротација и кариерен развој на судиите и јавните обвинители, засновани на објективни индикатори за стручност, ефикасност и интегритет;**

**Потребно е усогласување на бројот на судии и јавни обвинители со реалните потреби на системот, врз основа на објективни показатели, како што се обемот на предмети, времетраењето на постапките и кадровските капацитети. Во таа насока, неопходно е ревидирање на судската мрежа, со цел рационално утврдување на потребата од судови и нивниот капацитет, врз основа на функционални, демографски и оптоварувачки критериуми, а не ад-хок одлуки.**

105 „Загрижува одлуката на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители да го изврши изборот на директор на Академијата по пат на тајно гласање", официјална интернет-страница на Блупринт групата за реформи во правосудството, 2024, https://bit.ly/4pIYnGJ.

106 „Судијата Ненад Савески поднесе тужба за начинот на кој бил избран директорот на Академијата за судии и јавни обвинители", 360 степени, 15 ноември 2024, https://360stepeni.mk/sudijata-nenad-saveski-podnese-tuzhba-poradi-nachinot-na-koj-beshe-izbran-direktor-na-akademijata-za-sudii-i-javni-obviniteli/.

107 „Управниот суд ја одби како неоснована тужбата за начинот на кој беше избрана директорката на АСЈО", 360 степени, 17 декември 2024, https://360stepeni.mk/upravniot-sud-ja-odbi-kako-neosnovana-tuzhbata-za-nachinot-na-koj-beshe-izbrana-direktorkata-na-asjo/.

## Квалитет на правда

Со оглед на тоа што VIII генерација слушатели на АСЈО веќе е опфатена погоре преку анализата на постапките за избор на судии и јавни обвинители, во овој дел, вниманието, од аспект на Академијата, е насочено кон состојбите и институционалните предизвици поврзани со IX генерација слушатели на почетната обука.

Постапката за формирање на IX генерација се одвиваше со значителни одложувања и прекини. Имено, по две одложувања,[108] психолошкото тестирање беше реализирано на 21 и 22 октомври 2023 година,[109] додека тестот за интегритет се спроведе на шести и седми ноември 2023 година.[110] Меѓутоа, уште во текот на оваа постапка беа отворени сериозни прашања за нејзината усогласеност со законската рамка, што подоцна доби и институционална потврда. Во 2024 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) утврди дека АСЈО ги прекршила Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот законик, со тоа што во јануари 2023 година објавила оглас за прием на 130 слушатели – идни судии и јавни обвинители, во период на парламентарни и претседателски избори. Според ДКСК, со објавувањето на огласот била почната постапка за засновање на работен однос, која не била ставена во мирување, иако тоа било законски задолжително за време на изборниот процес. Академијата ја оспори одлуката на ДКСК пред Управниот суд, меѓутоа судот ја отфрли тужбата како неоснована и одлучи постапката за прием на 130 слушатели да се стави во мирување до завршување на изборите.[111] До крајот на овој извештаен период не се забележани понатамошни институционални чекори или јасни информации за продолжување или редефинирање на постапката за оваа генерација. Дополнително, од јавно објавените соопштенија на АСЈО произлегува дека Министерството за финансии сѐ уште не дало согласност за формирање нова генерација слушатели,[112] што ја продлабочува неизвесноста околу идното кадровско планирање во правосудството.

Во Реформската агенда на Република Северна Македонија 2024-2027 година е предвидено унапредување на судскиот интегритет преку ревидирање на постапките за регрутација, селекција, именување, оценување, унапредување, преместување и разрешување судии и јавни обвинители, како и преку навремено пополнување на слободните позиции врз основа на проекциите на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, со рок до декември 2026 година.[113] Сепак, имајќи го предвид отсуството на согласност

108 Првично беше планиран за петти и шести септември 2023 година, но датумите беа преместени за 23 и 24 септември 2023 година. Делевска и Жагар, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2022 – септември 2023“.

109 „Известување за датуми за полагање на психолошкиот тест“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 9 октомври 2023, https://bit.ly/4iZZbEt.

110 „Известување за распоред за полагање на тестот за интегритет“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 3 ноември 2023, https://bit.ly/48VQGFL.

111 „Управен суд: Неоснована е тужбата на АСЈО за одлуката на ДКСК“, Медиумска информативна агенција – МИА, 2024, https://bit.ly/3MydlAK.

112 „Известување од одржаната 240. седница на Управниот одбор на Академија за судии и јавни обвинители“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 22 октомври 2025 година, https://bit.ly/3YxwSno.

113 „Анекс 1 на реформската агенда“, Министерство за европски прашања, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/reformska-agenda-na-severna-makedonija-2024-2027-godina-file-YJ6J.pdf.

од Министерството за финансии за нова генерација слушатели на АСЈО, долгата и прекинувана постапка за прием, како и двегодишната обука што кандидатите мораат да ја поминат, реалните проекции за ставање во функција на нова генерација судии и јавни обвинители, се поместуваат кон 2030 година. Во тој контекст, веќе може да се констатира дека оваа реформа тешко дека ќе биде спроведена во рамките на роковите утврдени со Планот за спроведување на Реформската агенда.

Што се однесува до редовното работење на АСЈО, од планираните 249 обуки за судии и јавни обвинители во 2024 година, реализирани се 239 обуки. Во периодот од први јануари до 30 септември 2025 година, од планираните 130 обуки, реализирани се 122. Од реализираните обуки во 2024 година, седум биле посветени на правото на ЕУ, а две на заштитата на децата-жртви преку анализа на домашната судска практика и пресудите на Европскиот суд за човекови права. Во 2025 година, реализирани се три обуки од областа на правото на ЕУ, додека обуки со поширок фокус на човековите права повторно изостануваат, со исклучок на две обуки поврзани со член 8 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и справување со антиромски расизам.[114]

Во однос на уедначувањето на судската практика, Одделот за судска практика при ВСРСМ во извештајниот период одржа вкупно шест седници.[115] Во истиот период, ВСРСМ донесе три начелни правни мислења, два начелни става, пет заклучоци и седум сентенции, што формално укажува на континуирана активност во насока на унапредување на правната сигурност и уедначена примена на правото.[116]

Во овој извештаен период беше нотирано и прашањето поврзано со одлуката на Управниот суд со која беше поништена одлуката на Собранието за избор на судија на Уставниот суд, номиниран од страна на Судскиот совет. Овој предмет отвори сериозни прашања за начинот на постапување на Судскиот совет при утврдување предлог-кандидат за судија на Уставниот суд, при што релевантните факти и пропусти станаа целосно јасни дури по речиси две години од донесувањето на првичната одлука во 2023 година. Со пресудата на Управниот суд, мандатот на избраниот судија на Уставниот суд беше прекинат, а тој се врати на функцијата судија во Апелациониот суд Скопје. До крајот на овој извештаен период, Судскиот совет сѐ уште нема спроведено нова постапка за номинирање кандидат за судија на Уставниот суд. Во однос на законодавната рамка, измените на КЗ од септември 2023 година, со кои беше намалена казната за кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување (член 353), продолжија да имаат значително влијание врз правосудниот систем. Поради тоа, пред Уставниот суд беа поднесени иницијативи за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на КЗ во целина. Во февруари 2025 година, Уставниот суд поведе постапка

114 Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“.

115 „Соопштение од одржана седница на одделот за судска практика“, официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 15 април 2024, https://bit.ly/3VFZgmv; „Соопштение од одржана седница на одделот за судска практика“, официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 25 април 2024, https://bit.ly/4qaWuSK.

116 Врховен суд на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“.

за оценување на уставноста и му определи рок од шест месеци на Собранието за измена и/или дополнување на законот.[117] Сепак, до крајот на извештајниот период, Собранието не донесе никакви законски измени.

Што се однесува до кадровската екипираност на судовите и јавните обвинителства, повторно не е забележан напредок во надминување на постојните состојби. Во март 2025 година, Министерството за финансии не даде согласност за продолжување на вработувањата на определено време,[118] што дополнително ги оптоварува постојните капацитети на институциите и ја намалува нивната функционалност.

Во однос на перцепцијата на граѓаните за работата на судовите, во извештајниот период биле поднесени 391 претставка за работата на судовите, претседателите на судовите и судиите, при што Судскиот совет постапувал и одлучувал по 384 од нив. Овие податоци укажуваат на континуирано високо ниво на незадоволство и потреба од системски подобрувања во односот меѓу судството и јавноста.[119]

И понатаму останува ограничена примената на медијацијата како алтернативен механизам за разрешување спорови. Според податоците на Министерството за правда, во 2024 година јавните обвинителства упатиле само едно дете на медијација, за разлика од 2022 година, кога биле упатени седум деца и сите постапки биле успешно завршени. За 2025 година, податоците сè уште не се обработени.[120]

Особено значаен настан во овој извештаен период беше трагедијата што се случи на 16 март 2025 година во дискотеката „Пулс" во Кочани, во која животот го загубија 62 лица, а 193 беа повредени. Последователните истражни дејства укажаа на сериозни безбедносни пропусти и системски слабости во функционирањето, надзорот и дозволувањето на работењето на објектот.

ОЈО Кочани поведе истражна постапка против 27 физички и три правни лица, за кои постоеше основано сомнение дека како соизвршители сториле кривично дело – Тешки дела против општата сигурност од член 292 во врска со член 288 од КЗ.[121] Во истражната постапка беа вклучени вкупно 13 јавни обвинители од основните јавни обвинителства во Кочани, Скопје, Штип и Куманово. Во мај 2025 година, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија ја извести јавноста дека истражната постапка е завршена и проширена, при што вкупниот број осомничени беше зголемен на 46 лица.[122]

117 „У. Бр. 162/2023 и У. Бр. 163/2023", Уставен суд на Република Северна Македонија, 2025, https://ustavensud.mk/archives/32824.

118 „Соопштение од 254. седница на Судскиот буџетски совет – 27.08.2025 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 27 август 2025 година, https://bit.ly/4oUgSqx.

119 Судски совет на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер".

120 Министерство за правда, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер".

121 „Отворена истрага за пожарот во Кочани", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 2025, https://jorm.gov.mk/otvorena-istraga-za-pozharot-vo-kochani/.

122 „Истрагата за пожарот во 'Пулс' заврши, обезбедени огромен број докази", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 2025, https://jorm.gov.mk/istragata-za-pozharot-vo-puls-zavrshi-obezbedeni-ogromen-broj-dokazi/.

На 13 јуни 2025 година, ОЈО Кочани поднесе обвинение против 34 физички и три правни лица, за кривични дела со кои се предизвикала значителна опасност за животот и телото на луѓето, како и за имот од поголеми размери, сторени на место каде што биле собрани поголем број лица.[123] Иако обвинението првично беше поднесено до Основниот суд Кочани, Советот за казниви дела при ВСРСМ, со Решение КР-35/25 од 25 јуни 2025 година, одлучи дека за стварно и месно надлежен суд за постапување по предметот КООА, бр. 13/25 е Основниот кривичен суд Скопје.[124] Согласно оваа одлука, на втори јули 2025 година предметот беше доставен до Основниот кривичен суд Скопје, каде што, преку системот АКМИС, беше распределен на Совет за оцена на обвинителниот акт.

Со оглед на обемноста и сложеноста на предметот, Основниот кривичен суд Скопје континуирано ја информираше јавноста за текот на постапката. Во соопштението од 18 август 2025 година, судот информираше дека обвинителниот акт се наоѓа во фаза на оцена пред надлежниот совет, при што биле доставени вкупно 40 приговори од страна на обвинетите и нивните бранители, кои се експедираат до надлежното јавно обвинителство.[125] Судот појасни дека станува збор за исклучително обемен предмет, со голем број докази и оштетени лица, како и со вкупно 37 обвинети физички и правни лица, при што се преземаат сите законски дејства за навремена и законита оцена на обвинителниот акт, со целосно почитување на правата на странките.[126] До крајот на овој извештаен период, обвинителниот акт за овој предмет сè уште не беше одобрен од страна на судот.

**Потребно е да се зајакне улогата на ВСРСМ во уедначувањето на судската практика, преку континуирано донесување на начелни ставови и начелни правни мислења, како и преку воспоставување на почести и поформализирани средби со апелациските судови. Во таа насока, потребно е и зголемување на активностите и капацитетите на одделите за судска практика;**

**Потребна е јасна и доследна политичка волја за решавање на проблемот со кадровската екипираност на судството и јавното обвинителство, преку навремено обезбедување согласности за вработување, стратешко планирање на човечките ресурси и усогласување на бројот на судии, јавни обвинители и стручни соработници со реалните потреби на системот.**

123 „Поднесено обвинение за трагедијата во дискотеката 'Пулс' против 34 физички и три правни лица", Медиумска информативна агенција – МИА, 2025, https://bit.ly/4agHBKd.

124 „Уважен предлогот за пренесување на надлежноста во предметот за пожарот во дискотеката 'Пулс' во Кочани", официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 2025, https://bit.ly/4p2gJ4r.

125 „Соопштение за јавност", официјална интернет-страница на Основен кривичен суд Скопје, 2025, https://bit.ly/48HDNAv.

126 Исто.

## Ефикасност

Според податоците од Годишниот извештај на Судскиот совет за 2024 година, судовите во 2024 година не успеале да го совладаат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 3.724 предмети.[127] Од вкупно 34 суда, 18 биле ажурни, додека 16 суда биле неажурни, вклучително Вишиот управен суд, три апелациски суда и 12 основни суда.[128] Податоците за пополнетоста на судиските места укажуваат на дополнително влошување на кадровската состојба. Во споредба со 2023 година, во 2024 година е евидентирано намалување од 34 судии. Како главни причини за овој тренд, Судскиот совет го наведува природниот одлив на судии поради стекнување услови за старосна пензија, особено по последните измени на Законот за работните односи, со кои условите за пензионирање се утврдуваат со навршување 64 години возраст, без можност за продолжување на судиската функција, како и престанок на функцијата по други законски основи.[129]

Што се однесува, пак, до јавните обвинителства, според Годишниот извештај за работата на јавните обвинителства во 2024 година, основните јавни обвинителства во Република Северна Македонија постапуваа против вкупно 37.255 сторители на кривични дела, од кои новопримени беа пријави против вкупно 25.909 сторители на кривични дела. Споредбата на податоците покажува дека во извештајната година се регистрира значително зголемување на бројот на новопријавени сторители на кривични дела во однос на претходната година (за околу 10%), како во однос на полнолетните сторители, така и во однос на децата. Се намалил единствено бројот на пријави против непознати сторители на кривични дела. Ако се има предвид континуираното намалување и на бројот на јавни обвинители и на бројот на јавнообвинителските службеници во изминатите години, кое продолжи и во текот на 2024 година, јасно е дека ваквиот зголемен прилив на предмети во јавните обвинителства претставува дополнителен предизвик за капацитетите.[130]

Недостатокот на кадровски капацитети во јавните обвинителства е јасно видлив како преку бројот на јавни обвинители, така и преку состојбата со јавнообвинителската служба. Во 2024 година, пополнети биле само две третини од предвидените јавнообвинителски места, додека пополнетоста на јавнообвинителската служба изнесувала приближно третина од потребните капацитети. Согласно Одлуката за определување на бројот на јавни обвинители во јавните обвинителства, донесена од Советот на јавни обвинители, предвидениот број за 2024 година изнесувал 261 јавен обвинител, од кои реално биле пополнети 169 места, односно 64,7% од планираниот број.[131] Особено загрижувачки е фактот што четири јавни обвинителства – Ресен, Делчево, Берово и Крива Паланка во текот на 2024 година функционирале без ниту еден јавен обвинител, што сериозно го доведува во прашање остварувањето на уставната функција на јавното обвинителство и пристапот на граѓаните до правда.

127 „Годишен извештај на Судскиот совет на РСМ за 2024 година", Судски совет на РСМ, 2025, https://bit.ly/3MDkgso.

128 Исто.

129 Исто.

130 „Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2024 година", Јавно обвинителство на РСМ, 2025, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2025/06/godishen-izveshta%D1%98-2024-finalen.pdf.

131 Исто.

Министерството за правда продолжува со процесите на измени и дополнувања на законите од областа на правосудството. Согласно податоците добиени од Министерството за правда, во владина постапка се: Законот за изменување на Законот за платите на јавните обвинители, Законот за изменување на Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители, Законот за изменување на Законот за платите на судиите, Законот за изменување на Законот за платите на членовите на Судскиот совет, Законот за судска служба, Законот за јавнообвинителска служба, Законот за Судскиот совет и Законот за парнична постапка. Додека, пак, Законот за државното правобранителство, Законот за извршување на санкциите, предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за пробација и Законот за Советот на јавните обвинители се изготвени и се во фаза на консултации, со цел нивно доставување во владина постапка. Дополнително, работните групи кои активно работат во Министерството за правда на законските текстови се работните групи за измена на измена и дополнување на Законот за АСЈО, Законот за судовите, КЗ и Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка, а Законот за кривичната постапка е изготвен, но во меѓувреме се донесени нови директиви за кои се изработуваат кореспондентни табели.[132]

**Потребно е да се изработи сеопфатна и ажурирана анализа на судската и јавнообвинителската мрежа, со цел оптимизација на распределбата на предметите во услови на хроничен недостиг од кадар и ограничени институционални ресурси, како и подобро усогласување меѓу реалниот прилив на предмети и капацитетите на судовите и јавните обвинителства;**

**Потребно е да се развие јасна, транспарентна и мерлива методологија за утврдување на потребниот број судии и јавни обвинители, заснована на објективни показатели, вклучително податоците од последниот попис на населението, демографската распределба, територијалната надлежност, сложеноста и обемот на предметите, со цел долгорочно и одржливо кадровско планирање.**

132 Министерство за правда, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“.

ТАБЕЛА: Преглед на избори, унапредувања и кадровски процеси во правосудството за периодот октомври 2024 – септември 2025

### 1) VIII ГЕНЕРАЦИЈА НА АСЈО – 2024/2025

| Потсекции | Предвидени | Избрани | Забелешки |
|---|---|---|---|
| Вкупно кандидати | 97 | 97 | Најбројна генерација досега |
| Судии | 50 | 68 | Утврдена потреба од Судски совет: 50 |
| Јавни обвинители | 47 | 29 | Утврдена потреба од СЈО: 47 |
| Доделување уверенија | Февруари 2025 | Март-мај 2025 | Почеток на огласи во февруари |

### 2) ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА АСЈО

| Потсекции | Податоци | Забелешки |
|---|---|---|
| Датум | Октомври 2024 | |
| Модалитет | Тајно гласање | Нема образложение за тајност |
| Законски проблем | Спротивно на законската обврска за јавност | Поведена тужба пред Управен суд |
| Исход | Тужба одбиена | Намалена доверба во транспарентност |

### 3) ОГЛАСИ И ИЗБОРИ – СУДСКИ СОВЕТ

| Категорија | Податоци | Забелешки |
|---|---|---|
| Оглас 06.02.2025 | 50 места | Потоа Судски совет извршил избор на 68 судии (надминување +18) |
| Прв избор (10.03.2025) | Избрани 49 судии | |
| Втор оглас (11.03.2025) | +35 нови места | Спротивно на планирањето од АСЈО |
| Втор избор (30.04.2025) | +19 нови избори | Вкупно 68 избрани од 50 планирани |
| Клучни отстапувања | 1) Надминување на бројката<br>2) Непочитување ранг-листи<br>3) Етнички квоти примени нерегуларно | Препораката за транспарентни ранг-листи – неисполнета |

### 4) ОГЛАСИ И ИЗБОРИ – СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

| Категорија | Податоци | Забелешки |
|---|---|---|
| Оглас 06.02.2025 | 47 места | |
| Пријавени | 39 (5 повлечени) | Ниска заинтересираност |
| Избрани (07.03.2025) | 28 обвинители | Во 10 обвинителства |
| Втор оглас (12.03.2025) | Нов циклус | |
| Втор избор (08.05.2025) | 1 јавен обвинител | Слаба пријавеност; намален интерес |

### 5) УНАПРЕДУВАЊА ВО АПЕЛАЦИИ И ВРХОВЕН СУД

| Категорија | Податоци | Забелешки |
|---|---|---|
| Апелација Гостивар | 2 избрани | Почитувана ранг-листа |
| Апелација Штип | 3 избрани | 1 отфрлена пријава |
| Апелација Битола | 3 избрани | Непочитување рангирање (третиот прескокнат) |
| Апелација Скопје – кривична | 4 избрани | Еден член гласал различно „ЗА/ПРОТИВ“ |
| Апелација Скопје – граѓанска | Селекција со отстапувања | Етнички критериуми над бодови |
| Врховен суд – кривична | 2 избрани | Недостиг на кандидати |
| Врховен суд – граѓанска | 1 избрана | Непочитување ранг-листата поради постапки за одговорност |

### 6) ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

| Категорија | Податоци | Забелешки |
|---|---|---|
| Број избрани претседатели | 15 суда | |
| Број поставени ВД-претседатели | 10 суда | Постојана практика на доцнење избори |

# 2. Борба против корупцијата

Во извештајниот период продолжија негативните ефекти на последните измени на КЗ врз случаите на корупција од висок профил, што придонесе, меѓу другото, Република Северна Македонија да не бележи значителен напредок во борбата против корупцијата. Извештаите од различни извори, вклучувајќи ги Транспаренси интернешнел,[133] Стејт департментот на САД[134] и „Фридом хаус",[135] не покажуваат напредок, посочувајќи на потребата за подобрување во борбата против корупцијата, со фокус на зголемување на ресурсите и поддршката за институциите што ги спроведуваат мерките за борба против корупцијата.

Во минатогодишниот извештај на ЕК за Република Северна Македонија е наведено дека нивото на подготовка на земјата за борба против корупцијата е помеѓу „доволно и умерено". Повторно се дадени претходните препораки, меѓу кои е и донесување на нов Кривичен законик во согласност со законодавството на ЕУ и меѓународните стандарди, унапредување на спроведувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси и обезбедување на доволно човечки и финансиски ресурси за Канцеларијата на ОЈО-ГОКК и ДКСК.[136]

Оценката на Групата држави против корупција (ГРЕКО) утврди дека Република Северна Македонија задоволително спровела само 17 од 23-те препораки за спречување на корупцијата од извештајот за усогласеност од петтиот круг на евалуација, додека преостанатите се делумно спроведени. Чекорите преземени за подобрување на транспарентноста и промовирање на интегритетот на лицата на врвни извршни функции, како што се новиот Деловник на Владата и создавањето на електронска база на податоци за регистрирање и проверка на анкетните листови за имотот на избраните и именуваните јавни функционери, беа поздравени во извештајот.[137]

Кон крајот на февруари, ДКСК, во соработка со Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ) и Регионалната антикорупциска иницијатива (РАИ), а со поддршка на Австриската агенција за развој, организираше работилница за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси (2021-2025) и патоказ за развој на нова антикорупциска стратегија (2026-2030). На работилницата присуствуваа претставници на државните институции вклучени во спроведувањето на постојната стратегија, како и претставници од меѓународни

133 „Индекс на перцепција на корупцијата 2024: Погубна улога на корупцијата во кризата со климатските промени", официјална интернет-страница на Транспаренси интернешнел – Македонија, 11 февруари 2025, https://transparency.mk/2025/02/11/indeks-na-percepcija-na-korupcijata-2024-pogubna-uloga-na-korupcijata-vo-krizata-so-klimatskite-promeni/.

134 Стејт департмент на САД, „Годишен извештај за состојбата со човековите права во Република Северна Македонија за 2024 година", 2025, https://www.state.gov/reports/2024-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia.

135 Фридом хаус, „Држави во транзиција 2025: Република Северна Македонија", 2025, https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/freedom-world/2025.

136 „Работен документ на Комисијата – Извештај за Република Северна Македонија за 2024 година", Европска комисија, 30 октомври 2024 година, https://bit.ly/40NhHZf.

137 „Република Северна Македонија: ГРЕКО го поздравува напредокот во антикорупциските реформи во централната власт и полицијата и ја завршува постапката за усогласување", официјална интернет-страница на Советот на Европа, 9 јули 2025, https://www.coe.int/en/web/portal/-/north-macedonia-greco-welcomes-progress-in-anti-corruption-reforms-in-central-government-and-the-police-and-ends-compliance-procedure.

организации во земјата, граѓанското општество и приватниот сектор.[138] Во мај, ДКСК одржа иницијални консултации со експерти,[139] а потоа изготви План на активности и Методологија за проценка на ризикот од корупција. Во јуни, беа спроведени четири фокус-групи со претставници од јавни институции, државни претпријатија, бизнис-секторот и граѓанското општество за да се оценат ризиците од корупција специфични за секторот.[140] Кон средината на септември, се одржа консултативен состанок со претставници на Платформата за борба против корупцијата за да се разгледа и да се дискутира подготвената Проценка на ризикот од корупција при подготовката на Стратегијата и методологијата за нејзина подготовка.[141] Пристапот при подготовката на новата антикорупциска стратегија покажува подготвеност на надлежните институции за транспарентно и инклузивно водење на овој процес.

Кон средината на јуни, Владата ја донесе Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028, со Акциски план. Стратегијата има цел да ги подобри институционалните рамки за финансиски истраги, поврат на имот и управување со конфискуван имот.[142]

Во април, новоформираното Меѓуресорско тело за координација на активностите против корупцијата ја одржа својата конститутивна седница. Под претседателство на заменик-претседателот на Владата за добро владеење, телото ги обединува клучните институции – како што се ДКСК, Министерството за внатрешни работи (МВР), Јавното обвинителство, Финансиската полиција, Управата за јавни приходи, Царинската управа и надлежните министерства – за да се подобри стратешката координација во борбата против корупцијата.[143] Ова претставува позитивен чекор во насока на подобра координација на органите надлежни во оваа област, под услов ова тело да функционира ефикасно и редовно да ги извршува своите задачи.

138 „Работилница за имплементација на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судир на интереси (2021-2025) и патоказ за развој на нова антикорупциска стратегија (2026-2030)", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција, 28 февруари 2025, https://bit.ly/42Q5sMq.

139 „Почнати активности за подготовка на новата Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 13 мај 2025, https://bit.ly/4lyLrRz.

140 „ДКСК почна со активности за подготовка на Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 9 јуни 2025, https://bit.ly/4kLKpAz.

141 „Одржан работен состанок помеѓу Државната комисија за спречување на корупцијата и Платформата на граѓански организации за борба против корупција за подготовка на новата Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 18 септември 2025, https://bit.ly/3IKIO12.

142 „Почнува битката со нелегалниот имот – Владата со нова Стратегија за финансиски истраги", Plusinfo.mk, 17 јуни 2025, https://plusinfo.mk/pochnuva-bitkata-so-nelegalniot-imot-vladata-so-nova-strategi-a-za-finansiski-istragi/.

143 „Промовирано ново тело за борба против корупцијата", Радио Слободна Европа, 8 април 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33377265.html.

## Институционална рамка

### Државна комисија за спречување на корупцијата

Извештајниот период беше обележан со кадровски промени на врвот на ДКСК. Во јули, претседателката на ДКСК поднесе оставка[144] по поднесеното обвинение за откривање на службени тајни[145] во случајот „Адитив".[146] Делата за кои се товари претседателката беа негирани од нејзина страна, наведувајќи дека нејзиниот контакт со лицето кое подоцна беше обвинето се случил пред почнување на постапката и дека немала понатамошна вмешаност.[147] По привремената забрана за професионална дејност изречена од Кривичниот суд во Скопскиот суд, претседателката се повлече од извршување на работните обврски.[148] ДКСК објави дека ќе продолжи да функционира и ниту еден член не поднел оставка додека се чека на исходот од истрагата.[149] Дополнително, според истрагата, претседателката нарачала ревизор од Државниот завод за ревизија (ДЗР) да положи испит во нејзино име, што ѝ овозможило да добие сертификат за безбедносен сертификат за пристап до информации класифицирани како државна тајна.[150] Ова доведе до уште едно обвинение против неа за компјутерски фалсификат, додека ДЗР го отстрани ревизорот од вршење ревизии и му го одзеде неговиот сертификат за безбедносен сертификат.[151] Кратко потоа, претседателката на ДКСК поднесе оставка од својата позиција и поднесе барање до ДЗР да се врати на претходната позиција помошник на главниот државен ревизор,[152] додека кон крајот на септември почна судската постапка против неа за горенаведените кривични дела.[153]

На почетокот на август, Собранието донесе одлука за објавување на јавен оглас за избор на нов претседател на ДКСК, по што беше формирана комисија за избор на кандидати

144 „Собранието ја констатира оставката на претседателката на ДКСК, Татјана Димитровска", 360 степени, 29 јули 2025, https://360stepeni.mk/sobranieto-ja-konstatira-ostavkata-na-pretsedatelkata-na-dksk-tatjana-dimitrovska/.

145 „Антикорупциска, со потпис на Димитровска, отфрлила две пријави поврзани со случајот 'Адитив'", Телма ТВ, 25 април 2025, https://telma.com.mk/2025/04/25/antikorupcziska-so-potpis-na-dimitrovska-otfrlila-dve-prijavi-povrzani-so-sluchajot-aditiv/.

146 „Обвинение за Димитровска од ДКСК – оддавала службени тајни преку 'вајбер', а сертификатот за тајност ѝ го полагал друг", 360 степени, 18 јули 2025, https://360stepeni.mk/obvinenie-za-dimitrovska-od-dksk-oddavala-sluzhbeni-tajni-preku-viber-a-sertifikatot-za-tajnost-i-go-polagal-drug/.

147 „Димитровска од ДКСК не дава оставка: 'Жалам за комуникацијата со семејниот пријател, не влијаев на истрагата'", 21 ТВ, 30 април 2025, https://mk.tv21.tv/dimitrovska-od-dksk-ne-dava-ostavka-zhalam-za-komunikatsijata-so-semejniot-prijatel-ne-vlijaev-na-istragata/.

148 „Претседателката на ДКСК остана без пасош и забрана за работа во Антикорупциска", Сител телевизија, 24 април 2025, https://Sitel.com.mk/pretsedatelkata-na-dksk-ostana-bez-pasosh-i-zabrana-za-rabota-vo-antikorupciska-0.

149 „Не се чувствуваме повикани да поднесеме оставки, вели заменик-претседателката на ДКСК", 360 степени, 30 април 2025, https://360stepeni.mk/ne-se-chuvstvuvame-povikani-da-podneseme-ostavki-veli-zamenik-pretsedatelkata-na-dksk/.

150 „Ревизор ѝ го положил тестот на претседателката на ДКСК за таа да може да чита државни тајни – обвинение и нови дела за Татјана Димитровска", Слободен печат, 18 јули 2025, https://www.slobodenpecat.mk/revizor-i-go-polozhil-testot-na-vcpretsedatelkata-na-dksk-za-taa-da-mozhe-da-chita-drzhavni-tajni-obvinenie-i-novi-dela-za-tatjana-dimitrovska/.

151 „Ревизорот што ѝ го положил тестот на Татјана Димитровска за 'државна тајна' е исклучен од ревизиите", Слободен печат, 23 јули 2025, https://www.slobodenpecat.mk/revizorot-shto-%D1%9D-go-polozhil-testot-na-tatjana-dimitrovska-za-drzhavna-tajna-e-iskluchen-od-reviziite/.

152 „Екс-антикорупционерката Димитровска се враќа во Државниот завод за ревизија", Либертас, 30 јули 2025, https://libertas.mk/eks-antikorupcionerkata-dimitrovska-se-vra-a-vo-drzhavniot-zavod-za-revizi-a/.

153 „Почна судењето против поранешната претседателка на Антикорупциска, Татјана Димитровска", 360 степени, 30 септември 2025, https://360stepeni.mk/pochna-sudeneto-protiv-poraneshnata-pretsedatelka-na-antikoruptsiska-tatjana-dimitrovska/.

за таа позиција.[154] Тринаесет кандидати аплицираа,[155] но Собранието го запре изборот поради претстојните локални избори во земјата.[156]

Во извештајниот период се смени ја два члена на ДКСК на позицијата заменик-претседател врз основа на начелото на ротација, со мандат од шест месеци – еднаш во февруари[157] и уште еднаш во август.[158]

На крајот на 2024 година, ДКСК[159] и ОЈО[160] испитаа дали новоименуваниот директор на АНБ ги исполнува условите за позицијата. ДКСК заклучи дека нема надлежност да ги процени академските постигнувања на директорот, но утврди дека тој формално ги исполнува условите.[161] Истовремено, овој случај го иницираше прашањето за можен судир на интереси на еден од членовите на ДКСК,[162] кој предавал на истиот универзитет на кој дипломирал директорот.[163] ДКСК одговори дека тој член побарал да биде изземен од овој предмет. Сепак, нејзините колеги не се согласија,[164] тврдејќи дека нема конфликт на интереси, бидејќи таа била само гостин-предавач на тој универзитет и никогаш не добила никаков финансиски надоместок за нејзините предавања.[165]

На почетокот на декември 2024 година, ДКСК донесе измени и дополнувања на Деловникот, воведувајќи случајна и рамномерна распределба на предметите меѓу своите членови.[166] Дополнително, ДКСК ја донесе Програмата за работа за 2025 година,[167] како и Годишниот план за следење на имотната состојба и судирот на интереси за 2025[168] година и Годишниот план

154 „Формирана комисијата за селекција на кандидатите за претседател на ДКСК“, Нова Македонија, 13 август 2025, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/formirana-komisijata-za-selekcija-na-kandidatite-za-pretsedatel-na-dksk/.

155 „За претседател на ДКСК се пријавиле 13 кандидати, еве ги имињата“, 360 степени, 18 август 2025, https://360stepeni.mk/za-pretsedatel-na-dksk-se-prijavile-13-kandidati-eve-gi-iminata/.

156 „Запрена постапката за избор на претседател на ДКСК“, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 14 август 2025, https://www.sobranie.mk/ns-newsarticle-zaprena-postapkata-za-izbor-na-pretsedatel-na-dksk.nspx.

157 „Билјана Каракашева Шулев нова заменик-претседателка на ДКСК“, ТВ Телма, 21 февруари 2025, https://telma.com.mk/2025/02/21/biljana-karakasheva-shulev-nov-zamenik-pretsedatelka-na-dksk/.

158 „Цвета Ристовска, професорката на Бојан Христовски и на дузина академски граѓани што го протрчаа приватниот факултет за една година, ќе ја води Антикорупциската комисија за изборите“, SDK.mk, 15 август 2025, https://bit.ly/4gR36SU.

159 „Антикорупциска отвора предмет за назначувањето на Бојан Христовски за директор на АНБ“, Слободен печат, 22 октомври 2024, https://www.slobodenpecat.mk/antikorupciska-otvora-predmet-za-naznachuvanjeto-na-bojan-hristovski-za-direktor-na-anb/.

160 „Обвинителство отвори предистрага за назначувањето на Христовски за директор на АНБ“, Слободен печат, 1 ноември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/obvinitelstvo-otvori-predistraga-za-naznachuvanjeto-na-hristovski-za-direktor-na-anb/.

161 „Антикорупциска се прогласи за ненадлежна за валидноста на ТОЕФЛ сертификатот на Христовски“, 360 степени, 24 декември 2024, https://360stepeni.mk/antikoruptsiska-se-proglasi-za-nenadlezhna-za-validnosta-na-toefl-sertifikatot-na-hristovski/.

162 „Има ли судир на интереси во ДКСК?“, Телма ТВ, 25 декември 2024, https://telma.com.mk/2024/12/25/ima-li-sudir-na-interesi-vo-dksk/.

163 „Ристовска од Антикорупциска, која го водеше предметот со дипломата на Христовски, предава на истиот универзитет“, Слободен печат, 25 декември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/ristovska-od-antikorupciska-koja-go-vodeshe-predmetot-so-diplomata-na-hristovski-predava-na-istiot-univerzitet/.

164 „Цвета Ристовска бара да биде изземена од предметот за Христовски, но нејзините колеги одбиле – вели претседателката на ДКСК“, 360 степени, 30 декември 2024, https://360stepeni.mk/tsveta-ristovska-barala-da-bide-izzemena-od-predmetot-za-hristovski-no-nejzinite-kolegi-odbile-veli-pretsedatelkata-na-dksk/.

165 „Соопштение за јавност“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 26 декември 2024, https://bit.ly/40RZMAR.

166 Државна комисија за спречување на корупцијата, „Деловник за изменување на Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година“ (2024), https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/12/02-3087-1.pdf.

167 Државна комисија за спречување на корупцијата, „Програма за работа на ДКСК за 2025 година“, 31 декември 2024 година, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/12/10-3236-1.pdf.

168 Државна комисија за спречување на корупцијата, „Годишен план за следење на имотната состојба и судирот на интереси за 2025 година“, 31 декември 2024 година, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/12/08-3237-1.pdf.

за спроведување на антикорупциска проверка на законската регулатива за 2025 година.[169] Во својата Програма за работа, ДКСК наведе неколку приоритети за оваа година. Тоа се: следење и оценување на спроведувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година; спроведување на антикорупциска проверка на легислативата; постапување по пријави за сомневање за корупција; следење на законитоста на финансирањето на политичките партии; спречување на корупцијата во изборниот процес.

ДКСК во текот на 2024 година примила 689 пријави со сомневање за корупција и отворила 78 предмети по службена должност. Таа донела вкупно 742 одлуки: 353 поврзани со корупција, 98 за судир на интереси, 60 за финансирање на изборни кампањи и 231 за анкетни листови.[170] Годишниот извештај за 2024 година за спроведување на Националната стратегија за спречување корупција и судир на интереси покажа дека само 18% од планираните активности се целосно спроведени, 32% се во тек, а 50% не се почнати. Најголем напредок е забележан кај органите на прогон и секторите здравство и образование, додека ограничено ниво на спроведување е забележано во секторите урбанистичко планирање, животна средина, земјоделство и спорт.[171] Дополнително, ДКСК го објави својот Извештај од спроведено следење на примената на системот за интегритет за 2024 година, кој опфаќа 72 институции на централната власт, 72 локални органи и 16 судски институции.[172] Во извештајот се забележани широкораспространети недостатоци, вклучително и отсуство на внатрешни правила за судир на интереси, недоволно регулирање на делот за подароци и гостопримство, ниски стапки на ИСО-сертификација и ограничена обука и следење поврзани со интегритетот.

Во првите девет месеци од 2025 година, ДКСК примила 351 пријава со сомневање за корупција, 15 предмети се оформени по изборни пријави, а пет предмети се оформени по службена должност. Таа донела вкупно 241 одлука поврзана со корупција, 65 за судир на интереси, 72 за евидентирање и следење на имотната состојба, а издадени се и 77 прекршочни платни налози, од кои мнозинството за неподнесување изјава за имотна состојба и интереси или образец за пријавување промени на имотната состојба.[173]

На почетокот на годината, ДКСК ја објави својата намера редовно да објавува информации за активностите за примена согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси.[174] Ги објави и имињата на поранешни и сегашни функционери казнети во изминатата година за прекршување на законот.[175]

169 Државна комисија за спречување на корупцијата, „Годишен план за спроведување на антикорупциска проверка на легислативата за 2025 година“, 31 декември 2024 година, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/12/11-3234-1.pdf.

170 Државна комисија за спречување на корупцијата, „Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2024“, март 2025, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2025/03/ГИ-за-работата-на-ДКСК-за-2024_за-web-без-прилози.pdf.

171 Државна комисија за спречување на корупцијата, „Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година“, март 2025, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2025/03/Годишен-извештај-Национална-Стратегија-2024.pdf.

172 „Интегритетот како столб на доброто владеење – ДКСК со обемен извештај и повик за поголема институционална одговорност“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 26 март 2025, https://bit.ly/3RrTgLx.

173 Државна комисија за спречување на корупцијата, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 7 октомври 2025.

174 „Соопштение за јавност од 26.02.2025 година“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 26 февруари 2025, https://bit.ly/4jeZZVf.

175 „Информации за изречени глоби – 2024 година (Согласно член 98 од ЗСКСИ)“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 26 февруари 2025, https://bit.ly/442o650.

ДКСК спроведе антикорупциска ревизија на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.[176] Платформата на граѓанските организации за борба против корупцијата ги критикуваше препораките на ДКСК, предупредувајќи дека тие би можеле да ја ограничат институционалната транспарентност и да го зголемат ризикот од корупција, особено во јавните набавки.[177] Како одговор на пожарот во Кочани, ДКСК, исто така, ги разгледа ризиците од корупција поврзани со издавање лиценци, дозволи и надзор во повеќе законски акти, меѓу кои Законот за угостителска дејност, Законот за заштита и спасување и друго релевантно законодавство што ги регулира инспекциите, локалната самоуправа и ракувањето со експлозивни материи.[178]

Во летниот период, ДКСК спроведе подготвителни активности пред претстојните локални избори. Беа одржани работни состаноци со Државната изборна комисија (ДИК)[179] и Јавното обвинителство.[180] Беше потпишан меморандум за соработка со ДИК и ДЗР за зајакнување на нивната посветеност на директна соработка, координација и меѓусебна помош во спроведувањето на законските одредби за финансирање на изборни кампањи, размена на информации и податоци и навремено дејствување по потенцијално идентификувани изборни нерегуларности.[181] ДКСК, исто така, издаде јавно известување за информирање на сите државни институции, политички партии, учесници во изборниот процес, како и пошироката јавност за законските можности за користење на буџетските средства во согласност со Законот за спречување на корупција и судир на интереси и Изборниот законик.[182] Исто така, ја информираше јавноста дека, согласно законската обврска на сите јавни фондови, јавни претпријатија и сите други правни лица кои располагаат со државни средства, тие се должни да доставаат податоци до ДКСК за сите службени возила што им се на располагање. Сепак, само 42% од нив доставија такви податоци.[183]

176 „Извештај за антикорупциска проверка на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 17 април 2025, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2025/04/11-1351-1.pdf.

177 „Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата реагира на препораките на ДКСК дадени во Извештајот од спроведена антикорупциска проверка на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“, официјална интернет-страница на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата, 17 април 2025, https://bit.ly/453QORD.

178 „Извештај за антикорупциска проверка на одредби кои се однесуваат на издавањето на лиценци, одобренија, дозволи за работа на угостителски објекти и слично, како и за вршење надзор во Законот за угостителската дејност, Законот за заштита и спасување, Законот за инспекциски надзор, Законот за локалната самоуправа, Законот за заштита од експлозивни материи, Законот за прометот на експлозивни материи и Законот за прекршоците против јавниот ред и мир“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 17 април 2025, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2025/04/11-1117-2.pdf.

179 „Соработка во насока на унапредување на интегритетот во изборниот процес“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 16 јули 2025, https://bit.ly/4h1Qmt2.

180 „Работна средба на ДКСК и Јавното обвинителство во пресрет на локалните избори 2025“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 16 септември 2025, https://bit.ly/3VTa4xc.

181 „ДИК, ДКСК и ДЗР потпишаа меморандум за соработка во пресрет на локалните избори“, 360 степени, 18 септември 2025, https://360stepeni.mk/dik-dksk-i-dzr-potpishaa-memorandum-za-sorabotka-vo-presret-na-lokalnite-izbori/.

182 „Известување“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 11 август 2025, https://bit.ly/4mTIDhU.

183 „Само 42% од институциите доставија податоци за службени возила пред локалните избори 2025“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 29 септември 2025, https://bit.ly/46SSEFQ.

Кон крајот на 2024 година, ДКСК беше примена како полноправна членка на антикорупциската мрежа Европски партнери против корупцијата/Европска антикорупциска мрежа (EPAC/EACN).[184] Исто така, потпиша Меморандум за соработка со Стопанската комора на Република Северна Македонија[185] и Македонско-американската алумни асоцијација,[186] со цел дефинирање на заеднички активности за спречување на корупцијата и зајакнување на интегритетот.

## Јавно обвинителство

Последниот извештај за јавните обвинителства укажува на континуираниот предизвик со кој се соочуваат тие во растењето на бројот на предмети во однос на намалениот број на јавни обвинители, па дури четири јавни обвинителства во државата во 2024 година останаа без ниту еден јавен обвинител – Ресен, Делчево, Берово и Крива Паланка. Застарената техничка опрема и недоволните финансиски ресурси, заедно со ограничената екипираност на јавните обвинителства, остануваат главни предизвици за овие институции.[187]

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија продолжи со истражување на политички чувствителни случаи, па Јавниот обвинител на Република Северна Македонија издаде задолжително упатство за сите јавни обвинители во земјата да им дадат приоритет на случаите на корупција и оние од особен јавен интерес. Ваквите предмети треба да добијат приоритет и од истражните центри на јавните обвинителства заради заштита на јавниот интерес.[188] Во 2025 година, следуваше измена на ова упатство во однос на постапките за обезбедување податоци и информации за банкарски сметки, имот или предмети од интерес што се наоѓаат во странство, а кои се релевантни за случаи поврзани со корупција и се однесуваат на сите лица инволвирани во дела на корупција, без оглед на нивната улога или статус. Овие измени произлегоа од состанок одржан со претставници на специјализираниот аналитички центар во Европол, одговорен за борба против корупцијата, каде што беа разгледани можностите за воспоставување на подлабока соработка во случаи поврзани со корупција.[189]

184 „Државната комисија за спречување на корупцијата стана членка на антикорупциската мрежа EPAC/EACN", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 27 ноември 2024, https://bit.ly/4hcryOb.

185 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу Државната комисија за спречување на корупција и Стопанската комора на Република Северна Македонија", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 25 декември 2024, https://bit.ly/3WC8qRl.

186 „Потпишан меморандум за соработка – зајакнување на стратешката соработка со Македонско-американската алумни асоцијација", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 19 ноември 2024, https://bit.ly/4gfrziP.

187 Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, „Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2024 година", 23 јуни 2025, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2025/06/godishen-izveshtaj-2024-finalen.pdf.

188 „Соопштение", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 3 декември 2024, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-za-odrzhana-sednica-5/.

189 „Преку системот на Европол ќе се обезбедуваат податоци за банкарски сметки и имот во странство на корумпирани бизнисмени и функционери", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 12 февруари 2025, https://jorm.gov.mk/preku-sistemot-na-evropol-ke-se-obezbeduvaat-podatoczi-za-bankarski-smetki-i-imot-vo-stranstvo-na-korumpirani-biznismeni-i-funkczioneri/.

Овој извештаен период беше обележан од пожарот што избувна во ноќен клуб во градот Кочани, каде што првично ги загубија животите 59 млади луѓе, а над 160 лица беа хоспитализирани.[190] Јавното обвинителство формираше тим од пет јавни обвинители,[191] кој почна истрага против 27 лица и три компании,[192] но поради сложеноста на случајот, уште шест јавни обвинители се приклучија на тимот.[193] Нивните прелиминарни наоди открија неколку недостатоци кај објектот: немало хидрант ниту доволен број противпожарни апарати; не бил регистриран како угостителски објект, туку како објект за лесна индустрија со дозвола за работа од Министерството за економија издадена пред 15 години; бил обложен со материјали за звучна изолација и визуелни ефекти што биле лесно запаливи; а биле користени и пиротехнички материјали без дозвола.[194] Овие наоди доведоа до разни институционални реакции: беше изречен притвор, односно куќен притвор за вкупно 24 осомничени за тешки кривични дела против јавната безбедност;[195] градоначалникот на Кочани поднесе оставка;[196] а ДКСК спроведе антикорупциска ревизија на релевантното законодавство за да се овозможи откривање и спречување на потенцијални ризици од корупција.[197] Истовремено, граѓаните реагираа со организирање протести во Кочани[198] и други градови низ земјата,[199] додека Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата упати јавни барања до надлежните институции, чиешто исполнување треба да доведе до прекин на практиката на неказнивост, селективна правда и само формално исполнување на обврските.[200] Мерките притвор изречени од судот за осомничените беа продолжени,[201] а истрагата беше проширена за да вклучи дополнителни лица осомничени за сериозни

190 „Зошто пожарот во клубот во Кочани беше толку смртоносен?", Дојче веле, 18 март 2025, https://www.dw.com/mk/zosto-pozarot-vo-improviziraniot-noken-klub-vo-kocani-bese-tolku-smrtonosen/a-71940018.

191 „Коцевски: Формиран е тим од пет јавни обвинители за трагедијата во Кочани", Радио МОФ, 16 март 2025, https://www.radiomof.mk/kocevski-formiran-e-tim-od-pet-javni-obviniteli-za-tragedijata-vo-kochani/.

192 „Јавното обвинителство отвори истражна постапка за 27 лица и три компании во врска со пожарот во Кочани", Радио МОФ, 21 март 2025, https://www.radiomof.mk/javnoto-obvinitelstvo-otvori-istrazhna-postapka-za-27-lica-i-tri-kompanii-vo-vrska-so-pozharot-vo-kochani/.

193 „Соопштение од 24.03.2025 година", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 24 март 2025, https://jorm.gov.mk/soopshtenie-150/.

194 „Дискотеката била полна со запаливи материјали, немала хидрант, а за концертот немало договор", Радио МОФ, 16 март 2025, https://www.radiomof.mk/diskotekata-bila-polna-so-zapalivi-materijali-nemala-hidrant-a-za-koncertot-nemalo-dogovor/.

195 „Двајцата поранешни градоначалници на Кочани одат во куќен притвор", ТВ Телма, 28 март 2025, https://telma.com.mk/2025/03/28/dvajczata-poraneshni-gradonachalniczi-na-kochani-odat-vo-kuken-pritvor/.

196 „Градоначалникот на Кочани Љупчо Папазов поднесе оставка", Радио МОФ, 17 март 2025, https://www.radiomof.mk/gradonachalnikot-na-kochani-ljupcho-papazov-podnese-ostavka/.

197 „ДКСК: Започнавме постапка за антикорупциска проверка на законите за угостителска дејност, заштита и спасување, Законот за инспекциски надзор, Законот за локалната самоуправа", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 24 март 2025, https://bit.ly/4lCGCXV.

198 „Протест во Кочани – правда и крај на корупцијата", Радио Слободна Европа, 17 март 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33350703.html.

199 „Од денеска протести во Кочани во 15 часот, од понеделник и во Скопје", 24.mk, 22 март 2025, https://24.mk/details/od-deneska-protesti-vo-kochani-vo-15-chasot-od-ponedelnik-i-vo-skopje.

200 „Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата упати барања до надлежните институции кои ќе овозможат да се прекине праксата на неказнивост, селективна правда и формално исполнување на обврски", официјална интернет-страница на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата, 28 март 2025, https://bit.ly/4jKut1r.

201 „Продолжен притворот за сите осомничени за пожарот во Кочани, тројца одат во куќен притвор", Канал 5, 11 април 2025, https://kanal5.com.mk/prodolzhen-pritvorot-za-site-osomnicheni-za-pozharot-vo-kochani-trojca-odat-vo-kukjen-pritvor/a694010.

кривични дела против јавната безбедност.[202] Во врска со случајот беа уапсени неколку полициски службеници.[203] ОЈО Кочани објави јавен повик за сведоштва и докази од граѓани.[204] Истрагата беше завршена на крајот на мај.[205] До средината на јуни, беа поднесени обвиненија против 34 физички и три правни лица, додека постапките против 11 лица беа прекинати поради недостаток на докази.[206]

Во предметот „Тврдина“, Кривичниот суд Скопје изрече казна затвор од четиринаесет и пол години, односно девет години и десет месеци против двајца поранешни разузнавачи, за злоупотреба на службената положба и овластувања и за фалсификување на службени документи, поврзани со уништувањето на системите за следење на комуникациите во поранешната Управа за безбедност и контраразузнавање. Поранешна министерка за внатрешни работи беше ослободена од обвинение, бидејќи обвинителството не докажа дека таа го сторила кривичното дело за кое беше обвинета.[207]

Во случајот „Адитив“ – во врска со наводна злоупотреба на јавни набавки и перење пари поврзани со набавката на адитиви за јаглен за АД ЕСМ – РЕК Битола и РЕК Осломеј – беа идентификувани уште тројца осомничени, вклучувајќи ја и актуелната претседателка на ДКСК.[208] Кривичниот суд во Скопје го потврди обвинението и почна судска постапка.[209] Беа одржани неколку рочишта: обвинителството побара осудителни пресуди и конфискација на имот,[210] додека обвинетите се изјаснија за невини и ги изнесоа првичните аргументи на одбраната.[211]

По истрагата почната од ОЈО-ГОКК, поднесено е обвинение против 36 лица (лекари, адвокати и други службени лица) организирани во две криминални групи кои посредувале и нелегално овозможувале стекнување права на туѓа нега и инвалидска пензија, во замена за пари во текот на изминатите две години. Случајот, насловен како „Синдром“, откри основано сомнение за сторени неколку кривични дела, имено: злосторничко здружување,

202 „Проширена истрагата за пожарот во кочанската дискотека“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 12 април 2025, https://jorm.gov.mk/proshirena-istragata-za-pozharot-vo-kochanskata-diskoteka/.

203 „Се апсат актуелни началници и полицајци кои биле на смена за време на трагедијата во Кочани“, SDK.mk, 12 јуни 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/vecherva-se-apsat-aktuelni-nachalnitsi-i-politsajtsi-koi-bile-na-smena-za-vreme-na-tragedijata-vo-kochani/.

204 „Отворен повик за истрагата за пожарот во Кочани“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 16 мај 2025, https://jorm.gov.mk/otvoren-povik-za-istragata-za-pozharot-vo-kochani/.

205 „Истрагата за пожарот во ’Пулс‘ заврши, обезбедени огромен број докази“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 30 мај 2025, https://jorm.gov.mk/istragata-za-pozharot-vo-puls-zavrshi-obezbedeni-ogromen-broj-dokazi/.

206 „Запрена истрагата за експминистрите Дритон Кучи и Беким Незири, меѓу 34-те обвинети за пожарот во диското ’Пулс‘ остануваат Крешник Бектеши и Ваљон Сарачини“, SDK.mk, 13 јуни 2025, https://bit.ly/4m75B51.

207 „Избеганите началници на УБК, Грујевски и Бошковски со највисоки казни, Јанкулоска доби ослободителна – пресуди за предметот ’Тврдина‘“, ТВ Телма, 13 јануари 2025, https://telma.com.mk/2025/01/13/izbeganite-nachalniczi-na-ubk-grujevski-i-boshkovski-so-najvisoki-kazni-jankuloska-dobi-osloboditelna-presudi-za-predmetot-tvrdina/.

208 „Осомничени уште три лица во предметот ’Адитив‘“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 24 април 2025, https://jorm.gov.mk/osomnicheni-ushte-tri-licza-vo-predmetot-aditiv/.

209 „Кривичен го одобри обвинението за ’Адитив‘, се чека датум за почеток на судењето“, 360 степени, 7 мај 2025, https://360stepeni.mk/krivichen-go-odobri-obvinenieto-za-aditiv-se-cheka-datum-za-pochetok-na-sudeneto/.

210 „Обвинителството бара осудителна пресуда и конфискација на имотот на обвинетите во случајот ’Адитив‘“, А1 Оn, 29 мај 2025, https://a1on.mk/macedonia/obvinitelstvoto-bara-osuditelna-presuda-i-konfiskacija-na-imotot-na-obvinetite-vo-sluchajot-aditiv/.

211 „Рочиште за ’Адитив‘: Одбраната даваше воведни зборови“, 24 ТВ, 26 јуни 2025, https://24.mk/details/rochishte-za-aditiv-odbranata-davashe-vovedni-zborovi.

примање и давање поткуп и примање награда за незаконито влијание. Досега, 13 обвинети склучиле спогодби за признавање вина со обвинителството и, врз основа на нив, Основниот кривичен суд Скопје донесе неколку пресуди. За преостанатите, јавното обвинителство му предложи на судот да им се продолжат мерките за обезбедување што веќе им се изречени.[212]

Почна судењето на поранешните директори на Клиниката за радиотерапија и онкологија во Скопје, во рамките на случајот „Онкологија 2". Обвинетите се товарат за злоупотреба на службена положба и овластувања, измама и проневера во службата, за нанесување штета на буџетот од над 2,2 милијарди денари со нелегално купување лекови без согласност на Фондот за здравствено осигурување. На рочиштето на 12 септември, двајцата обвинети изјавија дека не се чувствуваат виновни, а судската постапка е во тек.[213]

Во случајот против поранешната директорка на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Основниот кривичен суд Скопје ја прогласи за виновна за злоупотреба на службена положба и овластување и ја осуди на две години затвор. Утврдено е дека таа работела спротивно на Законот за јавни набавки и Законот за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност при склучување договори со соработници, експерти и обучувачи, бидејќи не распишала јавен конкурс и дискриминирала потенцијални кандидати, давајќи им предност на одредени лица и постапувајќи спротивно на начелата на економичност, ефикасност и ефективност.[214]

По вклучувањето на поранешен вицепремиер и судија на црната листа на Стејт департментот на САД за наводна корупција и влијание врз судството на Република Северна Македонија,[215] ЈО почна истрага против нив.[216] Потоа, ЈО подигна обвинение против поранешниот вицепремиер и уште неколку лица за проневера и злоупотреба на службената положба и овластување и поднесе предлог за притвор за двајца од нив пред Основниот кривичен суд Скопје,[217] а истовремено побара и распишување на национална и меѓународна потерница по нив.[218]

Во извештајниот период беа почнати и многубројни други истраги за коруптивно однесување, меѓу кои: против јавен обвинител осомничен за злоупотреба на службената

212 „Предмет 'Синдром' – 36 обвинети и 13 спогодби", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 22 јули 2025, https://jorm.gov.mk/predmet-sindrom-36-obvineti-i-13-spogodbi/.

213 „Ексдиректорите на Онкологија не се чувствуваат виновни за несовесно работење и за финансиски криминал на клиниката", 360 степени, 12 септември 2025, https://360stepeni.mk/eksdirektorite-na-onkologija-ne-se-chuvstvuvaat-vinovni-za-nesovesno-rabotene-i-za-finansiski-kriminal-na-klinikata/.

214 „Ексдиректорката на 'Еразмус+', Лидија Димова, осудена на две години затвор за злоупотреба на службената положба", 360 степени, 18 септември 2025, https://360stepeni.mk/eksdirektorkata-na-erazmus-lidija-dimova-osudena-na-dve-godini-zatvor-za-zloupotreba-na-sluzhbenata-polozhba/.

215 „Артан Груби и судијата Енвер Беџети завршија на американската црна листа", Алсат М, 10 декември 2024, https://alsat.mk/mk/artan-grubi-i-sudijata-enver-bedheti-zavrshija-na-amerikanskata-tsrna-lista/.

216 „Обвинителството оформи предмет по ставањето на Груби и судијата Беџети на 'црната листа' на САД", 360 степени, 11 декември 2024, https://360stepeni.mk/obvinitelstvoto-oformi-predmet-po-stavaneto-na-grubi-i-sudijata-bedheti-na-tsrnata-lista-na-sad/.

217 „Детали од истражната постапка за проневера во 'Државна лотарија', предложени мерки за обезбедување", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 16 декември 2024, https://jorm.gov.mk/detali-od-istrazhnata-postapka-za-pronevera-vo-drzhavna-lotarija-predlozheni-merki-za-obezbeduvane/.

218 „Скопското обвинителство издаде наредба до МВР да распишеше национална, а потоа и меѓународна потерница по Груби и Бајрами", Vecer.mk, 17 декември 2024, https://www.vecer.press/skopskoto-obvinitelstvo-izdade-naredba-do/.

положба и овластување;[219] против син на поранешен висок функционер осомничен за откривање на службени тајни;[220] поранешен директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија осомничен за примање поткуп и проневера при извршување на службена должност;[221] пет физички и едно правно лице осомничени за злоупотреба на службената положба и овластувања, фалсификување на службена исправа и злоупотреба на постапката за јавна набавка за избор на компанија за физичко обезбедување на 14 наплатни станици на Јавното претпријатие „Државни патишта"[222] и двајца полициски службеници осомничени за злоупотреба на службената положба и овластувања, фалсификување на службена исправа и попречување на правдата за да се спречи изведување докази во постапки што се водат пред ОЈО Куманово.[223]

Дополнително, во овој период поднесени беа кривични пријави поради основано сомнение за злоупотреба на службената положба и овластување против следните лица: поранешен министер за култура;[224] поранешен министер за одбрана;[225] двајца поранешни директори на Фондот за иновации и технолошки развој;[226] поранешен директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, тројца државни службеници во Бирото за јавни набавки и четворица вработени во Државната комисија за жалби по јавни набавки, кои заедно постапувале за злоупотреба на постапка за јавна набавка;[227] градоначалник на општина во Скопје, пет вработени во истата општина и правно лице од Скопје;[228] извршен директор на трговски центар во Скопје и уште тројца вработени во тоа претпријатие;[229] вршител на должноста директор на јавно претпријатие во Битола;[230] в.д. директорот на Општата болница во Охрид;[231] поранешен началник на Одделот за воздухопловни единици

219 „Истрага против јавен обвинител за злоупотреба на службена положба и малтретирање", 24 Инфо, 11 ноември 2024, https://bit.ly/40InVtt.

220 „Приведен син на поранешен функционер поради оддавање службена тајна", 24 Инфо, 29 декември 2024, https://24info.mk/priveden-sin-na-poraneshen-funkczioner-poradi-oddavane-sluzhbena-tajna/.

221 „Истрага за поткуп и проневера во СОЗР", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 6 февруари 2025, https://jorm.gov.mk/istraga-za-potkup-i-pronevera-vo-sozr/.

222 „Истрага за злоупотреби при јавна набавка во ЈП 'Државни патишта'", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 25 март 2025, https://jorm.gov.mk/istraga-za-zloupotrebi-pri-javna-nabavka-vo-jp-drzhavni-patishta/.

223 „Под истрага двајца полициски службеници", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 4 март 2025, https://jorm.gov.mk/pod-istraga-dvajcza-policziski-sluzhbeniczi/.

224 „Екс министерката Костадиновска заработи кривична пријава за Универзална", Сител ТВ, 31 октомври 2024, https://sitel.com.mk/eks-ministerkata-kostadinovska-zaraboti-krivichna-prijava-za-univerzalna.

225 „Кривична за ексминистерката Славјанка Петровска и најава за протест од Независниот синдикат на професионални војници", Слободен печат, 7 ноември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/krivichna-za-eksministerkata-slavjanka-petrovska-i-najava-za-protest-od-nezavisniot-sindikat-na-profesionalni-vojnici/.

226 „Кривични пријави против двајца поранешни директори на Фондот за иновации", Слободен печат, 12 декември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/krivichni-prijavi-protiv-dvajca-poraneshni-direktori-na-fondot-za-inovacii/.

227 „Финансиска полиција: Кривична пријава против 8 лица за злоупотреби во ТИРЗ", ТВ 21, 30 декември 2024, https://mk.tv21.tv/finansiska-politsija-krivichna-prijava-protiv-8-litsa-za-zloupotrebi-vo-tirz/.

228 „Кривична пријава против скопскиот градоначалник и пет вработени во општини: Овозможиле фирма да стекне противправна имотна корист", Макфакс, 3 октомври 2024, https://bit.ly/4ga6KWb.

229 „МВР поднесе кривична пријава против поранешниот директор и тројца вработени во ГТЦ", MKD.mk, 17 декември 2024, https://bit.ly/4jwxdjt.

230 „Обвинение за злоупотреба на службената положба во јавно претпријатие во Битола", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 18 декември 2024 година, https://jorm.gov.mk/obvinenie-za-zloupotreba-na-sluzhbenata-polozhba-vo-javno-pretprijatie-vo-bitola/.

231 „Кривична пријава за директорот на охридската општа болница!", ТВ 21, 6 февруари 2025, https://mk.tv21.tv/krivichna-prijava-za-direktorot-na-ohridskata-opshta-bolnitsa/.

на МВР;[232] поранешен директор на Рударско-енергетскиот комбинат „Битола“;[233] актуелниот градоначалник на Кичево;[234] поранешниот градоначалник на Лозово;[235] поранешниот в.д. претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија[236] и против актуелниот градоначалник на Струга.[237]

Поднесени беа и кривични пријави за други кривични дела поврзани со корупција против: петнаесет царински службеници од Царинската управа и полициски службеник за примање поткуп и злоупотреба на службената положба и овластување;[238] против дванаесет полициски службеници за измама во службата и злоупотреба на службената положба и овластување;[239] против градежен инспектор во Општина Куманово за примање поткуп;[240] четири лица обвинети за злоупотреба на службената положба и овластувања и злоупотреба на постапката за јавни набавки при спроведување на проектот за фасада и осветлување на зградата на Владата;[241] поранешен директор на комуналното претпријатие на општина Гази Баба за проневера при извршување на службата;[242] петнаесет царински службеници и еден полициски службеник обвинети за сторени кривични дела примање поткуп и злоупотреба на службената положба и овластувања;[243] полицаец[244] и хирург[245] осомничени за примање поткуп во повеќе различни наврати.

232 „МВР со кривична пријава за екс началникот на Одделот за воздухопловни единици“, 24info.mk, 8 јануари 2025, https://bit.ly/44uPc4Q.

233 „Финансиска поднесе кривична против екс директорот на ЕСМ Матевски“, ТВ Телма, 13 февруари 2025, https://telma.com.mk/2025/02/13/finansiska-podnese-krivichna-protiv-eks-direktorot-na-esm-matevski/.

234 „Кривична за Дехари, како градоначалник на Кичево за адвокатски услуги го оштетил општинскиот буџет за околу 64.000 евра“, Нова Македонија, 26 мај 2025, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/hronika/krivichna-za-dehari-kako-gradonachalnik-na-kichevo-za-advokatski-uslugi-go-oshtetil-opshtinskiot-budjet-za-okolu-64-000-evra/.

235 „Кривична за екс-градоначалник на Лозово, со пари на општината финансирал пешачка патека која не била изградена“, Телма ТВ, 18 април 2025, https://telma.com.mk/2025/04/18/krivichna-za-eks-gradonachalnik-na-lozovo-so-pari-na-opshtinata-finansiral-peshachka-pateka-koja-ne-bila-izgradena/.

236 „Обвинителен предлог за злоупотреба на службена положба и овластување“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 23 јули 2025, https://jorm.gov.mk/obvinitelen-predlog-za-zloupotreba-na-sluzhbena-polozhba-i-ovlastuvane/.

237 „ОЈО Струга му поднесе обвинение на Рамиз Мерко за договорот за осветлување на коритото на Црн Дрим“, 360 степени, 17 септември 2025, https://360stepeni.mk/ojo-struga-mu-podnese-obvinenie-na-ramiz-merko-za-dogovorot-za-osvetluvane-na-koritoto-na-tsrn-drim/.

238 „Петнаесет цариници и полицаец уапсени во голема полициска акција под кодно име ’Премин‘“, Радио МОФ, 16 октомври 2024 година, https://www.radiomof.mk/petnaeset-carinici-i-policaec-uapseni-vo-golema-policiska-akcija-pod-kodno-ime-premin/.

239 „12 полицајци со измислени екстра работни часови земале бонус плати“, А1 он, 25 декември 2024, https://a1on.mk/macedonia/12-policajci-so-izmisleni-ekstra-rabotni-chasovi-zemale-bonus-plati/.

240 „Додека примала 4.000 евра поткуп уапсена градежна инспекторка вработена во општина Куманово“, Сакам да кажам, 1 ноември 2024, https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/dodeka-primala-4-000-evra-potkup-uapsena-gradezhna-inspektorka-vrabotena-vo-opshtina-kumanovo/.

241 „Обвинение за четири лица инволвирани во изведбата на проектот за фасада и илуминација на зградата на Владата“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 7 февруари 2025, https://jorm.gov.mk/obvinenie-za-chetiri-licza-involvirani-vo-izvedbata-na-proektot-za-fasada-i-iluminaczija-na-zgradata-na-vladata/.

242 „Обвинение против поранешен директор – давал плати на хонорарци кои биле во странство“, ТВ Телма, 16 јануари 2025, https://telma.com.mk/2025/01/16/obvinenie-protiv-poraneshen-direktor-daval-plati-na-honorarczi-koi-bile-vo-stranstvo/.

243 „Обвинение за 16 лица во предметот ’Премин‘, за две лица постапката е запрена“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 10 јануари 2025, https://jorm.gov.mk/obvinenie-za-16-licza-vo-predmetot-premin-za-dve-licza-postapkata-e-zaprena/.

244 „Полициски службеник ’падна‘ со 50 евра поткуп, пронајдени пари и документација“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 18 јануари 2025, https://jorm.gov.mk/policziski-sluzhbenik-padna-so-50-evra-potkup-pronajdeni-pari-i-dokumentaczija/.

245 „Битолски хирург осомничен за примање поткуп“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 29 јануари 2025, https://jorm.gov.mk/bitolski-hirurg-osomnichen-za-primane-potkup/.

## Правна рамка

Како одговор на препораката на ЕК за нов Кривичен законик, Министерството за правда изјави дека подготвило нов нацрт и го доставило до ЕК за мислење.[246] Покрај тоа, Министерството за правда објави дека наскоро ќе подготви измени и дополнувања на важечкиот Кривичен законик,[247] со кои се очекува да се отстранат штетните импликации од последните измени и дополнувања од 2023 година. Овие измени треба да ги подобрат одредбите поврзани со борбата против корупцијата со зголемување на постојните казни за кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување и со проширување на опсегот на кривичните дела за да се овозможи проширена конфискација.[248]

Кон средината на февруари, на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) беше објавен предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупција и судир на интереси. Беше забележано дека овие измени и дополнувања имаат цел да ги решат идентификуваните недостатоци во Законот за спречување на корупција и судир на интереси, кои имаат негативно влијание врз ефикасноста на ДКСК и спроведувањето на утврдените забрани и одговорности.[249]

ДКСК[250] и Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата[251] изразија загриженост за предложените измени и дополнувања на Законот за јавни набавки, кои, според нив, беа избрзани без широка јавна консултација или темелна анализа. Тие го критикуваа укинувањето на управната контрола врз јавните набавки од страна на Бирото за јавни набавки и предложените измени во составот на Државната комисија за жалби по јавни набавки, тврдејќи дека тоа може да ги ослабне мерките против корупцијата. По овие реакции, амандманите беа повлечени од итната постапка и поднесени по редовна законодавна постапка[252] во која Собранието ги донесе, вклучувајќи ги и оспорените одредби.[253]

246 „Правда подготвила нов Кривичен законик, испратен е на мислење во Брисел“, Слободен печат, 31 октомври 2024, https://www.slobodenpecat.mk/pravda-podgotvila-nov-krivichen-zakonik-ispraten-e-na-mislenje-vo-brisel/.

247 „Известување за почеток на процесот за подготовка на закон“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 16 април 2025, https://pravda.gov.mk/vest/6845.

248 „Прво кратки и важни измени, а потоа нов Кривичен законик: Министерот Филков најавува итна ревизија на контроверзните измени од 2023 година“, Plusinfo.mk, 13 јануари 2025, https://plusinfo.mk/prvo-kratki-i-vazhni-izmeni-a-potoa-nov-krivichen-zakonik-ministerot-filkov-na-avuva-itna-revizi-a-na-kontroverznite-izmeni-od-2023-godina/.

249 „Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси“, Единствен национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР), 17 февруари 2025, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=66368.

250 „Државната комисија за спречување на корупцијата повикува на транспарентност и анализа при донесување на измените на Законот за јавните набавки“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 12 декември 2024, https://bit.ly/4jxiGnE.

251 „Платформа против корупција: Наместо да ја зајакнува, преку измени на Законот за јавни набавки се укинува контролата на тендерите“, Радио МОФ, 12 декември 2024, https://www.radiomof.mk/platforma-protiv-korupcija-namesto-da-za-zajaknuva-preku-izmeni-na-zakonot-za-javni-nabavki-se-ukinuva-kontrolata-na-tenderi/.

252 „Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ го повлекоа од скратена постапка и поднесоа во редовна предлог за измени на Законот за јавни набавки со кои се засилува корупцијата“, Сакам да кажам, 16 декември 2024, https://bit.ly/3CtK6KI.

253 Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 14/2025.

Итно зајакнување на човечките и финансиските ресурси на ДКСК, ОЈО-ГОКК и преостанатите јавни обвинителства, заради хроничниот недостиг на капацитети што директно ја ограничува ефикасноста во постапувањето по случаи од висок јавен интерес;

Унапредување на меѓуинституционалната координација преку функционално и редовно работење на новоформираното Меѓуресорско тело за борба против корупција, со јасни резултати и отчетност;

По пожарот во Кочани, неопходно е воспоставување стандарди за брза и координирана институционална реакција, паралелно со реформи во инспекциските служби, зголемена транспарентност и дигитализирано следење дозволи и лиценци;

Зголемување на интегритетот во јавната администрација преку построги правила, систематски обуки и засилен надзор, имајќи го предвид големиот број случаи на утврден судир на интереси и коруптивни практики;

Доследно спроведување на Стратегијата за јакнење на капацитетите за финансиски истраги и конфискација, вклучително и развој на напредни аналитички алатки и зајакната меѓуинституционална соработка;

Донесување на нов Кривичен законик во целосна усогласеност со меѓународните стандарди, со што ќе се надминат штетните последици од измените од 2023 година и ќе се зајакне правната сигурност во борбата против корупција;

Ревидирање на спорните одредби во Законот за јавните набавки и обезбедување на поголема транспарентност, согласно забелешките на ДКСК и граѓанскиот сектор, со цел намалување на корупциските ризици во процесите на јавни набавки.

ТАБЕЛА: Клучни индикатори за борба против корупцијата (2024-2025)

| Институција/област | Индикатор/настан | Податоци (2024-2025) |
|---|---|---|
| ДКСК – Пријави и предмети | Пријави за корупција (2024) | 689 пријави |
| | Предмети по службена должност (2024) | 78 предмети |
| | Донесени одлуки (вкупно 2024) | 742 одлуки |
| | – Корупција | 353 одлуки |
| | – Судир на интереси | 98 одлуки |
| | – Финансирање на изборни кампањи | 60 одлуки |
| | – Анкетни листови | 231 одлука |
| ДКСК – Национална стратегија 2021-2025 | Активности целосно спроведени | 18% |
| | Активности во тек | 32% |
| | Активности неспроведени | 50% |
| ДКСК – Систем на интегритет (2024) | Опфатени институции | 72 централни, 72 локални, 16 судски |
| | Главни недостатоци | Недостиг на правила за судир на интереси, слаб дел за подароци, ниска ИСО-сертификација |
| ДКСК – Податоци за 2025 (првите 9 месеци) | Нови пријави | 351 пријава |
| | Предмети од избори | 15 |
| | Предмети по службена должност | 5 |
| | Одлуки за корупција | 241 |
| | Одлуки за судир на интереси | 65 |
| | Одлуки за евиденција и имот | 72 |
| | Прекршочни налози | 77 (главно за неподнесена имотна состојба) |
| ГРЕКО – Спроведување препораки | Спроведени | 17 од 23 |
| | Делумно спроведени/неисполнети | 6 од 23 |
| Кривични предмети – висока корупција | „Синдром“ | 36 обвинети; 13 спогодби |
| | „Онкологија 2“ | Штета > 2,2 милијарди денари |
| | Пожар Кочани | 59 жртви, 160 хоспитализирани; 34 обвинети |
| | „Тврдина“ | 14,5 и 9,8 години затвор |
| Правна рамка | Нов Кривичен законик | Нацрт доставен до ЕК |
| | Закон за јавни набавки | Измените критикувани; но донесени во редовна постапка |

# 3. Темелни права

Во минатогодишниот извештај на ЕК за земјата е забележано дека земјата е делумно усогласена со правото на ЕУ и стандардите за темелните права, со сериозни проблеми во систематското спроведување на правната рамка. Согласно минатогодишните препораки, постои потреба за обезбедување поддршка за ранливите деца, вклучувајќи деца жртви на насилство, Роми и деца со попреченост, потреба да се поправат супстандардните услови во затворите. Дополнително, истакната е потребата за донесување на измените на Законот за Народниот правобранител, измени што се потребни за добивање на статусот на акредитација „А“ врз основа на париските начела и спроведување на Препораките од Комитетот за спречување тортура на Советот на Европа.[254]

Извештајот на Стејт департментот на САД[255] за човековите права во Република Северна Македонија во 2024 година утврди дека нема значајни промени во оваа област во текот на изминатата година. Во него се истакнати проблеми во различни области, како ограничувања на слободата на изразување и слободата на медиумите, вклучително и насилство и закани со насилство врз новинари, нагласувајќи дека политичката поларизација и влијанието врз медиумите ја поткопуваат уредувачката независност и слободата на изразување.

254 „Работен документ на Комисијата – Извештај за Република Северна Македонија за 2024 година“, Европска комисија, 2024, https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/5f0c9185-ce46-46fc-bf44-82318ab47e88_en?filename=North%20Macedonia%20Report%202024.pdf.

255 “2024 Country Reports on Human Rights Practices: North Macedonia” (United States Department of State), https://www.state.gov/reports/2024-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia.

# Судска практика на Европскиот суд за човекови права

Во текот на 2024 година, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) одлучил по 192 апликации против Република Северна Македонија, од кои 180 беа отфрлени или прогласени за недопуштени. Судот донесе 10 пресуди во 12 случаи, утврдувајќи прекршување на одредбите на Европската конвенција за човекови права.[256] Во првите седум месеци од 2025 година, ЕСЧП донесе одлука по 94 апликации против Република Северна Македонија.[257] Во првата половина на 2025 година, Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП го објави Годишниот извештај за својата работа во 2024 година,[258] во кој беше наведено дека бројот на поднесени апликации пред ЕСЧП против Република Северна Македонија бележи релативно стабилен тренд, меѓутоа, како и претходните години, во 2024 година овој број е над европскиот просек според Индексот на поднесени апликации на 10.000 жители, кој во државата изнесува 2,00, а на европско ниво е 1,83. Во бројот на апликации по кои ЕСЧП одлучи со пресуда во текот на 2024 година се забележува раст од речиси 44% во споредба со 2023 година. Истовремено беше објавен и Годишниот извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2024 година.[259]

За време на извештајниот период, најзначајниот развој беше процесот за избор на нов национален судија во ЕСЧП и поврзаните контроверзии околу неговата транспарентност и законитост. Во првата половина на 2025 година, почна првиот процес за избор на нов национален судија во ЕСЧП. Комисијата за избор на кандидати одржа серија состаноци, прво објавувајќи го првиот јавен повик[260] и потоа интервјуирајќи 12 кандидати.[261] На деветти мај беше утврден потесен список од три кандидати (поранешна обвинителка од СЈО, судијка од Апелацискиот суд Скопје и адвокат).[262] Меѓутоа, во втората половина на 2025 година, Владата ја поништи претходната листа од три кандидати за судија во ЕСЧП, со образложение дека никој од предложените кандидати не ги исполнува критериумите.[263] Ова предизвика реакции од претходните кандидати[264] и граѓанскиот сектор,[265] кои ја критикуваа одлуката како нетранспарентна, а и правно спорна. Последователно беше формирана нова Комисија

256 „Европски суд за човекови права – Краток преглед за земјата“ (2025), https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/CP_Republic_of_North_Macedonia_ENG#:~:text=The%20Court%20dealt%20with%20314,European%20Convention%20on%20Human%20Rights.

257 Исто.

258 „Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2024 година“, Биро за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП, 2025, https://bit.ly/4bj31XF.

259 Исто.

260 „Јавен оглас за избор на кандидати за судија на Република Северна Македонија во Европскиот суд за човекови права“, Министерство за правда на Република Северна Македонија, 14 април 2025, https://www.pravda.gov.mk/vest/6841.

261 „Тројца кандидати го минаа филтерот за Европскиот суд за човекови права“, Телма ТВ, 9 мај 2025, https://telma.com.mk/2025/05/09/trojcza-kandidati-go-minaa-filterot-za-evropskiot-sud-za-chovekovi-prava/.

262 „Составена листата од тројца кандидати за судии во ЕСЧП од Македонија: Апостолски, Ристовска и Гајдова“, MKD.mk, 9 мај 2025, https://mkd.mk/makedonija/sostavena-listata-od-trojca-kandidati-za-sudii-vo-eschp-od-makedonija-apostolski-ristovska-i-gajdova/.

263 „Владата ја поништи предлог-листата со кандидатите за судија во Стразбур, утврдила дека Ристоска, Гајдова и Апостолски не ги исполнуваат условите“, Слободен печат, 29 јули 2025, https://www.slobodenpecat.mk/vladata-ja-ponishtccci-predlog-listata-so-kandidatite-za-sudija-vo-strazbur-utvrdila-deka-ristoska-gajdova-i-apostolski-ne-gi-ispolnuvaat-uslovite/.

264 „Ристоска: Владата да каже кои кандидати не ги исполнуваат условите за судот во Стразбур“, Слободен печат, 29 јули 2025, https://www.slobodenpecat.mk/ristoska-vladata-daccc-kazhe-koi-kandidati-ne-gi-ispolnuvaat-uslovite-za-sudot-vo-strazbur/.

265 „Владината одлука за поништување на листата на кандидати за судија во ЕСЧП е нетранспарентна и правно спорна“, Блупринт група за реформи во правосудството, 31 јули 2025, https://bit.ly/4oKNwf2.

за избор на кандидати,[266] која донесе измени и во јавниот повик го продолжи рокот за пријавување на кандидати на 30 дена и повторно го објави јавниот повик на 4 и 11 септември 2025 година.[267] Интервјуата на кандидатите се закажани за октомври.

На петти ноември 2024 година, ЕСЧП донесе пресуда во случајот Захариев против Република Северна Македонија. Жалителот тврди дека бил гонет од домашните судови, и покрај неговиот имунитет од кривична одговорност во времето кога било поднесено обвинението, спротивно на одредбите на Виенската конвенција, и дека судовите не успеале да обезбедат соодветно образложение како одговор на неговите аргументи. ЕСЧП пресуди дека во овој предмет имало повреда на член 6, став 1 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и одлучи дека утврдувањето на повредата претставува доволно задоволување на барателот и не изрече мерка за надоместок на нематеријална штета претрпена од барателот.[268]

На 26 ноември 2024 година ЕСЧП донесе пресуда во случајот на НДИ СОПОТ С.А. против Република Северна Македонија се однесуваше на арбитражата за договорот за заедничко вложување склучен помеѓу полско приватно акционерско друштво (НДИ СОПОТ С.А.) и приватна компанија од Република Северна Македонија. Компанијата-барател се жалела согласно член 6, став 1 од ЕКЧП дека постапката во врска со признавањето на делумната награда била неправедна, бидејќи наодите на судовите во Република Северна Македонија на сите нивоа биле произволни и очигледно неразумни. ЕСЧП пресуди дека имало повреда на член 6 од ЕКЧП и нареди земјата да плати 3.600 евра на компанијата-барател за нематеријална штета и 15.000 евра за покривање на трошоците за постапката.[269]

На четврти март 2025 година ЕСЧП донесе пресуда по предметот К.М. против Република Северна Македонија. Случајот се однесува на наводниот пропуст на Република Северна Македонија да заштити четиринаесетгодишно девојче од сексуална злоупотреба, а во врска со инцидент во кој возрасно лице наводно ѝ ја погалил ногата и ѝ ги допрел нејзините гради и рамена. ЕСЧП пресуди дека домашната кривично-правна рамка што важела во материјалното време не ја обезбедила потребната заштита на правата на жалителката согласно член 8 од Европската конвенција за човекови права. Тој утврдил дека недостатокот на ефикасен кривично-правен одговор на наводната сексуална злоупотреба, што резултирало со отфрлање на кривичната пријава на жалителката, не кореспондира со задолжителното почитување на најдобрите интереси на детето. Исто така, утврди дека домашните одредби од граѓанското право, како што се применуваат во практиката од страна на домашните судови, не ѝ ја обезбедиле на жалителката потребната заштита од сексуална злоупотреба. ЕСЧП пресуди дека имало повреда на член 8 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП).[270]

266 „Нов почеток во судската битка за Стразбур“, Радио Слободна Европа, 6 август 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/sud-strazbur-kandidati-/33495184.html.

267 „Јавен оглас за избор на кандидати за судија на Република Северна Македонија во Европскиот суд за човекови права“, Министерство за правда на Република Северна Македонија, 11 септември 2025, https://www.pravda.gov.mk/vest/6871.

268 ЕСЧП, „Случај Захариев против Република Северна Македонија (А. бр. 26760/22)“, 5 ноември 2024 година, https://bit.ly/4gY63R6.

269 ЕСЧП, „Случај НДИ СОПОТ С.А. против Република Северна Македонија (А. бр. 6035/17)“, 26 ноември 2024 година, https://bit.ly/3PDxIe2.

270 ЕСЧП, „Случај К.М. против Република Северна Македонија (А. бр. 59144/16)“, 4 март 2025, https://bit.ly/4irHRX4.

На 24 јуни 2025 година ЕСЧП донесе пресуда во случајот М.Л. против Република Северна Македонија, во која утврдува повреда на член 8 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), кој го гарантира правото на почитување на приватниот и семејниот живот. Предметот се однесуваше на забрана со која на подносителот му било забрането да ѝ се приближува на својата ќерка или да ги посетува нејзиниот дом и училиштето, како и пропуст на домашните судови периодично да ја преиспитаат неопходноста од мерката како што бара домашното право. ЕСЧП утврди дека домашните судови го наметнале ова ограничување, но не дале соодветно образложение за да ја оправдаат сериозноста и пропорционалноста на ограничувањето, со што бил оневозможен жалителот делотворно да ја разбере или да ја оспори мерката.[271]

Во август, ЕСЧП прифати жалба поднесена од Македонското здружение на млади правници, во која општинските и националните институции се обвинуваат за неисполнување на своите законски обврски за заштита на правото на здрава животна средина и јавно здравје.[272] Тужбата се однесува на случајот со токсичната општинска депонија во градот Струга, откако домашните судови, вклучувајќи го Основниот суд во Струга и Апелациониот суд во Битола, се прогласија за ненадлежни да го решаваат случајот со општинската депонија.[273]

271 ЕСЧП, „М.Л. против Република Северна Македонија“, 24 јуни 2025, https://hudoc.echr.coe.int/#{%22respondent%22:[%22MKD%22],%22documentcollectionid2%22:[%22GRANDCHAMBER%22,%22CHAMBER%22],%22itemid%22:[%22001-243782%22]}.

272 „Европскиот суд за човекови права во Стразбур ќе расправа за струшката депонија“, МИА – Медиумска информативна агенција, 15 август 2025, https://bit.ly/43uZnVU.

273 “Case of Struga illegal landfill in North Macedonia goes to Strasbourg Court”, Balkan Green Energy News, 11 април 2025, https://balkangreenenergynews.com/case-of-struga-illegal-landfill-in-north-macedonia-goes-to-strasbourg-court/.

## Народен правобранител

Според податоците во Годишниот извештај за 2024 година,[274] кој беше објавен во април 2025 година, Народниот правобранител постапуваше/разгледуваше по 3.148 претставки, од кои 2.705 претставки се од 2024 година а 443 предмети беа пренесени од претходната година. Најголемиот број на утврдени повреди (173 случаи или 23,28%) се однесуваа на граѓанскиот статус и други внатрешни прашања, при што властите постапиле по препораките на Народниот правобранител во 94,80% од случаите. Потоа следуваше правосудниот сектор, со 96 повреди (12,92%) и стапка на придржување на прописите од 67,71%, и правата на потрошувачите, каде што имало 76 повреди (10,23%), со спроведени 88,16% од препораките. Клучно прашање истакнато во текот на извештајниот период беше големиот обем жалби поврзани со издавање на лични документи и патни исправи, вклучувајќи проблеми со закажувањето, доцнење со обработката и доцнење во испораката на личните документи и патните исправи. Во извештајот, исто така, се повтори загриженоста во однос на структурни прашања поврзани со ограничената финансиска, организациска и функционална независност на Народниот правобранител. Во него се забележува недостаток на средства за спроведување проекти и недоволни човечки ресурси, како и постојаното одложување на донесувањето на измените на Законот за народниот правобранител, бидејќи тоа ја спречува институцијата да аплицира за акредитација за А-статус од Обединетите нации (ОН).[275] Од јануари до септември 2025 година, Народниот правобранител постапуваше/разгледуваше по 2.365 претставки, од кои 1.844 претставки се од 2025 година, а 443 предмети беа пренесени од претходната година.[276] По област, најголем број претставки има во областа правосудство (292) и областа потрошувачки права (222).

Во декември 2024 година, Народниот правобранител го презентираше Извештајот за следење на спроведувањето на начелото за соодветна и правична застапеност за 2023 година.[277] Анализата покажа дека само неколку институции, како што е Собранието, неколку министерства и неколку единици на локалната самоуправа ефективно го почитуваат ова начело. Спротивно на тоа, Врховниот суд, Канцеларијата на претседателот на државата, Секретаријатот на Владата и Македонската академија на науките и уметностите ги имаат најслабите остварувања во овој поглед.[278]

274 „Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита за човековите слободи и права 2024", Народен правобранител, 2025, https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2024/GI-2024.pdf.

275 „Зибери: Народниот правобранител се соочува со сериозни проблеми иако има фундаментална улога во заштитата на човековите права и слободи", Цивил медиа, 23 април 2025, https://civilmedia.mk/ziberi-narodniot-pravobranitel-se-soochuva-so-seriozni-problemi-iako-ima-fundamentalna-uloga-vo-zashtitata-na-chovekovite-prava-i-slobodi/.

276 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 20 октомври 2025.

277 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Извештај за следење на примената на начелото на соодветната и правична застапеност за 2023 година", декември 2024 година, https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/documents/SPZ/SPZ-2023-Mak.pdf.

278 „Во МАНУ, МЕПСО и Врховниот суд не се почитува правична застапеност при вработувањето, вели Народниот правобранител", 360 степени, 10 декември 2024, https://360stepeni.mk/vo-manu-mepso-i-vrhovniot-sud-ne-se-pochituva-pravichna-zastapenost-pri-vrabotuvane-veli-narodniot-pravobranitel/.

Во годишниот извештај на Националниот превентивен механизам за 2024 година,[279] Народниот правобранител ги истакна недоволните кадровски и финансиски можности за целосно, ефективно и ефикасно спроведување на своите надлежности. Во овој извештај изразена е загриженост за несоодветните сместувачки капацитети во затворите во државата, што води кон пренатрупаност, понатаму ненавремената здравствена заштита, недоволната кадровска екипираност и ангажирањето непрофесионален и нестручен кадар. Исто така, утврдено е дека условите во полициските станици се сериозно под минималните стандарди, со недостиг на соодветна инфраструктура, обучен кадар, специјализирани простории и системи за безбедност, што доведува до ризици за правата и достоинството на задржаните лица. Дополнително, во однос на задржување и сместување мигранти/странци и баратели на азил, извештајот ја истакнува потребата за зајакнување на капацитетите на човечки ресурси од областа на здравствената заштита, кои се во контакт со мигранти, баратели на азил и бегалци, како и унапредување на услугите за ментално здравје и психосоцијална поддршка преку мобилни тимови.

За време на извештајниот период, најзначајниот развој беше процесот на избор на нов Народен правобранител. Имено, на десетти јули, Собранието на Република Северна Македонија изгласа одлука за објавување на јавен повик за избор на нов Народен правобранител,[280] откако мандатот на претходниот заврши на 12 јули и официјално беше констатиран на 17 јули од претседателот на Собранието.[281] Меѓутоа, следуваа реакции од Народниот правобранител, кој наведе дека повеќепати ги информирал и Собранието и Владата за потребата навреме да се почне постапката за ново именување и тврдеше дека нивното недејствување претставува прекршување на законот што го регулира работењето на Народниот правобранител.[282] Иако беше предложен кандидат од коалицијата ВЛЕН на седница одржана на 31 јули,[283] тој не го доби потребното Бадинтерово мнозинство, поради што институцијата остана без носител на функцијата[284] и работи само со двајца заменик-правобранители.[285]

279 Насер Зибери и др., „Годишен извештај 2024, Национален превентивен механизам – Народен правобранител", 2025, https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/NPM-dokumenti/2024/NPM%20Godisen%20izvestaj-2024-Mk-Alb-Ang.pdf.

280 „59. седница на Собрание на Република Северна Македонија – Одлука за распишување оглас за избор на Народен правобранител", Собрание на Република Северна Македонија, 10 јули 2025, https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=6ba3bfae-e0bc-4142-958b-6b94753ca57d.

281 „Собранието констатира престанок на функцијата на Народниот правобранител Насер Зибери", 360 степени, 17 јули 2025, https://360stepeni.mk/sobranieto-konstatira-prestanok-na-funktsijata-na-narodniot-pravobranitel-naser-ziberi/.

282 „Собранието сè уште не одредило наследник – Народниот правобранител Насер Зибери во пензија", ТВ 21, 15 јули 2025, https://mk.tv21.tv/sobranieto-se-ushte-ne-odredilo-naslednik-narodniot-pravobranitel-naser-ziberi-vo-penzija/.

283 „Фатон Сељами предложен за нов Народен правобранител", Канал 5, 31 јули 2025, https://kanal5.com.mk/faton-seljami-predlozhen-za-nov-naroden-pravobranitel/a710693.

284 „Адвокатот на граѓаните десеткуван пред избори", Слободен печат, 20 август 2025, https://www.slobodenpecat.mk/advokatot-na-gragjanite-desetkuvan-pred-izbori/.

285 „Кабинетот на Гаши: Потпишана е одлуката за оглас за нов Народен правобранител", 360 степени, 15 јули 2025, https://360stepeni.mk/kabinetot-na-gashi-potpishana-e-odlukata-za-oglas-za-nov-naroden-pravobranitel/.

## Тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување

Во текот на 2024 година, Народниот правобранител постапувал по 25 претставки во однос на тортура, нехумано и нечовечко постапување од страна на полициски службеници и припадници на затворската полиција. Од поднесените претставки, десет се однесуваат употреба на прекумерна сила или за малтретирање во вршење служба од страна на полициски службеници, а 15 предмети се однесуваат на припадници на затворската полиција. Во споредба со 2023 година, во 2024 година има шест претставки повеќе во однос на тортура, нехумано и нечовечко постапување од страна на полициски службеници и припадници на затворската полиција, каде што воедно е зголемен бројот на предмети каде што осудените лица се жалеле на малтретирање во вршење служба од страна на припадници на затворската полиција, односно од шест на 15.

Во текот на 2024 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи (МВР) презеде мерки за испитување на вкупно 995 случаи на посочено незаконско, непрофесионално и неетичко постапување на вработените во Министерството, по кои беа поднесени 25 кривични пријави за сторени 28 кривични дела: „предизвикување општа опасност", „злоупотреба на службената положба и овластување", „малтретирање во вршење на службата", „несовесно работење во службата", „обљуба со злоупотреба на положбата" и други.[286] Во споредба со 2024 година, во првите девет месеци на 2025 година Одделот презеде мерки за испитување на вкупно 987 случаи на посочено незаконско, непрофесионално и неетичко постапување на вработените во Министерството, по кои беа поднесени 52 кривични пријави за сторени 57 кривични дела: „Злоупотреба на службена положба и овластување", „несовесно работење во службата", „тешки дела против општа сигурност", „загрозување на сигурноста", „напад на службено лице при вршење на работи на безбедност", „малтретирање во вршење на службата" и други.[287] Иако бројот на испитани случаи во 2024 година и во првите девет месеци од 2025 година не се разликува многу, бројот на поднесени кривични пријави и кривични дела е двојно зголемен. Ова укажува дека е зголемена сериозноста на утврдените прекршувања. Дополнително, во 2025 година се забележува пораст на потешки облици на незаконито постапување, што упатува на влошување на трендот на непримерно постапување во Министерството или, пак, подобрена внатрешна детекција на злоупотребите.

До Управата за извршување на санкциите веќе шест години сè уште не е поднесена претставка за тортура и нехуман третман од страна на осудено лице.[288]

286 Министерство за внатрешни работи, „Извештај за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во деветте месеци од 2024 година", 16 октомври 2024, https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Izvestaj%20devet%20meseci.pdf.

287 Министерство за внатрешни работи, „Извештај за работата на одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во деветте месеци од 2025 година", 24 октомври 2025, https://portal.mdt.gov.mk/post-documents/oddel-za-vnatresna-kontrola-kriminalisticki-istragi-i-profesionalni-standardi-document-dSGm.pdf.

288 „Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија за 2024 година, Македонско здружение на млади правници, 2025, https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2025/03/GODISEN-IZVESTAJ-ZA-COVEKOVI-PRAVA-MZMP-2024.pdf.

## Затвори и притвори

Според податоците во Годишниот извештај за 2024 година[289] на Народниот правобранител, во текот на 2024 година, примени се 184 претставки што се однесуваат на заштита и остварување на правата на осудени и притворени лица, како и на условите во казненопоправните установи во Република Северна Македонија, односно 18 повеќе споредбено со 2023 година. Извештајот посочува на оптовареноста со преголем број осудени во установите, како и здравствената заштита. Според Годишната казнена статистика за затворската популација (SPACE I) на Советот на Европа за 2024 година, пренатрупаноста во затворите останува критичен предизвик во третина од европските затворски управи, каде што вкупниот број затвореници на сто расположливи места се зголемил од 93,5 на 94,9 меѓу 31 јануари 2023 и 31 јануари 2024 година, додека Република Северна Македонија пријавила умерена пренатрупаност.[290]

Имено, во врска со пренатрупеноста, осудените лица се принудени да спијат во смени и по ходници.[291] И покрај тоа што законската рамка дозволува алтернативни санкции, како што се домашен притвор и електронско следење, овие мерки ретко се применувале. Имено, во приемното одделение во затворот „Идризово" имало 48 осудени лица во простор предвиден за 10, додека другите објекти се недоволно искористени.[292] Обезбедувањето здравствена заштита во затворските установи било сериозно несоодветно. Во „Идризово", наводно, еден лекар бил одговорен за над 1.300 затвореници, што е причина за сериозна загриженост во врска со пристапот до здравствена заштита.[293] Во оваа насока, Фондот за здравство и Управата за извршување на санкции почнаа реформа со која треба да се обезбеди сите осудени лица да добијат здравствено осигурување веднаш по влегувањето во затворскиот систем. Претходно, за здравственото осигурување требале да чекаат и по еден месец.[294] Дополнително, се преземаат чекори за воведување на стандардизиран регистар на повреди заради подобрување на собирањето податоци и реформи на затворската политика базирани на информации.[295]

Извештајот на Народниот правобранител исто така ги истакнува и тековните проблеми со пристапот до службите за водење на матична евиденција. Во еден случај, осудено лице во „Идризово" ја одлежало казната без документ за формална идентификација, бидејќи документи, како што се извод од матичната книга на родените и број на лична

289 „Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита за човековите слободи и права 2024".

290 „Зголемена пренатрупаност во европските затвори", официјална интернет-страница на Советот на Европа, 18 јули 2025, https://www.coe.int/en/web/portal/-/increasing-overcrowding-in-european-prisons.

291 Исто.

292 „Во приемното одделение во Идризово петмина затвореници на место за еден", Телма ТВ, 10 април 2025, https://telma.com.mk/2025/04/10/vo-priemnoto-oddelenie-vo-idrizovo-petmina-zatvoreniczi-na-mesto-za-eden/.

293 „Само еден лекар на 1.316 осудени лица во најголемиот затвор во државава, затворот во Идризово", МКД, 12 април 2025, https://mkd.mk/makedonija/samo-eden-lekar-na-1-316-osudeni-lica-vo-najgolemiot-zatvor-vo-drzhavava-zatvorot-vo-idrizovo/.

294 „Затворениците нема повеќе да се лекуваат во болниците како да се неосигурани, туку за нив ќе се плаќа само партиципација", Слободен печат, 13 февруари 2025, https://bit.ly/421OZod.

295 „Властите на Северна Македонија разговараа за воспоставување стандардизиран регистар на повреди во затворите", Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје, Северна Македонија, 26 февруари 2025, https://www.coe.int/en/web/skopje/-/north-macedonia-s-authorities-discussed-the-setting-of-a-standardized-register-of-injuries-in-prisons.

карта, му биле издадени дури по речиси четири години, откако интервенирал Народниот правобранител.[296] Министерството за правда го објави новиот нацрт-закон за пробација, кој носи суштински промени насочени кон подобрување на правдата, заштита на жртвите и зголемување на ефикасноста на пробациската служба.[297] На 21 мај, Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје ја најави изработката на нови Стандардни оперативни постапки за затворскиот персонал, со цел подобрување на професионализмот и стандардизирање на практиките во целиот казнено-поправен систем.[298]

Синдикатот на затворската полиција и администрација во рамките на Независниот синдикат на државната администрација во февруари ги истакна проблемите со коишто се соочуваат затворските службеници. Тој ја нагласи потребата од подобрување на правата на вработените и условите во затворскиот систем.[299] Постојат сериозни недостатоци во надзорот на затворениците, внатрешната контрола и безбедносните постапки и за персоналот и за осудениците. Потврда за ова се многубројните инциденти, како напади врз затворскиот персонал[300] и тепачки меѓу затворениците и во машкото[301] и во женското одделение,[302] физички напад врз чувар за време на трансфер до суд,[303] напад врз затворски полицаец.[304]

296 „Без матичен број и извод од родени, издржувал казна во Идризово со отисок од прст – Извештај на Омбудсманот за 2024 година", Телма ТВ, 15 април 2025, https://telma.com.mk/2025/04/15/golem-broj-pretstavki-do-narodniot-pravobranitel/.

297 „Нов предлог-закон за пробација објавен на ЕНЕР", официјална интернет-страница на Министерството за правда, 5 септември 2025, https://pravda.gov.mk/vest/6874.

298 „Нови стандардни оперативни процедури се воведени во Северна Македонија за јакнење на заштитата на човековите права и подобрување на ефикасноста", Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје, Северна Македонија, 21 мај 2025, https://www.coe.int/en/web/skopje/-/new-standard-operating-procedures-in-north-macedonia-to-ensure-enhanced-human-rights-safeguards-and-operational-effectiveness.

299 „Затворските полицајци се жалат дека криминалци ги малтретираат после работа: Напуштаат работа бидејќи е неиздржливо да се работи во скопските затвори", Plusinfo.mk, 4 февруари 2025, https://bit.ly/42ykFSb.

300 „Осуденик претепал затворски полицаец", 24 Инфо, 14 јануари 2025, https://bit.ly/4losgug.

301 „Нападнат затвореник во Идризово", 24 Инфо, 16 јануари 2025, https://bit.ly/3RIT3DD.

302 „'Женска' тепачка во Идризово, осуденичка е тешко повредена", Скопје Инфо, 25 мај 2025, https://bit.ly/4i4E6Xp.

303 „Затвореник од Идризово нападнал чувар", 24 Инфо, 20 јануари 2025, https://bit.ly/3Ely5HX.

304 „Осуденик нападна затворски полицаец во Идризово", Телма, 25 август 2025, https://telma.com.mk/2025/08/25/osudenik-napadna-zatvorski-policzaecz-vo-idrizovo/.

## Заштита на лични податоци

Во 2024 година биле поднесени вкупно 249 претставки до Агенцијата за заштита на лични податоци (АЗЛП), од кои 247 се за злоупотреби на социјалните мрежи.[305] Најкарактеристични се пријавите за лажни профили, пробиени профили, неовластено објавување на туѓи фотографии и видеоснимки на профили на социјални медиуми, злоупотреба на лични податоци и друго. Меѓу другото, 12 претставки се однесуваат на повреда на правото на заштита на личните податоци на деца на социјалните мрежи.

На 29 ноември 2024 година беше донесена Стратегијата за спроведување на правото на заштита на личните податоци во Република Северна Македонија 2025-2030,[306] каде што се наведени активностите на АЗЛП за следните пет години, во насока на постигнување на четири клучни цели во спроведувањето на правото на заштита на личните податоци:

1. Обезбедување на целосна автономија и независност на АЗЛП;
2. Усогласување на законодавството;
3. Подигнување на свеста и поттикнување култура на заштита на личните податоци;
4. Спроведување алатки за одговорност.[307]

Кон крајот на годината, АЗЛП донесе[308] неколку годишни програми, вклучувајќи ја и Работната програма за 2025 година,[309] како и својата Годишна програма за надзор[310] и Годишната програма за обука за контролори и обработувачи.[311] Истовремено, АЗЛП донесе и[312] неколку релевантни подзаконски акти во 2024 година, меѓу кои:

- Нов Правилник за безбедност на обработката на личните податоци[313] што почна да се применува од први јули 2025 година;
- Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци;[314]

305 „Годишен извештај 2024“, Агенција за заштита на личните податоци, https://azlp.mk/wp-content/uploads/2025/04/GODISEN-IZVESTAJ-AZLP-2024.pdf.

306 „Промоција на Стратегијата за спроведување на правото за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија 2025-2030“, официјална интернет-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, 30 ноември 2024, https://bit.ly/40C2hXE.

307 АЗЛП, „Стратегија за спроведување на правото за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија 2025-2030“, ноември 2024, https://azlp.mk/wp-content/uploads/2024/11/Strategija_2025-2030_mk.pdf.

308 „Донесени годишни програми за работа на Агенцијата за 2025 година“, официјална интернет-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, 24 декември 2024 година, https://bit.ly/40fn6a4.

309 Агенција за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, „Програма за работа на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2025 година“, декември 2024 година, https://bit.ly/4g8QynY.

310 Агенција за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, „Годишна програма за супервизија за 2025 година“, декември 2024 година, https://bit.ly/40qREpt.

311 Агенција за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, „Годишна програма за обуки на контролори и обработувачи за 2025 година“, декември 2024 година, https://bit.ly/3Cfz6jO.

312 „Донесен и објавен нов Правилник за безбедност на обработката на личните податоци“, официјална интернет-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, 26 декември 2024 година, https://bit.ly/4fYLKBC.

313 Правилник за безбедност на обработката на личните податоци, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 266/24.

314 Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 266/24.

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на супервизија.[315]

Во Годишниот извештај за 2024 година, АЗЛП ги истакна постојаните структурни слабости,[316] вклучувајќи го ограничениот персонал (17 вработени, од кои само тројца се на раководни позиции) и зависноста од Министерството за финансии и Министерството за јавна администрација за одобрение на буџетот и вработувањата. Овие ограничувања ја компромитираат оперативната и финансиската независност на АЗЛП, што е спротивно на барањата на Општата регулатива за заштита на податоците (GDPR).[317] Моментално, заклучно со октомври 2025 година, АЗЛП има вкупно 16 вработени лица (12 административни службеници, три лица помошно-технички персонал и едно лице вработено на определено време) и заменик-директор. Ова претставува 30% пополнетост на работните места според систематизираните работни места во АЗЛП.[318] Поради заминувањето на вработените лица (експерти и дипломирани правници), целосно е нарушено функционирањето на секторите, особено на Секторот за правни и општи работи, како и функционирањето на Прекршочната комисија, каде што процесирањето на прекршочните предмети се намали за повеќе од 50%. Во 2025 година, Министерството за финансии има дадено одобрение за вработување за само едно лице, а во однос на барањата за унапредување на вработените, сите четири барања се одбиени.[319] Сите овие фактори негативно се одразуваат врз спроведувањето на Стратегијата за заштита на личните податоци 2025-2030 година. Дополнително, Агенцијата подготви предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци и со овие измени и дополнувања ќе се обезбеди целосна самостојност и независност во функционирањето на Агенцијата од аспект да може без влијание (мислења и одобренија) од други институции да управува со ресурсите (човечки и финансиски) како што е предвидено и во Општата регулатива за заштита на податоците на ЕУ.[320]

На десетти април 2025 година ОЈО Скопје подигна кривична постапка против 43 лица, вклучително и вработен во Фондот за здравствено осигурување, за фалсификување документи и електронски потписи заради лажно добивање на брзи кредити на име на граѓани без нивно знаење, првенствено пензионери. Случајот откри системска ранливост во заштитата на податоците.[321] Министерот за внатрешни работи јавно ја нагласи потребата од посилни заштитни мерки и итно гонење на инволвираните лица.[322]

315 Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на супервизија, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 266/24.

316 „Годишен извештај за работата на АЗЛП за 2024 година (2025)“, http://bit.ly/44VvZrB.

317 „Агенцијата за заштита на лични податоци работи со тројца супервизори“, MKD.mk, 16 април 2025, https://mkd.mk/makedonija/agencijata-za-zashtita-na-lichni-podatoci-raboti-so-trojca-supervizori/.

318 „Придонес кон Извештајот во сенка од страна на Агенцијата за заштита на лични податоци“, 28 ноември 2025 година.

319 Исто.

320 Исто.

321 „Истрага против 43 лица меѓу кои и вработен во Фондот за здравство, фалсификувале потписи и лични карти и со нив земале брзи кредити на туѓо име“, Сакам да кажам, 10 април 2025, https://sdk.mk/index.php/neraskazhani-prikazni/istraga-protiv-43-litsa-megu-koi-i-vraboten-vo-fondot-za-zdravstvo-falsifikuvale-potpisi-i-lichni-karti-i-so-niv-zemale-brzi-krediti-na-tugo-ime/.

322 „Тошковски: Организаторите на измамата со брзи кредити ќе бидат итно изведени пред суд“, Телма ТВ, 11 април 2025, https://telma.com.mk/2025/04/11/toshkovski-organizatorite-na-izmamata-so-brzi-krediti-ke-bidat-itno-izvedeni-pred-sud/.

Во јуни 2025 година се интензивираше јавната дебата за безбедноста на податоците. Извештај откри дека само половина од матичните книги се дигитализирани, и покрај трошоците од 8,5 милиони евра, што предизвика загриженост во врска со ефикасноста и безбедноста на податоците. Исто така, медиумите известуваа за наводи дека приватен гинеколог злоупотребил податоци од пациенти за надоместоци за услуги што не биле дадени.[323]

**Собранието да обезбеди транспарентен и деполитизиран процес за избор на нов Народен правобранител, во согласност со Париските начела и националното законодавство;**

**Избирање на пет заменици на Народниот правобранител, со цел да се обезбеди целосно и ефикасно функционирање на Народниот правобранител на централно и на локално ниво;**

**Државата да обезбеди адекватни финансиски средства и доволна кадровска пополнетост на Агенцијата за заштита на личните податоци, со цел ефективно спроведување на Законот за заштита на личните податоци, како и Стратегијата за заштита на личните податоци 2025-2030 година.**

323 „Скандал со матичните гинеколози – лажеле дека жени направиле ПАП-тест за да земат пари од ФЗОМ!“, Слободен печат, 14 јуни 2025, https://www.slobodenpecat.mk/video-skandal-so-matichnite-ginekolozi-lazhele-deka-zheni-napravile-pap-test-za-da-zemat-pari-od-fzom/.

## Слобода на изразување

На 22 април, Собранието на Република Северна Македонија донесе измени на Законот за медиуми, со кои се проширува законската дефиниција за „медиуми" за да ги вклучи и онлајн-порталите, кои сега се подложени на регистрација кај Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ). Измените имаат цел да ја подобрат транспарентноста и да ги олабават условите во однос на бројот на вработени за да можат да се регистрираат.[324] Иако беа поздравени од Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ),[325] граѓанските организации забележаа недостатоци, вклучително и недоволна усогласеност со прописите на ЕУ за медиумите, отсуство на мерки за заштита од политичко влијание и ограничена заштита од стратешки тужби против учество на јавноста (SLAPP).[326] Дополнително, по неуспешниот обид на Собранието во февруари да го обезбеди потребното двотретинско мнозинство[327] за избор на нови членови на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ),[328] на 24 јуни Собранието го заврши именувањето на нови членови во Советот на ААВМУ.[329]

Република Северна Македонија има назадување во рангирањето според Индексот за слобода на медиумите на „Репортери без граници" за 2024 година. Земјата моментално е на 42. место, што претставува пад од шест места во однос на претходната година. Извештајот го истакна растечкиот притисок врз критичкото новинарство, како и влијанието на политичките интереси преку рекламирањето и јавното финансирање.[330]

Во рамките на завршниот настан на Твининг проектот финансиран од Европската унија, „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис", во јануари 2025 година беше промовиран трријазичниот Прирачник за препознавање дезинформации.[331] Публикацијата на едноставен и практичен начин објаснува како да се препознаат и да се проверуваат дезинформации, фотографии, видеа и лажни профили на социјалните мрежи, како и кои се најчестите техники што се користат при нивното создавање, вклучувајќи лажни експерти, манипулативни логички конструкции, селективно претставување факти и теории на заговор.

324 „Собранието ги донесе измените на Законот за медиуми со поблаги услови за регистрација на интернет-порталите", 360 степени, 22 април 2025, https://360stepeni.mk/sobranieto-gi-donese-izmenite-na-zakonot-za-mediumi-so-poblagi-uslovi-za-registratsija-na-internet-portalite/.

325 „ССНМ: Ги поздравуваме измените во Законот за медиуми, но тоа треба да е само дел од процесот за целосно усогласување со регулативата на ЕУ", Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници, 25 април 2025, https://ssnm.org.mk/soopstenija/ssnm-gi-pozdravuvame-izmenite-vo-zakonot-za-mediumi-no-toa-treba-da-e-samo-del-od-procesot-za-celosno-usoglasuvanje-so-regulativata-na-eu.

326 Фондација за интернет и општество „Метаморфозис", „Оценка на измените на Законот за медиуми во Северна Македонија – делумен чекор кон европските стандарди (2025)", https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2025/04/ocenka-na-izmenite-na-zakonot-za-mediumi-vo-severna-makedonija-%E2%80%94-delumen-chekor-kon-evropskite-standardi-2.pdf.

327 „Собранието денеска не ги изгласа новите членови на АВМУ, бидејќи не се постигна двотретинско мнозинство", 24 Вести, 13 февруари 2025, https://bit.ly/4i9ZH0L.

328 „Седум кандидати за АВМУ го поминаа комисискиот филтер во Собрание", ТВ Телма, 29 јануари 2025, https://telma.com.mk/2025/01/29/sedum-kandidati-za-avmu-go-pominaa-komisiskiot-filter-vo-sobranie/.

329 „Избрани новите членови на Советот на АВМУ", Meta.mk, 24 април 2025, https://meta.mk/izbrani-novite-chlenovi-na-sovetot-na-avmu/.

330 "North Macedonia country fact file" (Досие со факти за Република Северна Македонија), Reporters without Borders, 2 мај 2025, https://rsf.org/en/country/north-macedonia.

331 „Прирачник за препознавање дезинформации", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 2025, https://mediumskapismenost.mk/wp-content/uploads/2025/01/pripracnik-za-prepoznavanje-dezinformacii_nov.pdf.

Наодите на извештајот на ААВМУ, „Родот во медиумите 2024: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во ударното време на националните телевизии“,[332] укажуваат дека во ударните термини најмногу се емитуваат серии и серијали (45%), по што следуваат информативните емисии (24%) и играните филмови (22%), додека документарните, хумористичните и музичките програми се најмалку застапени. Во содржините во кои доминираат серии од турска продукција, жените биле подолго прикажани на екранот (52% од времето на појавување и говор), додека во преостанатите типови програми, времетраењето и присутноста на мажите на екранот е значително поголема. Во најголемиот дел од анализираните содржини објективизацијата и сексуализацијата на жените биле минимални или отсутни, што претставува позитивен индикатор за унапредување на почитувањето на родовата еднаквост во медиумите. Дополнително, во одредени информативни емисии биле забележани примери на родово сензитивен и инклузивен јазик, додека родово стереотипниот јазик бил ретко застапен, а неутралните формулации доминирале во најголемиот број од програмските содржини.

Во извештајот на Фондацијата „Метаморфозис“ и Интернешнел ИДЕА, „Овозможувачи и поттикнувачи на странско мешање и манипулирање со информации за време на изборите во Република Северна Македонија“,[333] претставен во јуни, се истакнува дека опаѓањето на квалитетот на новинарството е економската несигурност на новинарите и новинарките, заработувајќи помалку од просечната плата во земјата. Во оваа насока, постојаната социоекономска несигурност за медиумските работници и понатаму загрижува, со над 2.100 вработени кои извршуваат повеќе од 3.000 работни позиции во секторот.[334] Како одговор на тоа, професионалните здруженија, вклучувајќи ги ЗНМ, ССНМ, Меѓународната федерација на новинари (МФЈ) и Институтот за истражување на општествениот развој (РЕСИС), издадоа заедничка декларација со која повикуваат на зајакнати работнички права, безбедни работни услови и воспоставување Јавен фонд за медиумски плурализам. Дополнително, самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) побара итно зголемување на минималната плата, со цел да се заштити достоинството на новинарите и медиумските работници, во општество во коешто повеќе од 50% од вработените во медиумите имаат приходи под националниот просек, а голем дел од нив заработуваат само минимална плата.[335]

332 Проф. д-р Владимир Божиновски и др., „Родот во медиумите 2024: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во ударното време на националните телевизии“, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 2025, https://bit.ly/49FCFhg.

333 Деспина Ковачевска и др., „Овозможувачи и поттикнувачи на странско мешање и манипулирање со информации за време на изборите во Република Северна Македонија“, Фондација „Метаморфозис“ за интернет и општество; Интернешнел ИДЕА, n.d., https://www.idea.int/sites/default/files/2025-11/fimi-north-macedonia-MC.pdf.

334 „Во медиумската професија 2.100 луѓе извршуваат над 3.000 работни позиции“, Радио МОФ, 27 мај 2025, https://www.radiomof.mk/vo-mediumskata-profesija-2-100-lugje-izvrshuvaat-nad-3-000-rabotni-pozicii/.

335 „ССНМ бара зголемување на минималната плата за да се зачува слободата на медиумите и достоинството на новинарите“, Радио МОФ, 7 август 2025, https://www.radiomof.mk/ssnm-bara-zgolemuvanje-na-minimalnata-plata-za-da-se-zachuva-slobodata-na-mediumite-i-dostoinstvoto-na-novinarite/.

На иницијатива на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ), во ноември 2024 година беа поставени основите за формирање Мрежа на жени во медиумите во Република Северна Македонија „Еднакви“.[336] Оваа мрежа е создадена како одговор на неправдите, дискриминацијата и кршењето на правата на жените новинари и медиумски работници. Таа има цел да дејствува неформално за да ги заштити тие права и да го подобри известувањето за родово чувствителни теми.[337] Покрај тоа, беше почната и иницијатива за нов Етички кодекс за новинари.[338] Беа одржани неколку консултативни состаноци со новинари и други медиумски работници на кои се дискутираше за современите потреби и предизвици со кои се соочува медиумскиот сектор.[339] Почна и изготвувањето на новиот Етички кодекс, наменет за унапредување на професионалната етика и медиумската отчетност.[340]

Откако беа објавени претстојните локални избори предвидени за октомври 2025 година, ААВМУ почна со следење на радиодифузерите на ист начин како и пред почетокот на изборната кампања. До почетокот на изборната кампања, ААВМУ ќе врши дневно следење на девет телевизиски програмски сервиси на државно ниво што имаат најголем просечен број гледачи до кои допираат, додека сите други програмски сервиси ќе бидат мониторирани врз основа на претставки.[341] Координативното тело за пријавување и постапување по претставки за време на избори или референдум беше реактивирано и го одржа својот прв состанок,[342] како механизам за заштита и почитување на правото на слобода на изразување и информирање.[343] Во извештајниот период, Државната изборна комисија (ДИК) прими вкупно 352 барања за регистрација во регистарот на радиодифузери, печатени медиуми, електронски медиуми и интернет-портали за Локалните избори во 2025 година, од кои 33 се телевизиски станици, 42 се радиостаници, осум се печатени медиуми и 246 се интернет-портали. Приближно 6,5 милиони евра ќе бидат потрошени за платено политичко рекламирање во медиумите или 66% од вкупниот буџет на ДИК за локалните избори.[344]

336 „Под покровителство на ССНМ тргна иницијативата за формирање на мрежа на жени во медиумите“, официјална интернет-страница на Самостојниот синдикат на новинари и медиуми, 4 ноември 2024, https://ssnm.org.mk/aktivnosti/pod-pokrovitelstvo-na-ssnm-trgna-inicijativata-za-formiranje-na-mrezha-na-zheni-vo-mediumite.

337 „Промовирана Мрежата на жени во медиумите ’Еднаква‘“, Радио МОФ, 10 декември 2024, https://www.radiomof.mk/promovirana-mrezhata-na-zheni-vo-mediumite-ednakva/.

338 „Иницијатива за нов етички кодекс: Зачекорување кон современи медиумски стандарди“, официјална интернет-страница на Здружението на новинарите на Македонија, 10 ноември 2024, https://bit.ly/3Wo2s6q.

339 „Новинари и медиумски работници во Струмица дискутираа околу изработката на новиот Етички кодекс на новинарите“, Радио МОФ, 24 ноември 2024, https://www.radiomof.mk/novinari-i-mediumski-rabotnici-vo-strumica-diskutiraa-okolu-izrabotkata-na-noviot-etichki-kodeks-na-novinarite/.

340 „Започна процесот за изработка на нов етички кодекс за новинарите и медиумите во Северна Македонија“, официјална интернет-страница на Здружението на новинарите на Македонија, 27 декември 2024 година, https://bit.ly/3DX8Rzk.

341 „АВМУ ќе врши мониторинг на медиумското известување во предизборниот период“, официјална интернет-страница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 9 август 2025, https://bit.ly/3LuncqC.

342 „Одржан состанок на Координативното тело за пријавување и постапување по претставки за време на избори или референдум“, официјална интернет-страница на Кодексот на однесување во онлајн-просторот за време на изборни процеси и референдуми, 21 август 2025, https://bit.ly/47I0XEZ.

343 „Реактивиран механизмот за жалби поврзани со изборните активности во онлајн-просторот“, Вистиномер, 14 август 2025, https://bit.ly/4nHJkuZ.

344 „За рекламирање за локалните избори во ДИК регистрирани 246 портали, 33 телевизии и 42 радиостаници, ќе се потрошат 6,5 милиони евра од буџетот“, SDK.mk, 23 август 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/za-reklamirane-za-lokalnite-izbori-vo-dik-registrirani-246-portali-33-televizii-i-42-radiostanitsi-ke-se-potroshat-6-5-milioni-evra-od-budhetot/.

## Јавен радиодифузен сервис

Во текот на 2025 година, процесот за избор на нов Програмски совет на Јавниот радиодифузен сервис на Република Северна Македонија (МРТ) помина низ низа клучни фази. Во април, Собраниската комисија за прашања на избори и именувања ја заврши проверката на пријавите и утврди дека 24 кандидати ги исполнуваат условите за членство во Програмскиот совет од вкупно 24 поднесени апликации.[345] Следно, во април, Комисијата ја утврди предлог-одлуката за именување на нови членови на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија со 12 кандидати,[346] по што во јуни беа изгласани новите членови на Програмскиот совет,[347] со што телото конечно доби состав по шест години додека работеше со вршител на должност.

345 „Вкупно 24 кандидати на листата за Програмски совет на МРТ", Biznisvesti.mk, 10 април 2025, https://biznisvesti.mk/vkupno-24-kandidati-na-listata-za-programski-sovet-na-mrt/.

346 „Предложени нови членови на Програмскиот совет на МРТ", Македонска радио-телевизија, 28 април 2025, https://mrt.com.mk/node/127689.

347 „Избрани новите членови на Советот на АВМУ и Програмскиот совет на МРТВ", Вечер, 24 јуни 2025, https://vecer.mk/makedonija/ff1f43e2-2758-42c1-b3f9-011b9a57882f-1.

## Притисок врз новинари

Во 2024 година, ЗНМ регистрираше четири случаи на напади[348] и закани кон новинари и медиумски работници, што е намалување во споредба со 2023 година. Сите четири инциденти беа пријавени до Министерството за внатрешни работи (МВР), а еден беше директно пријавен и до ОЈО. И покрај намалувањето на бројот на напади во споредба со претходната 2023 година, загрижувачки е што овие случаи не беа брзо решени, а изостануваат и информации од ОЈО за текот на постапките.[349] Од четирите регистрирани случаи, два инцидента се против две новинарки. Во јуни, професионални организации донесоа Декларација за одбрана на професионалното новинарство, повикувајќи на прекин на нападите и дискредитирачките кампањи против новинарите.[350]

Истражувањето „Предизвици и напредок: Безбедноста на новинарките во Северна Македонија 2024"[351] истакнува дека новинарките се соочуваат со постојани закани од физичко, вербално и онлајн-насилство. Онлајн-злоупотребата значително се зголеми, со насилнички коментари и киберзакани што ги загрозуваат личната безбедност и професионалната стабилност на новинарките. Дополнително, се истакнува и сексуалното вознемирување, која ги таргетира новинарките, особено оние што известуваат за чувствителни или неконвенционални теми или имаат видливи јавни позиции во однос на одредени општествени сегменти или прашања. Во оваа насока, медиумските организации ги осудуваат нападите кон новинарките, поврзувајќи ги со зголемениот тренд на родово засновани закани[352] и повикуваат на институционален одговор[353] и родово чувствителни заштитни мерки.[354]

Во извештајниот период беа забележани многубројни облици на притисок врз новинари, новинарки и медиумски екипи: неовластено снимање и дистрибуција на видео во кое се појавува новинар;[355] подметнување пожар насочен кон возилото на уредник на локална телевизија и онлајн-медиум;[356] онлајн-закани[357] и несоодветен јазик насочен

348 Милан Спировски и Верче Тодоровска-Костовска, „Северна Македонија – Индикатори за степенот на слободата на медиумите и индекс на безбедноста на новинарите 2024", Safejournalist.net, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2025/08/AJM_Indicator-Report-2024_MKD.pdf.

349 Исто.

350 „Усвоена Декларација за одбрана на професионалното новинарство на Годишно собрание на ЗНМ", Макфакс, 26 јуни 2025, http://bit.ly/4eYogOh.

351 Милан Спировски и Верче Тодоровска-Костовска, „Северна Македонија – Предизвици и напредок: Безбедноста на новинарките во Северна Македонија 2024", Safejournalist.net, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2025/08/woman-MKD-MKD-2025.pdf.

352 „Женската медиумска мрежа ЕДНАКВА и ССНМ со поддршка за новинарката Вренцовска", Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници, 6 јануари 2025, https://bit.ly/4i7UOFb.

353 „ЗНМ бара итна истрага за запаленото возило на дописничката на СДК.МК", Здружение на новинари на Македонија, 6 јануари 2025, https://znm.org.mk/en/ajm-calls-for-an-urgent-investigation-into-the-burned-vehicle-of-sdk-mks-correspondent/.

354 „ЗНМ и ССНМ: Осуда за малициозното таргетирање на новинари и медиуми од Драган Павловиќ Латас", Здружение на новинари на Македонија, 26 февруари 2025, https://bit.ly/4jiBZ39.

355 „ЗНМ и ССНМ повикуваат на итна истрага за прекршување на правата на новинарката Мирослава Симоновска", Радио МОФ, 2 ноември 2024, https://www.radiomof.mk/znm-i-ssnm-povikuvaat-na-itna-istraga-poradi-prekrshuvanje-na-pravata-na-novinarkata-miroslava-simonovska/.

356 „Запалено возилото на новинарот Серсемов, ЗНМ бара итна акција на МВР", Радио МОФ, 24 октомври 2024, https://www.radiomof.mk/zapaleno-voziloto-na-novinarot-sersemov-znm-bara-itna-akcija-na-mvr/.

357 „Новинарка пријавила закани од лажен профил на социјални мрежи", MKD.mk, 3 ноември 2024, https://mkd.mk/novinarka-prijavila-zakani-od-lazhen-profil-na-socijalni-mrezhi/.

кон новинарите на социјалните медиуми;[358] забрана на медиумска екипа да снима судско рочиште во Основниот суд Битола,[359] пратеник ги спречува новинарите да земат изјава од новиот директор на Агенцијата за национална безбедност (АНБ),[360] ограничувањата при известувањето по трагедијата во Кочани,[361] запалено возило во сопственост на новинарка,[362] злоупотреба на лични слики и говор на омраза/сексуално вознемирување упатени кон новинарки кои се занимаваат со истражувачко новинарство,[363] физички напад врз медиумска екипа која известуваше за депонија што се запали на почетокот на јули[364] и онлајн-вознемирување на новинарка.[365]

**МВР, ОЈО и судовите да обезбедат брза и ефективна истрага и санкционирање на сите случаи на напади, закани, вознемирување и притисок врз новинари и новинарки, со посебни протоколи за заштита на новинарките од родово засновано насилство;**

**Да се зајакнат социоекономските услови и работничките права на новинарите и медиумските работници, вклучително и донесување на колективен договор, фер плати и безбедни работни услови;**

**Институциите и медиумските регулатори да поддржат континуирани обуки за медиумска писменост и борба против дезинформации, вклучително и широка примена на Прирачникот за препознавање дезинформации;**

**Медиумските куќи да донесат и да спроведуваат родово сензитивни политики, вклучувајќи нулта толеранција кон сексуално вознемирување и промовирање на родово балансирано известување;**

**При покривање на изборни процеси, ААВМУ и ДИК да обезбедат правична застапеност, транспарентност и пристап на сите медиуми, со јасни постапки за поднесување и решавање претставки за нарушувања.**

358 „ЗНМ ја осудува непримерната комуникација кон новинарот Срѓан Стојанчов“, официјална интернет-страница на Здружението на новинарите на Македонија, 12 ноември 2024, https://bit.ly/3CqUiDv.

359 „Поднесена пријава за недолично однесување на судијка од битолскиот суд“, официјална интернет-страница на Здружението на новинарите на Македонија, 6 ноември 2024, https://bit.ly/4g3js9g.

360 „Попречувањето на новинарската работа е недозволено, вели ЗНМ за недоличното однесување на пратеникот Ковачки“, Сакам да кажам, 12 ноември 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/poprechuvaneto-na-novinarskata-rabota-e-nedozvolivo-veli-znm-za-nedolichnoto-odnesuvane-na-pratenikot-kovachki/.

361 „ЗНМ и СЕММ: Апел за внимателно и етичко известување за трагедијата во Кочани“, Здружение на новинари на Македонија, 16 март 2025, https://bit.ly/427xKlv.

362 „Запалена колата на дописничката на Сакам да кажам од Охрид“, Сакам да кажам, 6 јануари 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/zapalena-kolata-na-dopisnichkata-na-sakamdakazham-mk-od-ohrid/.

363 „Од што се плаши Латас кога ве поттикнува да нѐ силувате и линчувате“, Истражувачка репортерска лабораторија, 27 февруари 2025, https://irl.mk/od-shto-se-plashi-latas-koga-ve-pottiknuva-da-ne-siluvate-i-linchuvate/.

364 „Чадот од Визбегово го ’задуши‘ Скопје“, Дојче веле, 9 јули 2025, https://www.dw.com/mk/cadot-od-vizbegovo-go-zadusi-skopje-gorat-stari-vozila-i-se-slusaat-detonacii/a-73213399.

365 „ССНМ го осудува и бара онлајн малтретирањето на новинарката Мирослава Симоновска веднаш да престане“, Радио МОФ, 15 август 2025, https://www.radiomof.mk/ssnm-go-osuduva-i-bara-onlajn-maltretiranjeto-na-novinarkata-miroslava-simonovska-vednash-da-prestane/.

## Правата на детето

На осми август, Владата на Република Северна Македонија го донесе Националниот акциски план за правата на децата 2025-2029, преземајќи значаен чекор кон исполнување на своите обврски кон Комитетот на ОН за правата на детето и спроведување на Европската детска гаранција. Клучна компонента на планот е воспоставување на национален механизам за координација и следење на спроведувањето на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето (UNCRC) преку измени на Законот за заштита на децата. Со ова ќе се формира специјализирано тело за следење на правата на децата, кое ќе биде задолжено за координирање на спроведувањето на планот, како и за обезбедување на системски надзор над спроведувањето на Конвенцијата.[366] Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ)[367] ја поздрави одлуката на Владата за донесување на Националниот акциски план за правата на децата 2025-2029, наведувајќи дека мерката за создавање на Национален комитет за правата на децата и донесувањето на Националниот акциски план за правата на децата ги исполнуваат важните критериуми за пристапување кон ЕУ утврдени во Патоказот за владеење на правото на земјата.

Според Државниот завод за статистика (ДЗС), бројот на пријавени деца кои го прекршиле законот во 2024 година[368] е зголемен за 12,2% во однос на 2023 година, а бројот на деца осудени за кривични дела е намален за 2,3%. Пријавени се 486 деца, а од кои 300 деца биле осудени затоа што биле прогласени за виновни за кривични дела против животот и телото, против слободите и правата на човекот и граѓанинот, против здравјето на луѓето, против имотот, против безбедноста на јавниот сообраќај или против јавниот ред. Со огромна загриженост се издвојува случајот што открива сериозен системски пропуст во третманот на малолетничките: 14-годишна осуденичка била држена заклучена во ќелија по 22 часа на ден, бидејќи нема посебен објект за малолетнички во женското крило на затворот во Идризово.[369] Народниот правобранител отворил предмет во врска со детето и успеал да ја премести во Воспитно-поправниот дом Тетово во Волковија, каде што сега има цел објект на располагање само за неа.[370]

Правата на образование се кршат во воспитно-поправните домови. Во поправниот дом за малолетници во Тетово, 26 деца немаа никаква форма на настава, при што 12 од нив се целосно неписмени, седум немаат можност да го оформат основното образование и

366 „Усвоен Националниот акциски план за правата на децата (2025-2029) – системски исчекор за заштита и унапредување на детските права“, Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија, 8 август 2025, https://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-usvoen-nacionalniot-akciski-plan-za-pravata-na-decata-2025-2029-sistemski-iscekor-za-zashtita-i-unap.nspx.

367 УНИЦЕФ Северна Македонија, „УНИЦЕФ го поздравува усвојувањето на Националниот акциски план за правата на децата 2025-2029“, изјава од претставничката на УНИЦЕФ Лесли Милер, 15 август 2025, https://bit.ly/3NDQT9P.

368 ржавен завод за статистика (ДЗС), „Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот, 2024 година“, 29 мај 2025, https://bit.ly/4rf9Kqf.

369 „14-годишно девојче седи само во ќелија во 'Идризово' по 22 часа на ден, кај Тетово има дом за малолетници без услови за девојчиња“, Слободен печат, 9 септември 2025, https://www.slobodenpecat.mk/14-godishno-devojche-sedi-samo-vo-kjelija-vo-idrizovo-po-22-chasa-na-den-kaj-tetovo-ima-dom-za-maloletnici-bez-uslovi-za-devojchinja/.

370 „14-годишното девојче кое беше заклучено по 22 часа на ден во 'Идризово', е префрлено во Воспитно-поправниот дом 'Тетово'“, Слободен печат, 9 октомври 2025, https://www.slobodenpecat.mk/14-godishnoto-devojche-koe-beshe-zaklucheno-po-22-chasa-na-den-vo-idrizovo-prefrleno-e-vo-vospitno-popravniot-dom-tetovo/.

седум, иако имаат основно образование, не можеа да продолжат во средно образование.[371] На почетокот на учебната година 2025/2026, Народниот правобранител изјави дека наставата во Воспитно-поправниот дом во Тетово не почнала на први септември. Последователно го почнал ова прашање пред Министерството за образование и наука, но тие не одговориле на неговата искажана загриженост.[372]

## Ранливи групи и начелото на недискриминација

Првата седница на Националното координативно тело за еднаквост и недискриминација се одржа во февруари. Министерот за социјална политика, демографија и млади ја нагласи важноста на ова тело како практичен механизам со широки одговорности во следењето на спроведувањето, предлагањето подобрувања и координирањето на напорите на државата во рамките на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација (2022-2026). Во подготовка е втор Акциски план (2025-2026), со цел консолидирање на меѓуинституционалната соработка и систематските одговори на нееднаквоста.[373]

371 „Државата на 7 штитеници во ВП дом 'Тетово' им го прекинала образованието, на уште толку не им дала да продолжат со средното", Сакам да кажам, 12 мај 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/drzhavata-na-7-shtitenitsi-vo-vp-dom-tetovo-im-go-prekinala-obrazovanieto-na-ushte-tolku-ne-im-dala-da-prodolzhat-so-srednoto/.

372 „Нема настава во Воспитно-поправниот дом 'Тетово' – Министерството за образование молчи за проблемот", Слободен печат, 24 септември 2025, https://www.slobodenpecat.mk/nema-nastava-vo-vospitno-popravniot-dom-tetovo-ministerstvoto-za-obrazovanie-molchi-za-problemot/.

373 „Прва конститутивна седница на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област", официјална интернет-страница на Министерството за социјална политика, демографија и млади, 12 февруари 2025, https://bit.ly/4cxgpGc.

## Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Кон крајот на изминатата година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) претрпе измени. Согласно начелото на ротирачко претседателство, КСЗД на први октомври 2024 година избра нов претседател и заменик-претседател.[374] Потоа, на 17 февруари, Собранието објави јавен повик за избор на еден член на КСЗД со мандат од пет години.[375] На први април заврши процесот на избор на нов член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД).[376] Назначувањето кандидат со партиски врски на осми април[377] предизвика критики од Мрежата за заштита од дискриминација (МЗД), кои изразија загриженост во врска со независноста, професионализмот и придржувањето на законските критериуми.[378] Во јануари беше донесен и новиот Деловник за работа на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), за да се придонесе кон институционалната рамка за справување со дискриминацијата.[379]

Според годишниот извештај за 2024 година,[380] КСЗД работеше на вкупно 485 предмети за заштита од дискриминација, од кои 407 новоотворени во 2024 година и 78 предмети пренесени од претходната година. Од новите 407 предмети, 405 се претставки поднесени од граѓани и организации, а преостанатите два се постапки што КСЗД ги поведе по службена должност. Донесени се 316 одлуки од кои 38% се одлуки за утврдување дискриминација, а 52% се одлуки за отфрлање претставка, односно за непостапување или запирање на постапката. Од одлуките за утврдување дискриминација, во 56 случаи или 37% е утврдена дискриминација, а во 96 случаи или 63% не е утврдена дискриминација. Најголем број претставки се поднесени за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност (27%), додека по областа најмногу претставки се поднесени за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи (39%). Најчесто место на сторена дискриминација е во институциите на јавниот сектор (37 случаи или 66%), а утврдени се и случаи во приватниот сектор (9 случаи или 16%), како и на социјалните мрежи и медиумите (10 случаи или 18%). Дополнително, КСЗД истакна дека жените поднеле повеќе претставки за дискриминација од мажите во 2024 година.[381]

Во првите девет месеци од 2025 година, до КСЗД биле доставени 319 претставки, а отворени се четири предмети за заштита од дискриминација по службена должност. Во извештајниот

---

374 „Нов претседател на КСЗД", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 1 октомври 2024, https://bit.ly/3OR43h0.

375 „Одлука за објавување јавен оглас за избор на член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација", официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 17 февруари 2025, https://bit.ly/4jrXM8Q.

376 „Осум кандидати за член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги претставија нивните кандидатури", Сител телевизија, 1 април 2025, https://Sitel.com.mk/osum-kandidati-za-chlen-na-komisijata-za-sprechuvanje-i-zashtita-od-diskriminacija-gi-pretstavija.

377 „Никола Затуроски избран за член на Регулаторната комисија за домување, Вецко Здравески за член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација", МИА – Медиумска информативна агенција, 8 април 2025, http://bit.ly/3Goqmdj.

378 „Собранието ја урива суштината на КСЗД преку именување членови под партиски клуч кои не ги исполнуваат законските услови", Мрежа за заштита од дискриминација, 4 април 2025, https://mzd.mk/en/vesti/kszd_sobranie/.

379 Деловник за работа на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 4/2025.

380 „Годишен извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2024 година, Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), 2025, https://bit.ly/3LDCB8C.

381 „КСЗД: Жените почесто од мажите пријавиле дискриминација врз основите пол, род или образование", A1 On, 16 април 2025, https://a1on.mk/macedonia/kszd-zhenite-pochesto-od-mazhite-prijavile-diskriminacija-vrz-osnovite-pol-rod-ili-obrazovanie/.

период КСЗД донесе вкупно 229 одлуки од кои во 45 случаи е утврдена дискриминација, во 54 случаи не била утврдена дискриминација, а 130 случаи биле отфрлени, односно не се постапувало по нив или била запрена постапката. Случаите во кои била утврдена дискриминација се однесуваат на областите на работата и работните односи (24 случаи), образование, наука и спорт (5 случаи), пристап до добра и услуги (4 случаи), јавно информирање и медиуми (3 случаи), здравствена заштита (2 случаи), култура (1 случај), домување (1 случај), остварување на правото на надоместок заради попреченост (1 случај). Во дел од случаите, КСЗД утврди дискриминација во две области: областа образование, наука и спорт и областа пристап до добра и услуги (2 случаи), областа работа и работните односи и областа пристап до добра и услуги (1 случај) и областа домување и областа пристап до добра и услуги и инфраструктура.[382]

Во јули, КСЗД исто така издаде општа препорака до општините, повикувајќи ги да преземат системски и недискриминаторски мерки и активности за да обезбедат соодветно домување, урбанистичко планирање, легализација на домови, поврзување со јавна инфраструктура, како и административна поддршка и услуги за припадниците на населението кои живеат во неформални и супстандардни населби, особено за Ромите.[383]

Во извештајот „Извештај за интерсекциска и повеќекратна дискриминација кон жените и девојчиња Ромки во пристапот до правда",[384] објавен во јуни, КСЗД истакнува дека во Република Северна Македонија постои висок степен на дискриминација кон жени и девојчиња Ромки во пристапот до правда, правосудство и управа, но ваквата фактичка состојба не е доволно препознаена од страна на жртвите на дискриминација, што дополнително се изразува и со недоволно познавање на достапните механизми за заштита од дискриминација. Дополнително, јавните и административните службеници во управата и во правосудството сè уште функционираат со високо ниво на несвесна пристрасност и недостаток од родова и културна сензитивност, особено кон ромската етничка заедница. Отсуството на задолжителни и континуирани обуки за препознавање и спречување дискриминација од страна на административните службеници резултираат со институционално однесување што често ја одржува и ја продлабочува маргинализацијата на Ромките. Ромките се речиси целосно отсутни од јавната администрација и од одлучувачките позиции во институциите што може да влијае во промената на однесувањето на институциите кон ромската заедница.

Во извештајниот период, КСЗД продолжи да работи со сериозно недоволни финансиски и човечки ресурси, што директно го ограничува нејзиниот капацитет за целосно спроведување на законските надлежности. Иако има систематизирани 46 работни места, пополнети се само 17 (36%), а буџетот покрива претежно плати, без средства за развој, теренска работа или техничко унапредување.[385]

382 Комисија за спречување и заштита од дискриминација на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 17 октомври 2025.

383 „Општа препорака за домување", Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 9 јули 2025, https://bit.ly/4p5oKG3.

384 Анастасија Муратовска и др., „Извештај за потешки форми на дискриминација – Извештај за интерсекциска и повеќекратна дискриминација кон жените и девојчиња Ромки во пристапот до правда", Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), https://kszd.mk/wp-content/uploads/2025/06/18.06.CPPD-INTERSECTIONAL.pdf.

385 „Придонес кон Извештајот во сенка од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација", 1 декември 2025 година.

## Правата на лицата со попреченост

Во октомври 2024 година, во новиот парламентарен состав формирана е Интерпартиска парламентарна група за правата на лицата со попреченост. Таа има цел да ја подигне јавната свест и да обезбеди потребите на лицата со попреченост да се преточени во специфични законски одредби што го гарантираат остварувањето на нивните права и создаваат услови за еднакви можности.[386]

Во периодот што е предмет на извештајот имаше неколку случувања, вклучително и во законодавството, поврзани со правата на лицата со попреченост. Министерството за дигитална трансформација (МДТ) во јануари почна консултации за нов Закон за пристапност на лицата со попреченост до државните интернет-страници и апликации, со цел да се обезбеди интернет-страниците и мобилните апликации од јавниот сектор да се достапни за сите граѓани, вклучително и за лицата со попреченост.[387] Оваа законска иницијатива е во насока на усогласување со стандардите на ЕУ за дигитална пристапност. Законот беше донесен во септември,[388] но сè уште го исклучува приватниот сектор и ја изоставува покриеноста со дигитални асистивни уреди, кои во голема мера остануваат недостапни или не се поддржани од државата.[389] Дополнително, во насока на пристапноста на лицата со попреченост, во декември 2024 година, ААВМУ одржа работни состаноци со националните телевизии и давателите на аудиовизуелни услуги по барање, со цел разјаснување на обврските што произлегуваат од новиот Правилник за пристапност до медиумските услуги. Со правилникот, што се применува од 2025 година, националните телевизии и услугите по барање се должни постепено да овозможуваат пристапност на дел од своите содржини за лица со оштетен слух и вид. На крајот на 2024 и почетокот на 2025 година, сите даватели доставија акциски планови за пристапност, а од 2026 година ќе поднесуваат годишни извештаи за спроведувањето на овие обврски.[390] ААВМУ ги сублимираше плановите и објави преглед на медиумските содржини приспособени за лицата со сетилна попреченост.[391] За полесна комуникација, воспоставена е онлајн-контакт точка на адресата dostapnost@avmu.mk, наменета за информации, претставки и годишни извештаи поврзани со пристапноста на медиумските услуги.

Во јули, Владата на Република Северна Македонија предложи измени на Законот за вработување на инвалидни лица, со што ќе се овозможи вработување на лица со

386 „Формирана ИППГ за правата на лицата со попреченост“, Racin.mk, 30 октомври 2024, https://racin.mk/vesti/formirana-ippg-za-pravata-na-liczata-so-poprechenost/.

387 „Андоновски: За прв пат Закон за пристапност на лицата со попреченост до државните веб страници и апликации“, официјална интернет-страница на Министерството за јавна администрација, 16 јануари 2025, https://bit.ly/425r87b.

388 Указ за прогласување на Законот за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 193/2025 (2025), https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/zakoni-mdt-file-YJSL.pdf.

389 „Прв клик кон пристапноста – институциите ќе ги прилагодат сајтовите за лицата со попреченост, но нееднаквоста останува“, Prizma.mk, 19 август 2025, https://prizma.mk/prv-klik-kon-pristapnosta/.

390 „Придонес кон Извештајот во сенка од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“, 20 ноември 2025 година.

391 „Преглед на програми што аудиовизуелните медиумски услуги ќе ги направат пристапни за лицата со сетилна попреченост во 2025 година“, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 2025, https://bit.ly/4akAy1B.

аутистичен спектар на нарушувања и лица со други первазивни развојни нарушувања.[392] Во февруари, Министерството за образование и наука објави дека учениците со попреченост во средното образование ќе почнат да добиваат образовни асистенти, почнувајќи од септември 2025 година. Министерството вети дека во текот на учебната година ќе обезбеди дополнителна поддршка секаде каде што е потребно, со цел да придонесе за поинклузивен образовен систем.[393] Јавниот повик за ангажирање на 328 образовни асистенти за поддршка на деца со попреченост во основните училишта беше објавен во јуни[394] додека јавниот повик за ангажирање на образовни асистенти за поддршка на деца со попреченост во средните училишта беше објавен во август.[395] Сепак, министерката за образование и наука дополнително изјави дека постојаното вработување на образовни асистенти не е можно,[396] и покрај реакциите од родителите и образовните асистенти.[397]

Дополнително, родителите и старателите на лицата со попреченост бараат формално признавање на професијата „родител-старател", со што ќе се обезбеди нивна социјална заштита и работнички права.[398] Во пресрет на локалните избори предвидени за октомври 2025 година, лицата со попреченост во Република Северна Македонија сè уште се соочуваат со значајни структурни пречки при остварувањето на правото на глас. И покрај пресудата на Апелациониот суд Скопје, каде што е потврдено дека Владата и Државната изборна комисија сториле дискриминација врз лица со попреченост, таа сè уште не е спроведена.[399] Потребни се јасни рокови и механизми за следење да ја спроведат судската пресуда, обезбедувајќи физичка пристапност на избирачките места и приспособен изборен материјал за лицата со попреченост за да се гарантира еднакво и непречено учество на сите гласачи.

392 „Предлог на Закон за изменување на законот за вработување на инвалидни лица", Собрание на Република Северна Македонија, 25 јули 2025, https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=c0ef645f-0d64-4103-8e5a-b3e8d2690957.

393 „Средношколците со попреченост од септември ќе добијат образовни асистенти", Слободен печат, 19 февруари 2025, https://bit.ly/4jhR7hb.

394 „Јавен оглас за вработување на 328 образовни асистенти", Основно училиште со ресурсен центар „Д-р Златан Сремец" – Скопје, 20 јуни 2025, http://www.zlatansremec.edu.mk/vest-statija/85511/javen-oglas-za-vrabotuvanje-na-328-obrazovni-asistenti/.

395 „Јавен оглас за вработување на 83 образовни асистенти", ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски", 6 август 2025, https://www.dsu-svnaumohridski.edu.mk/aktivnost/85874/javen-oglas-za-vrabotuvanje-na-83-obrazovni-asistenti/.

396 „Јаневска: Нема трајно вработување за образовните асистенти", Радио Слободна Европа, 20 јули 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33477668.html./.

397 „Родители и специјални едукатори извисени со новиот бран вработувања на образовни асистенти", Радио МОФ, 19 јули 2025, https://www.radiomof.mk/roditeli-i-specijalni-edukatori-izviseni-so-noviot-bran-vrabotuvanja-na-obrazovni-asistenti/.

398 „Да се признае професија родител-негувател, бараат родителите на деца со попреченост", Телма, 12 јули 2025, https://telma.com.mk/2025/07/12/da-se-priznae-profesija-roditel-neguvatel-baraat-roditelite-na-decza-so-poprechenost/.

399 „Џабе судска пресуда, нема кој да им каже на партиите да изработат изборен материјал за лицата со попреченост и на општините да стават рампи за инвалидски колички на избирачките места", Сакам да кажам, 12 август 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/dhabe-sudska-presuda-nema-koj-da-im-kazhe-na-partiite-da-izrabotat-izboren-materijal-za-litsata-so-poprechenost-i-na-opshtinite-da-stavat-rampi-za-invalidski-kolichki-na-izbirachkite-mesta/.

## Род

При крајот на 2024 година, Платформата за родова еднаквост[400] и Мрежата за заштита од дискриминација[401] ги критикуваа предложените измени на Законот за основно образование[402] и новиот Закон за средно образование,[403] кои ги отстрануваат родот, сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за дискриминација. Тие тврдеа дека ова ја поткопува заштитата од дискриминација и апелираа до Министерството за образование и наука (МОН) да ги усогласи овие закони со Законот за спречување и заштита од дискриминација. КСЗД, исто така, наведе дека ваквите измени негативно ќе влијаат врз вклучувањето на децата со попреченост во образованието, родовата еднаквост и заштитата на младите со различна сексуална ориентација и родов идентитет од насилство и дискриминација. На крајот, КСЗД нагласи дека овие измени се спротивни на Законот за спречување и заштита од дискриминација.[404] Од МОН одговорија, појаснувајќи дека терминот „и други" во одредбите за антидискриминација од горенаведените закони ги опфаќа сите видови дискриминација.[405] Сепак, во април 2025 година, стапија во сила Законот за основно образование[406] и Законот за средно образование.[407]

Продолжувајќи со законодавните реформи, во јануари, Собранието ги донесе измените и дополнувањата на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (прво читање), со кој се зајакнува институционалната одговорност за обезбедување на родово сензитивни услуги.[408] Во февруари, Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите донесе нов Акциски план за родова еднаквост во Собранието за периодот 2025-2027 година,[409] а меѓуинституционалната соработка за родова еднаквост беше зајакната со формирање на работна група за подготовка на

400 „Платформата за родова еднаквост реагира на предлог законите за основно и средно образование каде се тргнати зборовите 'родова еднаквост'", Радио МОФ, 1 ноември 2024 година, https://www.radiomof.mk/platformata-za-rodova-ednakvost-reagira-na-predlog-zakonite-za-osnovno-i-sredno-obrazovanie-kade-se-trgnati-zborovite-rodova-ednakvost/.

401 „МЗД: Измените на законите за основно и средно образование се контрадикторни за Законот за спречување на дискриминацијата", MKD.mk, 18 декември 2024, https://mkd.mk/mdz-izmenite-na-zakonite-za-osnovno-i-sredno-obrazovanie-se-kontradikotorni-za-zakonot-za-sprechuvanje-diskriminacija/.

402 МОН, „Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование" (ЕНЕР), 22 номеври 2024), https://bit.ly/3WrATJD.

403 Министерство за образование и наука, „Предлог на Закон за средното образование", Единствен национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР), 18 септември 2024 година, https://bit.ly/3PIYbGU.

404 „Реакција од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по измените и дополнувањата на Законот за основно образование", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 5 декември 2024, https://bit.ly/4jf6kjY.

405 „МЗД: Законските измени за основно и средно образование се обид за озаконување на дискриминацијата, наместо грижа и заштита", Слободен печат, 5 ноември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/mzd-zakonskite-izmeni-za-osnovno-i-sredno-obrazovanie-se-obid-za-ozakonuvanje-na-diskriminacijata-namesto-grizha-i-zashtita/.

406 „Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 74/2025, § (2025).

407 „Закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 78/2025, § (2025).

408 „Собранието донесе неколку законски решенија", Курир, 22 јануари 2025, https://kurir.mk/vesti/makedonija/sobranieto-donese-nekolku-zakonski-reshenija/.

409 „Усвоен Акцискиот план за унапредување на рамноправноста меѓу жените и мажите", официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 14 февруари 2025, https://bit.ly/4jiM1C5.

Националниот акциски план за родова еднаквост за истиот период.[410] Дополнително, Министерството за внатрешни работи, по јавната реакција од граѓанското општество, вклучувајќи ја Националната мрежа против насилство врз жените[411] и Платформата за родова еднаквост,[412] во март ги повлече предлог-измените и дополнувања на Законот за полиција[413] со кои ќе им се дозволеше на полицајци обвинети за семејно насилство да го задржат своето оружје додека трае постапката. Меѓутоа, дополнителна реакција во врска со овој закон имаше и во јули, кога Платформата за родова еднаквост одговори на нацрт-измените на Законот за полиција, кои беа доставени до Собранието, а кои предлагаа укинување на одредбата што обврзува почитување на начелото на еднаквост при вработување во рамките на полицијата. Во одговорот се наведува дека укинувањето на овој член испраќа опасна порака дека родовата еднаквост и инклузивноста се нерелевантни во изградбата на безбедносните институции, а таквиот предлог предизвикува сериозна загриженост поради многубројните случаи на несоодветен третман и неефикасна заштита од страна на полицијата, особено во случаи на родово базирано и семејно насилство.[414]

Во октомври 2024 година новоформираната Институционална група за креирање политики за родовата еднаквост и социјалната инклузија (ГЕСИ) го одржа својот прв координативен состанок, на кој учествуваа претставници на клучните институции за тестирање на алатките на ГЕСИ во рамките на процесот за процена на влијанието на регулативата (ПВР).[415]

Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство и силување извести дека до февруари примила осум барања за надоместок, вклучително и од жртви на сексуална злоупотреба на деца[416] и пушти во употреба интернет-страница со поддршка од мисијата на ОБСЕ во Скопје.[417] До септември, пак, Комисијата извести дека бројот на барања пораснала за седум пати и примила вкупно 54 барања за компензација од жртви на насилство; меѓутоа, одобри само една исплата од 500 евра, додека преостанатите беа одбиени како неосновани (32) или се во тек (21).[418]

410 Министерството за социјална политика, демографија и млади, „Состанок на работна група за подготовка на националниот Акциски план за родова еднаквост 2025-2027", Ресурсен центар за родово одговорно креирање политики и буџетирање, 10 февруари 2025, https://mtspresursencentar.mk/event/meeting-of-the-working-group-for-the-preparation-of-the-national-action-plan-for-gender-equality-2025-2027-2025-02-10.

411 „Реакција на предложените измени на Законот за полиција", Национална мрежа против насилството врз жените и семејно насилство, 27 февруари 2025, https://glasprotivnasilstvo.org.mk/en/reaction-to-the-proposed-amendments-to-the-law-on-police/.

412 „Реакција на предложените измени на Законот за полиција", Платформа за родова еднаквост, 27 февруари 2025, https://bit.ly/3EdYPdq.

413 „МВР ги повлече измените на Законот за полиција кои ги изложуваа на ризик жртвите на семејно насилство", Платформа за родова еднаквост, 4 март 2025, https://bit.ly/4los2TQ.

414 „Реакција на предложените измени на Законот за полиција", Платформа за родова еднаквост, 27 февруари 2025, https://glasprotivnasilstvo.org.mk/reaktsija-na-predlozhenite-izmeni-na-zakonot-za-politsija/.

415 „Формирана институционална група за креирање политики за родова еднаквост", Радио МОФ, 11 октомври 2024, https://www.radiomof.mk/formirana-institucionalna-grupa-za-kreiranje-politiki-za-rodova-ednakvost/.

416 „Проработе Комисијата за паричен надоместок на жртвите на насилство и силување, услов да се побара помош е делото да е пријавено во МВР или во Обвинителство", Сакам да кажам, 8 февруари 2025, https://bit.ly/4i4fP3O.

417 Министерство за правда, „Промовирана интернет-страницата на комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство", 8 февруари 2025, https://pravda.gov.mk/vest/6821.

418 „Од 54 барања за надомест на жртви на насилство и за убиство на блиски, државата одобрила само една исплата од 500 евра", SDK.mk, 29 септември 2025, https://sdk.mk/index.php/neraskazhani-prikazni/od-54-barana-za-nadomest-na-zhrtvi-na-nasilstvo-i-za-ubistvo-na-bliski-drzhavata-odobrila-samo-edna-isplata-od-500-evra/.

Во март, работната група за подобрување и спроведување на стандардната оперативна постапка за центрите за упатување за жртви на сексуално насилство го одржа својот прв состанок.[419] Целта на работната група е да ги идентификува недостатоците и предизвиците во функционирањето на центрите за упатување за жртви на сексуално насилство основани во три јавни здравствени установи – постапки што не се усогласени со Истанбулската конвенција – и, врз основа на тоа, да предложи измени и подобрувања на стандардната оперативна постапка.[420] На почетокот на септември, Националната мрежа за борба против насилството врз жените и семејното насилство, заедно со Хелсиншкиот комитет за човекови права, организираше работилница на која официјално беше формирано мултисекторското тело за следење на случаите на фемицид и обиди за фемицид. Овој чекор беше преземен за да се обезбеди систематски и координиран пристап кон превенцијата и следењето на фемицидот, како и креирање политики за подобра заштита и спречување на родово заснованото насилство.[421] Кон крајот на септември се одржа конститутивната седница на Националното координативно тело за спроведување на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, на која беа презентирани сите документи и активности донесени и спроведени до тој момент.[422]

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесе тужба против Владата и Министерството за здравство пред Основниот граѓански суд Скопје, бидејќи не ги вклучиле земјоделките во одредбата од Законот за здравствено осигурување во која се наведени корисниците на надоместок за породилно отсуство. Иако постои годишна програма за издвојување средства за надоместок за породилно отсуство за земјоделките, сè уште не е постигнато систематско решение по ова прашање.[423]

Во ноември 2024 година на Меѓународниот ден за елиминација на насилството врз жените, Министерството за социјална политика, демографија и млади потпиша Меморандум за соработка со Националниот совет за родова еднаквост, потенцирајќи ја својата заложба за соработка на полето на родовата еднаквост и недискриминација.[424] Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и UN Women, исто така, потпишаа Меморандум за разбирање за зајакнување на жените во руралните заедници и промовирање на родовата еднаквост во земјоделскиот сектор.[425]

419 „Средба на работната група за унапредување на центри за жртви на сексуално насилство", Канал 5, 13 март 2025, https://bit.ly/3XPDnCl.

420 „Потребни се измени на процедурата за пријавување жртви на сексуално насилство", ТВ Телма, 13 март 2025, https://bit.ly/4jqMTUQ.

421 „Опсерваторијата за фемициди: Нов механизам за заштита и превенција", официјална интернет-страница на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, 9 септември 2025, https://glasprotivnasilstvo.org.mk/opservatorijata-za-femitsidi-nov-mehanizam-za-zashtita-i-preventsija/.

422 „Одржана конститутивна седница на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство", официјална интернет-страница на Министерството за социјална политика, демографија и млади, 25 септември 2025, https://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-odrzana-konstitutivna-sednica-na-nacionalnoto-koordinativno-telo-za-implementacija-na-konvencijata-n.nspx.

423 „Поднесена тужба против државата зашто земјоделките немаат породилно отсуство", SDK.mk, 18 јули 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/podnesena-tuzhba-protiv-drzhavata-zashto-zemjodelkite-nemaat-porodilno-otsustvo/.

424 „Лимани и Тодоровска потпишаа меморандум: Преземаме сè за промоција на родовата еднаквост и недискриминација", Слободен печат, 25 ноември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/limani-i-todorovska-potpishaa-memorandum-prezemame-s%d1%90-za-promocija-na-rodovata-ednakvost-i-nediskriminacija/.

425 „Соопштение за печат: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и UN Women потпишаа Меморандум за разбирање за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во земјоделството", официјална интернет-страница на UN Women, 17 октомври 2024 година, https://eca.unwomen.org/en/stories/press-release/2024/10/the-ministry-of-agriculture-forestry-and-water-economy-and-un-women-sign-memorandum-of-understanding-to-advance-equal-opportunities-of-women-and-men-in-agriculture.

## Говор на омраза

Во 2024 година,[426] Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше 1391 пријава за говор на омраза на платформата www.govornaomraza.mk, најмногу по национална (601), етничка (566) и политичка припадност (236), но и по сексуална ориентација и родов идентитет (230). Голем дел од случаите се однесуваат на изборни кампањи, настани поврзани со лезбиски, геј, бисексуални, транс и интерсексуални лица (ЛГБТИК+) заедницата, јавни настани и прослави на етнички симболи. Институциите не постапуваат со должно внимание, во текот на 2024 година поднесени се седум кривични пријави, без конкретни обвиненија. Во првата половина на 2025 година,[427] Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше над 200 случаи на говор на омраза на платформата www.govornaomraza.mk со највисоки бројки во јануари (69) и февруари (74). Најчесто таргетирани се етничките и националните заедници, но во февруари и јуни беше забележан пораст на хомофобичен говор кон ЛГБТИК+ заедницата.

Во август, ОЈО Куманово отвори истрага за говор на омраза поради навредливи и националистички скандирања на дел од навивачите за време на кошаркарскиот натпревар Македонија-Романија во сала во Куманово.[428]

За време на Локалните избори 2025 година, Координативното тело за постапување по Кодексот за однесување во онлајн-просторот спроведе активности насочени кон поттикнување фер и етичка комуникација во дигиталниот простор. За промоција на Кодексот и подигнување на јавната свест беа креирани профили на социјалните мрежи „Фејсбук“ и „Инстаграм“ со пораки и видеа на македонски и албански јазик за значењето на одговорното онлајн-однесување и можноста за поднесување претставки. Во текот на изборниот процес, Телото разгледа осум претставки. Во две претставки беше утврдено прекршување на член 5 од Кодексот поради употреба на дискриминаторски или навредлив јазик од страна на политички кандидати. Активностите укажуваат на зголемена свест за значењето на Кодексот како инструмент за саморегулација и заштита од говор на омраза и манипулативна комуникација во онлајн-просторот за време на избори.[429] Во периодот јуни-јули 2025 година,[430] Хелсиншкиот комитет за човекови права спроведе седум еднодневни обуки за полициски службеници и други вработени во Министерството за внатрешни работи, со цел зајакнување на нивните капацитети за препознавање, документирање и постапување во случаи на говор на омраза.

426 „Состојбата со говорот на омраза во 2024 година“, Хелсиншки комитет за човекови права, 20 јануари 2025, https://mhc.org.mk/reports/sostojbata-so-govorot-na-omraza-vo-2024-godina/.

427 „Состојбата со говорот на омраза во првата половина од 2025 година“, Хелсиншки комитет за човекови права, 29 септември 2025, https://mhc.org.mk/reports/sostojbata-so-govorot-na-omraza-vo-prvata-polovina-od-2025-godina/.

428 „Обвинителството истражува говор на омраза во Куманово за репрезентативниот натпревар Македонија-Романија“, ТВ Телма, 4 август 2025, https://telma.com.mk/2025/08/04/obvinitelstvoto-istrazhuva-govor-na-omraza-vo-kumanovo-za-reprezentativniot-natprevar-makedonija-romanija/.

429 „Придонес кон Извештајот во сенка од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“, 20 ноември 2025 година.

430 „Зајакнување на капацитетите на полициските службеници за постапување во случаи на говор на омраза“, Хелсиншки комитет за човекови права, 25 септември 2025, https://mhc.org.mk/reports/zajaknuvanje-na-kapacitetite-na-policiskite-sluzhbenici-za-postapuvanje-vo-sluchai-na-govor-na-omraza/.

## Дела од омраза

Во последните три месеци на 2024 година,[431, 432, 433] од страна на ХКЧП се забележани вкупно 27 инциденти предизвикани од омраза. Најголемиот број од нив се поврзани со кривичното дело насилство (21 случаи), телесна или тешка телесна повреда (1 случај), оштетување имот (2 случаи), предизвикување на национална, расна, верска омраза, раздор и нетрпеливост (2 случаи), уништување симболи (1 случај) и други.

# ЛГБТИ+

Според истражувањето на Агенцијата за темелни права на Европската унија (ФРА) за ЛГБТИ+ заедницата во Република Северна Македонија[434] објавена во мај, само 21% од анкетираните можат отворено да зборуваат за својот идентитет – далеку под европскиот просек, кој е 51% – додека 74% активно избегнуваат јавни манифестации на наклонетост поради страв од вознемирување. 43% избегнуваат одредени подрачја за да го намалат ризикот од напад. Малтретирањето и дискриминацијата во училиштата дополнително ги маргинализираат ЛГБТИ+ лицата, при што 68% се соочиле со потсмев, навреди или закани поради нивниот идентитет. Образовните институции честопати не успеваат да обезбедат инклузивна средина, бидејќи 63% од учениците го кријат својот идентитет на училиште, додека 61% изјавуваат дека темите поврзани со ЛГБТИ+ никогаш не се опфатени како дел од наставата.

На почетокот на октомври 2024 година, Основниот кривичен суд Скопје донесе пресуда врз основа на признавање вина за насилство извршено поради сексуална ориентација и припадност кон ЛГБТ-заедницата. Кривичното дело од омраза се случило за време на јавен собир во 2022 година, кога обвинетиот ѝ пришол на жртвата, ја навредил и физички ја нападнал. Судот изрече условна казна – едногодишна затворска казна, која нема да се изврши доколку сторителот не стори друго кривично дело во следните три години – како и алтернативна мерка заштитен надзор во траење од две години.[435] Во мај 2025 година, во друг судски предмет, Основниот кривичен суд Скопје донесе пресуда со која осуди едно лице за кривично дело – ширење расистички и ксенофобичен материјал

431 „Месечник за криминалот од омраза – октомври, 2024 година“, Хелсиншки комитет за човекови права, 11 ноември 2025, https://mhc.org.mk/reports/sostojba-so-govorot-na-omraza-mesechen-izveshtaj-za-oktomvri-2024-godina-2/.

432 „Месечник за криминалот од омраза – ноември, 2024 година“, Хелсиншки комитет за човекови права, 17 октомври 2024, https://mhc.org.mk/reports/sostojba-so-govorot-na-omraza-mesechen-izveshtaj-za-noemvri-2024-godina-2/.

433 „Месечник за криминалот од омраза – декември, 2024 година“, Хелсиншки комитет за човекови права, 17 јануари 2025, https://mhc.org.mk/reports/mesechnik-za-kriminalot-od-omraza-dekemvri-2024-godina/.

434 “EU LGBTIQ Survey III – LGBTIQ Equality at a Crossroads: Progress and Challenges – Country Data – North Macedonia” (ЕУ ЛГБТИК истражување III – ЛГБТИК Еднаквост на раскрсница: Напредок и предизвици – Податоци по земји – Република Северна Македонија), Агенција за темелни права на Европската унија (ФРА), https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/lgbtiq_survey-2024-country_sheet-north_macedonia.pdf.

435 „Условна казна за скопјанец кој нападнал припадник на ЛГБТ заедницата“, А1 он, 3 октомври 2024, https://a1on.mk/macedonia/uslovna-kazna-za-skopjanec-koj-napadna-pripadnik-na-lgbt-zaednicata/.

по пат на компјутерски систем. 30-годишен маж доби условна казна од една година за поттикнување омраза кон ЛГБТИ+ заедницата во онлајн-коментари поврзани со Парадата на гордоста одржана во Скопје во 2022 година. Пресудата вклучуваше условна казна и судски надзор, што претставува редок правен одговор на говор на омраза базиран на сексуална ориентација.[436]

Во јули, МОН објави правилник за начинот на пријавување и заштита на ученици кои се жртви на насилство, злоупотреба и запоставување (основно образование),[437] на што Платформата за родова еднаквост излезе со реакција, критикувајќи го Министерството за тоа што не ги приоретизира мерките за справување со насилството, дискриминацијата и исклучувањето во образованието, тврдејќи дека новиот правилник ги нормализира штетните практики, наместо да ги спречува, особено за учениците кои припаѓаат на ЛГБТИ+ заедницата.[438]

Платформата за родова еднаквост имаше проглас пред локалните избори во 2025 година со барање до сите политички партии да донесат достоинствени локални политики за маргинализираните заедници, вклучувајќи ги лезбијките, геј, бисексуалните, трансродовите и интерсексуалните заедници (ЛГБТИ+) и други што се на раскрсницата на социјалната неправда.[439]

По повод Меѓународниот ден на видливост на трансродовите лица, беа обновени повиците за донесување на вонсудска постапка за правно признавање на родот, депатологизација на транс-идентитетите и целосен пристап до здравствено осигурување за сите постапки поврзани со родовата афирмација.[440] На 21 јуни, се одржа шестата по ред Парада на гордоста во Скопје под слоганот „Ќе (оп)стоиме заедно!“,[441] истакнувајќи дека долгоочекуваниот Закон за правно признавање на родот, поднесен од седум пратеници, се држи во фиока веќе две години без јавна дебата или акција, притоа наведувајќи дека ова одложување не е бирократски пропуст, туку „свесна одлука на државата да ја продолжи неправдата против трансродовите лица“.[442]

436 „Обвинет призна вина за ширење омраза кон маргинализирана група“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 8 мај 2025, https://jorm.gov.mk/obvinet-prizna-vina-za-shirene-omraza-kon-marginalizirana-grupa/.

437 „Правилник за начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување (основно образование)“, Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 7 јули 2025, https://arhiva.mon.gov.mk/content/?id=10254.

438 „Реакција: Справувањето со насилството нема свое место во политиките на МОН“, Платформа за родова еднаквост, 12 септември 2025, https://bit.ly/3LK3Hud.

439 „Проглас за претстојните локални избори 2025: Достоинствени локални политики за маргинализираните заедници“, Платформа за родова еднаквост, 5 септември 2025, https://bit.ly/4oyDWLT.

440 Здружението за поддршка на трансродови лица бара целосна заштита на нивните права, Trn.mk, 1 април 2025, https://trn.mk/zdruzhenieto-za-poddrshka-na-transrodovi-licza-bara-czelosna-zashtita-na-nivnite-prava/.

441 „Граѓаните на Скопје Прајд 2025 го кренаа гласот за безбедно образование, правда за Кочани и Палестина“, Радио МОФ, 21 јуни 2025, https://www.radiomof.mk/galerijavideo-gragjanite-na-skopje-prajd-2025-go-krenaa-glasot-za-bezbedno-obrazovanie-pravda-za-kochani-i-palestina/.

442 „Институционално насилство е што две години седи во фиока Законот за правно признавање на родот, рекоа учесниците на скопската Парада на гордоста“, Сакам да кажам, 21 јуни 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/institutsionalno-nasilstvo-e-shto-dve-godini-sedi-vo-fioka-zakonot-za-pravno-priznavane-na-rodot-rekoa-uchesnitsite-na-skopskata-parada-na-gordosta/.

## Роми

Посетата на комесарот за човекови права на Советот на Европа на Република Северна Македонија[443] во април имаше сериозни забелешки во однос на правата на Ромите и правото на здрава животна средина за сите граѓани во Република Северна Македонија. Извештајот го препознава напредокот, вклучително и донесувањето на Стратегијата за вклучување на Ромите 2022-2030 и подобрувањата во запишувањето во основните училишта, но ги истакнува постојаните недостатоци во спроведувањето, континуираната дискриминација, сегрегацијата во училиштата и слабата заштита од полициска злоупотреба. Исто така, нагласува дека ромските заедници се непропорционално изложени на еколошки опасности поради несоодветно домување и управување со отпад. Комесарот посочи до Владата да донесе конкретни мерки за подобрување на условите за живот, пристапот до образование, намалување на ризиците по животната средина и здравје и гарантирање на еднаков пристап до можностите. Во однос на правото на здрава животна средина за сите граѓани, тој ја истакнува неговата суштина како темелно право и како продолжената деградација на животната средина, вклучувајќи го загадувањето, лошото управување со отпадот и недостатокот на делотворно спроведување на прописите за животна средина негативно влијае врз здравјето и благосостојбата на ромското население и на сите граѓани.

Во овој поглед, во април КСЗД утврди дека ЈП „Комунална хигиена“ – Скопје дискриминирало граѓани на општина Шуто Оризари, прекршувајќи го нивното право на здрава животна средина преку несоодветно собирање и транспорт на отпад во општината.[444] Дополнително, во септември, директорот на Дирекцијата за заштита и спасување при Владата на Република Северна Македонија изјави на јавен настап дека ромските семејства што живеат во дивата населба Вардариште треба да бидат иселени „по кратка постапка, ако е потребно и на сила“.[445] Оваа изјава следуваше откако избувна голем пожар на депонијата Вардариште. Народниот правобранител нагласи дека државата мора да бара соодветни и одржливи решенија за домување, наместо да прибегнува кон присилни иселувања, критикувајќи ги јавните изјави во кои се повикува на присилно селење на ромските заедници како стигматизирачки, дискриминаторски и спротивни на Уставот, Стратегијата за вклучување на Ромите 2022-2030 и меѓународното право за човекови права.[446]

443 Комесар за човекови права, “Country Memorandum – Memorandum on the Human Rights of Roma and on Issues Related to the Right to a Clean and Healthy Environment in North Macedonia” (Државен меморандум – Меморандум за човековите права на Ромите и за прашања поврзани со правото на чиста и здрава животна средина во Република Северна Македонија), Совет на Европа, https://rm.coe.int/memorandum-on-north-macedonia-by-michael-o-flaherty-council-of-europe-/1680b6bc39.

444 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Претставка 08-66 (750) од 29.04.2025, 29 април 2025, https://bit.ly/40uddGv.

445 „Стојанче Ангелов ’по кратка постапка и на сила ќе ги сели Ромите од Вардариште‘“ – Шукова со реакција: „Ова е врв на нечовечноста и го открива вистинското лице на оваа власт“, Civil Media, 16 септември 2025, https://civilmedia.mk/stojanche-angelov-po-kratka-postapka-i-na-sila-ke-gi-seli-romite-od-vardarishte-shukova-so-reaktsija-ova-e-vrv-na-nechovechnosta-i-go-otkriva-vistinskoto-litse-na-ovaa-vlast/.

446 „Потребни се решенија за достоинствено домување, а не присилно иселување, вели Народниот правобранител“, 360 степени, 17 септември 2025, https://360stepeni.mk/potrebni-se-reshenija-za-dostoinstveno-domuvane-a-ne-prisilno-iseluvane-veli-narodniot-pravobranitel/.

Невладината организација „Ромалитико“ го објави својот Извештај во сенка за спроведувањето на јавните политики за Роми во Република Северна Македонија за периодот јули 2024 – февруари 2025 година.[447] Во извештајот се заклучува дека ромската заедница продолжува да се соочува со сериозни предизвици, особено во областите на вработување, образование, здравство, домување и граѓанска регистрација. Бројот на регистрирани невработени Роми во АВРСМ е околу 10% (10.388 Роми), а само 472 или 1,3% од децата кои се запишани во јавни градинки во учебната 2024/2025 година се Роми, а 150 од нив се ослободени од партиципација како дел од владините мерки за социјално ранливи семејства.

Во јули беше донесена значајна судска пресуда: Основниот граѓански суд Скопје утврди дека неуспехот на Управата за водење на евиденција да ги интегрира лицата од „посебната матична книга на родени“ во редовната матична книга на родени претставува дискриминација и несразмерно ги погодува Ромите кои како резултат на ова немале пристап до права и услуги.[448] Кон крајот на јули, МОН објави два јавни огласи за учебната 2025-2026 година: еден за ангажирање на 50 ромски образовни медијатори за поддршка во основното образование и нов оглас за ангажирање на 35 медијатори по првпат во средното образование.[449] Во август, Комитетот за човекови права на Обединетите нации (ОН) утврди дека Република Северна Македонија ги прекршила правата на двајца граѓани Роми на граничниот премин кај Табановце. Во два случаи, во 2014 и 2015 година, не им било дозволено да ја напуштат земјата, и покрај тоа што имале важечки пасоши и документација.[450]

Првиот состанок на Националното координативно тело за Стратегијата за Ромите се одржа во февруари.[451] Телото има задача да го надгледува спроведувањето на Стратегијата за Ромите 2022-2030 и да обезбеди меѓуинституционална координација за мерките што ја промовираат инклузијата, еднаквоста и социоекономскиот развој на ромските заедници. Седницата ја потврди посветеноста на владата за унапредување на правата на граѓаните од ромската заедница и за подобрување на ефикасноста на релевантните политики.

447 „Извештај во сенка за имплементацијата на политиките за Роми во Република Северна Македонија“, Romalitico – Roma Policy Analysis, 2025, https://romalitico.org/15/05/2025/vesti/izveshtaj-vo-senka-za-implementaczijata-na-politikite-za-romi-vo-severna-makedonija/.

448 „Клучна судска пресуда за Ромите во ризик од бездржавјанство во Северна Македонија“, Македонско здружение на млади правници, 17 јули 2025, https://myla.org.mk/51418/.

449 „МОН објави два повика за ромски образовни медијатори, за првпат и во средно образование“, Радио МОФ, август 1, 2025, https://bit.ly/4qXSLZY.

450 “UN Human Rights Committee condemns North Macedonia for anti-Roma discrimination at borders” (Комитетот за човекови права на ОН ја осудува Република Северна Македонија за дискриминација на Ромите на границите), European Roma Rights Centre, 27 август 2025, https://bit.ly/49PUmLn.

451 „Салиу: Се одржа првиот состанок на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 24 февруари 2025, https://vlada.mk/node/38358.

Да се зголемат финансиските и човечките ресурси на КСЗД, вклучително и создавање на реални услови за технички развој, теренска работа и системско функционирање;

Да се обезбеди стабилно вработување, обука и распределба на образовни асистенти за реално функционирање на инклузивното образование;

При идните измени на Изборниот законик, да се предвидат посебни и јасно дефинирани одредби за обезбедување пристапност и недискриминаторско учество на лицата со попреченост во изборниот процес, изработени во консултација со организациите на лица со попреченост;

Да се ревидира образовното законодавство за враќање јасни антидискриминаторски одредби;

Да се спроведат постојните закони за спречување и заштита од насилство врз жените и да се воспостави одржлив механизам за справување со фемицид;

Да се воспостават стандардизирани постапки за евидентирање, истраги и кривично гонење говор на омраза, проследени со задолжителни обуки за обвинителството, судството и полицијата;

Да се обезбеди системско решавање на правото на домување на Ромите преку спроведување на транспарентни и недискриминаторски критериуми за социјално домување и инвестирање во безбедна, инфраструктурно опремена и одржлива станбена средина во ромските заедници.

ТАБЕЛА: Клучни институционални индикатори (темелни права)

| Институција/област | Индикатор | Период | Опис |
|---|---|---|---|
| **Европски суд за човекови права (ЕСЧП)** | Вкупно апликации по кои одлучил ЕСЧП | 2024 | 192 апликации против Северна Македонија |
| | Отфрлени/недопуштени апликации | 2024 | 180 отфрлени/недопуштени |
| | Пресуди со повреда | 2024 | 10 пресуди во 12 случаи, утврдени повреди на ЕКЧП |
| | Одлучени апликации | јан.-јули 2025 | 94 апликации |
| | Индекс на апликации на 10.000 жители | 2024 | 2,00 за Северна Македонија во споредба со 1,83 европски просек |
| | Пресуди (раст) | 2024 во споредба со 2023 | Раст на бројот на пресуди за 44% |
| **Народен правобранител – вкупна работа** | Вкупно обработени претставки | 2024 | 3.148 претставки (2.705 нови од 2024; 443 пренесени од 2023 година) |
| | Најмногу повреди – граѓански статус/внатрешни работи | 2024 | 173 случаи (23,28%), 94,80% постапување по препораките на Народниот правобранител |
| | Повреди во правосудство | 2024 | 96 случаи (12,92%), 67,71% стапка на придржување |
| | Повреди – права на потрошувачи | 2024 | 76 случаи (10,23%), 88,16% спроведени препораки |
| | Вкупно претставки | јан.-септ. 2025 | 2.365 претставки (1.844 нови од 2025 година; 443 пренесени од 2024 година) |
| | Најмногу претставки по области | јан.-септ. 2025 | 292 во правосудство; 222 потрошувачки права |
| **Национален превентивен механизам (НПМ)** | Посебен извештај за 2024 | 2024 | Констатира пренатрупаност, недостиг на кадар, слаба инфраструктура, недостиг на здравствена заштита; нема квантитативни бројки, но јасно се маркираат структурни слабости |
| **Тортура – Народен правобранител** | Претставки за тортура/нехуман третман | 2024 | 25 претставки (10 полиција, 15 затворска полиција); плус 6 во однос на 2023 година |

| Институција/област | Индикатор | Период | Опис |
|---|---|---|---|
| **МВР – Внатрешна контрола** | Испитани случаи за незаконито/неетичко постапување | 2024 | 995 случаи |
| | Поднесени кривични пријави | 2024 | 25 пријави за 28 кривични дела |
| | Испитани случаи | јан.-септ. 2025 | 987 случаи |
| | Кривични пријави/дела | јан.-септ. 2025 | 52 пријави за 57 кривични дела |
| | Тренд | 2024 во 2025 | Сличен број предмети, двојно повеќе кривични пријави и посериозни прекршувања/подобрена детекција |
| **Управа за извршување санкции** | Претставки за права/услови во затвори | 2024 | 184 претставки (18 повеќе во споредба со 2023 година) |
| | Претставки за тортура од осудени | последни 6 години | 0 поднесени до Управата (во силен контраст со наодите на НПМ) |
| **Затвор „Идризово“ (пример)** | Лица во приемно одделение | 2024 | 48 осудени во простор за 10 |
| | Однос лекар-затвореници | 2024 | 1 лекар за над 1.300 затвореници |
| **АЗЛП – Агенција за заштита на лични податоци** | Вкупно претставки | 2024 | 249 претставки, од нив 247 поврзани со социјални мрежи; 12 претставки за повреда на правата на децата |
| | Вработени – формално | 2024 | 17 вработени, 3 на раководни позиции |
| | Вработени – октомври 2025 | 2025 | 16 вработени (30% пополнетост од систематизација) |
| | Последици од недостигот | 2024-2025 | Процесирање на прекршочни предмети намалено за 50% |
| **КСЗД – Комисија за спречување и заштита од дискриминација** | Вкупно предмети | 2024 | 485 предмети (407 нови, 78 пренесени од 2023 година) |
| | Одлуки донесени | 2024 | 316 одлуки: 38% утврдување дискриминација, 52% отфрлање/запирање |
| | Од одлуки за дискриминација – утврдена дискриминација | 2024 | 56 случаи (37%) утврдена дискриминација; 96 (63%) – не е утврдена |

| Институција/област | Индикатор | Период | Опис |
|---|---|---|---|
| | Основи – најчесто | 2024 | 27% по национална/етничка припадност; 39% во областа работа и работни односи |
| | Претставки/по службена должност | јан.-септ. 2025 | 319 претставки; 4 предмети по службена должност |
| | Одлуки | јан.-септ. 2025 | 229 одлуки (45 утврдена, 54 неутврдена дискриминација, 130 отфрлени/запрени) |
| | Кадар КСЗД | 2024-2025 | Систематизирани 46 места, пополнети 17 (36%) |
| **ДЗС – деца во судир со законот** | Деца пријавени за кривични дела | 2024 | 486 деца (12,2% повеќе во однос на 2023 година) |
| | Осудени деца | 2024 | 300 деца (2,3% помалку осудени во однос на 2023 година) |
| **АЗЛП – Стратегија и капацитети** | Вработеност и автономија | 2024-2025 | 16-17 лица, 30% пополнетост, зависност од МФ и МИОА и директно негативно за спроведување на Стратегијата 2025-2030 |

ТАБЕЛА: Тематски индикатори (тортура, медиуми, деца, ЛГБТИ, Роми, говор на омраза)

| Тема/група | Индикатор | Период | Опис |
|---|---|---|---|
| **Тортура и малтретирање** | Претставки до Народен правобранител | 2024 | 25 (10 полиција, 15 затворска полиција), плус 6 во споредба со 2023 година |
| | Случаи испитани од Внатрешна контрола (МВР) | 2024 | 995 случаи, 25 кривични пријави/28 дела |
| | Случаи испитани (МВР) | јан.-септ. 2025 | 987 случаи, 52 пријави/57 дела (поостар профил) |
| **Затвори и притвори** | Претставки за права/услови во затвор | 2024 | 184 претставки (плус 18 во споредба со 2023 година) |
| | Пренатрупаност – пример затворот во Идризово | 2024 | 48 лица во приемно одделение за 10, други објекти недоискористени |
| | Здравствена заштита | 2024 | 1 лекар за над 1.300 затвореници |

| Тема/група | Индикатор | Период | Опис |
|---|---|---|---|
| **Деца – права и правда** | Деца во судир со законот | 2024 | 486 пријавени деца (12,2% повеќе од 2023 година); 300 осудени (2,3% помалку од 2023 година) |
| | Образование во ВП дом Тетово | 2024 | 26 деца без никаква настава; 12 неписмени; 7 без основно; 7 без можност за средно |
| | Малолетничка во Идризово | 2024 | 14-годишна држена 22 часа заклучена дневно поради недостиг на посебен објект |
| **АЗЛП – заштита на лични податоци** | Вкупно претставки | 2024 | 249, од кои 247 поврзани со социјални мрежи; 12 за повреда на правата на децата |
| | Структурна ранливост | април 2025 | Кривичен предмет со 43 лица (лажни брзи кредити, злоупотреба на податоци) |
| | Дигитализација на матични книги | 2025 | Само ½ дигитализирани, и покрај 8,5 милиони евра потрошени |
| **Медиуми и слобода на изразување** | Индекс – ранг според „Репортери без граници“ | 2024 | 42. место, пад од 6 позиции |
| | Напади врз новинар(к) и (ЗНМ) | 2024 | 4 случаи (2 кон новинарки) – сите пријавени во МВР, 1 и во ОЈО |
| | Фокус на изборни медиумски трошоци | Локални избори 2025 | 6,5 милиони евра за политичко рекламирање (66% од буџетот на ДИК) |
| | ДИК – регистрирани медиуми за избори | 2025 | 352 барања (33 ТВ, 42 радио, 8 печатени, 246 портали) |
| **Говор на омраза (Хелсиншки комитет за човекови права)** | Пријави за говор на омраза | 2024 | 1.391 пријава на govornaomraza.mk |
| | По основа | 2024 | 601 национална, 566 етничка, 236 политичка, 230 сексуална ориентација/родов идентитет |
| | Кривични пријави | 2024 | 7 кривични пријави |
| | Пријави | прва половина на 2025 | Над 200 случаи (69 во јануари, 74 во февруари; раст на хомофобичен говор во февруари и јуни) |

| Тема/група | Индикатор | Период | Опис |
|---|---|---|---|
| **Дела од омраза** | Инциденти (ХКЧП) | окт.-дек. 2024 | 27 инциденти (21 насилство, 1 телесна/тешка повреда, 2 оштетување имот, 2 ширење омраза, 1 уништување симболи, други) |
| **ЛГБТИ+ (извештај на Агенцијата за темелни права на Европска унија)** | Лица кои можат отворено да зборуваат за идентитет | 2024 | 21% (во споредба со 51% ЕУ просек) |
| | Лица кои избегнуваат јавни изрази на наклонетост | 2024 | 74% |
| | Лица кои избегнуваат одредени подрачја | 2024 | 43% |
| | Лица кои искусиле потсмев/навреди/закани во училиште | 2024 | 68% |
| | Ученици кои го кријат својот идентитет | 2024 | 63% |
| | Ученици за кои ЛГБТИ+ теми никогаш не се споменуваат во настава | 2024 | 61% |
| **Роми – социоекономски податоци („Ромалитико“)** | Регистрирани невработени Роми (АВРСМ) | 2024/25 | 10.388 лица (~10% од регистрираните невработени) |
| | Ромски деца во јавни градинки | уч. 2024/25 | 472 деца (1,3% од запишаните) |
| | Ромски деца ослободени од партиципација | уч. 2024/25 | 150 деца |
| **КСЗД – дискриминација врз Роми** | Општа препорака кон општините | 2025 | Повик за системски мерки за домување, инфраструктура, легализација, услуги за лица во неформални населби (особен фокус на Ромите) |
| **Компензација на жртви – Комисија за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство и силување** | Барања за надоместок | до февруари 2025 | 8 барања (вклучувајќи деца – сексуална злоупотреба) |
| | Барања за надоместок | до септември 2025 | 54 барања; 1 одобрена исплата (500 €); 32 одбиени, 21 во тек |

# Библиографија


24 Вести. „Собранието денеска не ги изгласа новите членови на АВМУ, бидејќи не се постигна двотретинско мнозинство". 13 февруари 2025. https://bit.ly/4i9ZH0L

24 Инфо. „Затвореник од Идризово нападнал чувар". 20 јануари 2025. https://bit.ly/3Ely5HX

24 Инфо. „Истрага против јавен обвинител за злоупотреба на службена положба и малтретирање". 11 ноември 2024. https://bit.ly/40InVtt

24 Инфо. „МВР со кривична пријава за екс началникот на Одделот за воздухопловни единици". 8 јануари 2025. https://bit.ly/44uPc4Q

24 Инфо. „Нападнат затвореник во Идризово". 16 јануари 2025. https://bit.ly/3RIT3DD

24 Инфо. „Осуденик претепал затворски полицаец". 14 јануари 2025. https://bit.ly/4losgug

24 Инфо. „Приведен син на поранешен функционер поради оддавање службена тајна". 29 декември 2024. https://24info.mk/priveden-sin-na-poraneshen-funkczioner-poradi-oddavane-sluzhbena-tajna/

24.mk. „Конститутивна седница на Советот за следење на реформите во правосудството". 10 септември 2025. https://24.mk/details/konstitutivna-sednica-na-sovetot-za-sledenje-na-reformite-vo-pravosudstvoto

24.mk. „Од денеска протести во Кочани во 15 часот, од понеделник и во Скопје". 22 март 2025. https://24.mk/details/od-deneska-protesti-vo-kochani-vo-15-chasot-od-ponedelnik-i-vo-skopje

360 степени. „Антикорупциска се прогласи за ненадлежна за валидноста на ТОЕФЛ сертификатот на Христовски". 24 декември 2024. https://360stepeni.mk/antikoruptsiska-se-proglasi-za-nenadlezhna-za-validnosta-na-toefl-sertifikatot-na-hristovski/

360 степени. „Владата ќе ја прекине постапката за разрешување на Коцевски независно од мислењето од Советот на јавни обвинители". 26 март 2025. https://360stepeni.mk/vladata-ke-ja-prekine-postapkata-za-razreshuvane-na-kotsevski-nezavisno-od-misleneto-od-sovetot-na-javni-obviniteli/

360 степени. „Во МАНУ, МЕПСО и Врховниот суд не се почитува правична застапеност при вработувањето, вели Народниот правобранител". 10 декември 2024. https://360stepeni.mk/vo-manu-mepso-i-vrhovniot-sud-ne-se-pochituva-pravichna-zastapenost-pri-vrabotuvane-veli-narodniot-pravobranitel/

360 степени. „ДИК, ДКСК и ДЗР потпишаа меморандум за соработка во пресрет на локалните избори". 18 септември 2025. https://360stepeni.mk/dik-dksk-i-dzr-potpishaa-memorandum-za-sorabotka-vo-presret-na-lokalnite-izbori/

360 степени. „Ексдиректорите на Онкологија не се чувствуваат виновни за несовесно работење и за финансиски криминал на клиниката". 12 септември 2025. https://360stepeni.mk/eksdirektorite-na-onkologija-ne-se-chuvstvuvaat-vinovni-za-nesovesno-rabotene-i-za-finansiski-kriminal-na-klinikata/

360 степени. „Ексдиректорка на 'Еразмус+', Лидија Димова, осудена на две години затвор за злоупотреба на службената положба". 18 септември 2025. https://360stepeni.mk/eksdirektorkata-na-erazmus-lidija-dimova-osudena-na-dve-godini-zatvor-za-zloupotreba-na-sluzhbenata-polozhba/

